**Општинско Основно училиште “Круме Кепески“, Скопје**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# „Круме Кепески“, општина Кисела Вода, Скопје

# за период од 2022 до 2024 година




Јули, 2024 година

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Круме Кепески“, Скопје |
| Адреса | Ул Христо Татарчев, бр.46 |
| Телефон, e-mail | Тел. 2777-500, 2781-323<br>e-mail: ooukkepeskisk@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Март-јуни 2024 година |
| Број на ученици во училиштето | 730 |
| Број на подрачни училишта | 1 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Павлина Трипуновска |
| Потпис | 10.07.2024 |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Христијан Јанкулоски |
| Потпис | |
| Датум | 10.07.2024 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници;извештаи од стручни соработници за следени планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Нашето училиште му обезбедува навремена обука на секој наставник и стручен соработник за примена на современите методи и техники за планирање на наставата. Обучениот кадар, во рамките на стручните активи на наставниците, врши дисеминација на другите наставници и стручни соработници. Во својата работа која подразбира различни услови, различни контексти и се однесува на најразлични теми, наставниците применуваат современи и креативни техники и методи за планирање, со цел развој и учење низ процес на размена меѓу учениците и наставникот. Сите овие видови планирања наставниците ги прават во согласност со наставните програми одобрени од МОН и во согласност со мисијата и визијата на училиштето, притоа применувајќи го своето искуство, но и интегрирајќи ги новитетите кои ги носи современиот наставен процес. Најголем број од анкетираните наставници (92.86%) се согласуваат дека добиваат обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата, од кои 50.57 % целосно се согласуваат, а 42.29 % се согласуваат. 7.15 % од наставниците не се согласуваат не се согласуваат со ова тврдење. Наставниците, со поддршка од директорот и стручната служба во училиштето, подготвуваат и реализираат квалитетни планирања за наставниот предмет. Директорот и стручната служба со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати во едно полугодие, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација поддршка за подобрување на истите. За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, која се реализира со |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддршка на директорот и стручната служба на училиштето. Она што е од поголема важност е дека поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба и меѓу наставниците, организирани интерни обуки и дисеминации или пак како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат.На прашањето дали директорот и стручната служба ги следат планирањата најмалку двапати во полугодието, сите анкетирани наставници, односно 100% (77.29% целосно се согласуваат и 22.71% се согласуваат) тврдат дека тоа е така. Најголем број од наставниците (98.21%) се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирањето за нивниот наставен предмет/предмети, (71.71% одговорија дека целосно се согласуваат, 26.50% се согласувам). Занемарливи 1.79% одговорија дека воопшто не се согласуваат. |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници;извештаи од стручни соработници за следени планирања. | Размена на искуства и на информации при планирањето | Во училиштето постои отворена соработка и размена на искуства и информации, и истата се реализира на релација наставник-наставник, наставник-приправник, наставник-стручни соработници, наставник-образовен асистент, стручен актив-стручен актив, општинско основно училиште-општинско основно училиште.<br><br>Наставниците најмалку двапати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, што се потврдува од увидот во документацијата за работата на стручните активи, како и од резултатите од спроведената анкета , каде најголем број од наставниците (96%) се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку двапати во полугодието (69.07 % одговорија дека целосно се согласуваат и 26.93 % се согласуваат); само 4% се изјаснија дека не се согласуваат. Наставниците користат стручни искуства и од регионална соработка со други училишта и стручни искуства од различни медиуми. Соработката се состои во организирање средби за размена на искуства, забелешки и идеи во однос на формата и начинот на реализација на наставата, во однос на дефинирање на целите и исходите, како и инструментите за следење на напредокот на учениците, и тоа не само на почетокот на учебната година, туку во текот на целата учебна година, што е особено важно за што поуспешно интегрирање на меѓупредметните цели во образовниот процес. Размената на искуство се прави и на тој начин што наставниците имаат можност да |

| | | |
|---|---|---|
| | | присуствуваат на отворени и нагледни часови, како и преку посебно тесна соработка меѓу наставникот-ментор и наставникот-приправник. Кај најголем број од наставниците, како резултат на размената на искуства, планирањата се подобрени. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители/старатели; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови. | Реализација на наставни планови и програми | Наставата во училиштето се реализира редовно и во пропишаниот обем. Се почитува распоредот на часовите, кој се изработува во консултација со сите наставници, распоредите се видно истакнати на огласната табла во училиштето, на веб страната на училиштето и ги знаат секој ученик и секој родител. Секоја претрпена промена се заведува во електронскиот дневник. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Поголем број од анкетираните родители (79.48%) се согласуваат дека во текот на учебната година нивното дете ги има сите наставни часови согласно распоредот (49.40 % одговорија дека целосно се согласуваат и 30.08 % се согласуваат), додека пак 18.42 % односно занемарливи 1.90 % одговорија дека не се согласуваат, односно воопшто не се согласуват. Како дел од Годишната програма на училиштето е и Проширената програма, која се изработува на почетокот на учебната година од страна на директорот во соработка со стручната служба и наставниот кадар на училиштето. Таа опфаќа: продолжен престој (целодневна настава) за учениците од I-IV одд во централното училиште како и продолжен престој на учениците од I-V одд. во подрачното училиште; исто така вклучува и организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставниот процес и по неговото завршување, како во одделенска така и во предметна настава, прифаќање на учениците во слободните ученички активности и организирање на настава во природа. Грижата за учениците се спроведува меѓу другото и со организирање и постоење на редовни секојдневни дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на наставата и по нејзиното завршување во рамките на училиштето и училишниот двор. |
| Годишна програма за работа на училиштето, Извештаи за работа на | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето;анкети со наставници; ученици, родители/старатели; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; материјали од постапката за определување изборни / слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | | содржани интересите на учениците. Во училиштето постои Постапка за определување слободни изборни предмети и активности/изборни предмети, според која учениците, во соработка со наставниците и со родителите, преку анкетни листови, навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Изборот го прават сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи нуди избор на повеќе предмети. Најголем број од анкетираните родители (92.2%) се согласија дека се запознати со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности, при што кон ова треба да се додадат 5.78% коишто не се согласуваат, и занемарливи 2 % од анкетираните коишто немаат информација по ова прашање. Со тврдењето дека самостојно избираат слободни изборни предмети и активности согласно своите интереси, најголем број од учениците (86%) одговорија дека се согласуваат (54.20 % целосно се согласуваат и 31.70 % се согласуваат); останатите 11,7% не се согласуваат и 1.40 % немаат информација по ова прашање. На истото прашање кај родителите има идентичен процент од 87.26% (59.32% од родителите одговорија дека целосно се согласуваат и 27.94 % се согласуваат), мал број од само 2.90 % не се согласуваат и 3% немаат информација по ова прашање. |
| анкети со наставници; ученици, родители/старатели; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови | Избор на задачи, активности и на ресурси | Од документацијата која се води при увидите во наставата, како и од спроведените анкети се добиваат информаци дека најголем дел од наставниците ги приспособуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците. Во наставата се користат разновидни форми и методи. Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи кои одговараат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците со учениците работат индивидуално, во мали групи или со цела паралелка во зависност од планираните форми. Изборот на задачи и активности со различно ниво на сложеност е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава за учениците да можат да работат со сопствено темпо.Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и |

| | | |
|---|---|---|
| | | техники избрани и прилагодени на нивните потреби.<br><br>Сите наставници  100% од кои 74.64% целосно се согласуваат и 25.36% се согласуваат  се согласуваат дека задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните потреби на секој ученик, а кај родителите поголем број или 72.2 % се согласуваат со истото тврдење дека нивното дете учи со прилагодени задачи и активности на неговите индивидуални потреби, незначителен број од 21.1% не се согласуваат (13.52% не се согласуваат и 7.58% воопшто не се согласуваат, додека  5.5%  немаат информација. На прашањето дали на часовите имаат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) најголем број од учениците или 92.5% се согласуваат, од нив 56.20 % одговориле со Целосно се согласувам и 36.30 % со Се согласувам, незначителен број од 6.1% не се согласни дека е така.<br><br>Сите наставници (100% од кои 69.50 целосно се согласуваат  и 30.50% се согласуваат) одговориле дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. Со истото тврдење се согласуваат и најголем број (83%) од анкетираните ученици (35.80 % целосно се согласуваат и 47.20 % се согласуваат), 15.10 % не се согласни и 1.80 % не знаат. Сите наставници (100%) потврдуваат дека користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. |
| анкети со наставници;<br>ученици,<br>родители/старатели;<br>интервјуа со директорот,<br>стручните соработници;<br>извештаи од посети на наставни часови | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки. Најголемиот број од учениците и родителите имаат процентуално идентичен одговор дека часовите се интересни, се користат разновидни активности за пристојна атмосфера за работа. 35.30 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 48.30 % со Се согласувам што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 84 % одговорија дека наставниците ја прават содржината интересна; останатите проценти се: 14,2% не се согласуваат и 1.10 % немаат информација по ова прашање. На истото прашање најголем број од родителите (83%) сметаат дека часовите се интересни (40.44% од родителите целосно се согласуваат и 42.56 %  се согласуваат),15.44  % одговорија дека не се согласуваат и 1.58 % немаат информација.<br><br>За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до |

| | | |
|---|---|---|
| | | определен заклучок по пат на истражување, изработки,проекти. Учениците учествуваат во активностите на часот.На учениците им се овозможува целосна активност во наставата и имаат можностда го искажат своето мислење при решавање проблеми и одлучување. Учениците се поттикнуваат самостојно да размислуваат и се мотивираат да учествуваат во натпревари, конкурси, разни јавни манифестации, посети на установи и гостувања во медиуми, истите се охрабруваат да преземат лична одговорност. Своите искуства во однос на процесот на учење, своите согледувања, предлози и идеи, учениците имаат можности заеднички да ги дискутираат и вреднуваат преку работата на Училишниот парламент.<br><br>Поголем број од учениците, 74.3%, потврдуваат дека на најголем број од часовите, сите се активно вклучени во наставата (поставуваат прашања, дискутираат, работат во групи). 36.80 % од анкетираните ученици целосно се согласуваат и 37.50 % се согласуваат, 23.7% не се согласни, од нив 19.90 % се изјаснија со Не се согласувам, 3.80 % со Воопшто не се согласувам, а 0.50 % со Немам информација по ова прашање.<br><br>На прашањето дали ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања, сите наставници, односно 100% ( 74.64% целосно се согласуваат и 25.36%  се согласуваат) се изјаснија дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. По истово прашање, најголем број од родителите или 94.34% се задоволни дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите (61 % целосно се согласуваат и 33.34 % се согласуваат; 5.58 % не се согласуваат, а 2.08 % немаат одговор.<br><br>На прашањето дали се поддржувани и мотивирани да учествуваат на натпревари, 41.40 % од анкетираните ученици одговорија дека целосно се согласуваат и 29.80 % се согласуваат, што значи дека повеќе од половината анкетирани, односно 71.2 %позитивно се изјаснија;  18.7 % се изјаснија дека не се согласуваат и 1.6 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Учениците, наставниците и родителите заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Најголем број од учениците (85%) се согласуваат дека наставниците поддржуваат и мотивираат за |

| | | |
|---|---|---|
| | | учество во различни проекти, 14.1 % се изјаснија дека не се мотивирани и 0.6 % немаат информација.<br><br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, остваруваат пријателски однос. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. Сите наставници, односно 100% (84.21% со Целосно се согласувам и 15.79% со Се согласувам) се изјаснија дека ги почитуваат учениците и со почит се однесуваат кон нив.Исто така, сите или 100% (78.21% целосно се согласни и 21.79% согласни) се изјаснија дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците.<br><br>На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните форми, методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Сите наставници, односно 100% (67.29% целосно се согласуваат и 32.71% се согласуваат) се изјаснија дека на нивните часови има интеракција помеѓу учениците.<br><br>Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.<br><br>Најголем број од родителите (94.34%) се согласуваат и се задоволни дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите (61 % целосно се согласуваат и 33.34 % се согласуваат, занемарливи 5.58 % не се согласуваат. |
| Годишна програма за работа на училиштето, Извештаи за работа на училиштето;анкети со наставници; ученици, родители/старатели; интервјуа со директорот, | Планирање и реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Како неопходен дел од планирањето и реализацијата на образовната инклузија, изготвени се низа процедури и постапки со кои се обезбедува поддршка на учениците од сите аспекти; изготвена е Училишна инклузивна политика, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и акциски планови поврзани со |

<table>
<tr>
<td>стручните соработници;<br>извештаи од посети на наставни часови;<br>решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик</td>
<td></td>
<td>реализацијата на Програмата за работа на УИТ. Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. По добиените насоки (иницијалната состојба: јаки страни и интересирања на ученикот, социјални и комуникациски вештини, самостојност и грижа за себе, влијание на надворешното опкружување) наставниците изработуваат ИОП или модифоцирана програма, зависно од препораките на МКФ, со диференцирани цели и очекувани исходи, при што особено внимаваат на стратегиите на прилагодување и прават евалуација на периоди со препораки за наредниот период. Стручните соработници го реализираат процесот на давање индивидуална поддршка на учениците со посебни потреби, кој е насочен кон јакнење на неопходните функции за живот и учење.<br><br>За унапредување на наставата на учениците со попреченост, училиштето активно соработува со надлежниот Ресурсен центар др.Златан Сремац со кој секоја учебна година склучува договор за соработка и се изготвува акциски план за тековната учебна година кој произлегува од меѓусебниот договор за соработка и во кој се содржани видовите на поддршка која училиштето ќе ја добива од Ресурсниот центар и начините на кои таквата поддршка ќе се реализира.<br><br>Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП, за што сведочи долгогодишната вклученост на училиштето во бројни обуки, проекти и активности кои го поддржуваат инклузивното образование. Воспитно-образовниот кадар континуирано посетува обуки понудени од институции кои го поддржуваат инклузивното образование (БРО, УНИЦЕФ, УНДП, МЦГО, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, основни училишта со ресурсен центар, како и онлајн обуки по сопствен избор) и врши дисеминација на обуки.<br><br>Во учебната 2022/2023 година училиштето со преку отворен повик за донации и во соработка со Советот на родители обезбеди средства за санирање на просторијата во која ќе биде сместена сензорната соба, а преку одобрена апликација во проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ организирана од страна на Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ целосно е</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | опремена сензорна соба за работа со ученици со попреченост.<br><br>Во училишниот двор и во училишната зграда има адекватен пристап за лица со попреченост. Поради тоа што пристапот до сите простории на спратовите не е адаптиран, училиштето го прилагодува распоредот на училниците и на часовите на учениците кои имат потреба за тоа.<br><br>Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br><br>Училиштето максимално се ангажира да обезбеди услови учениците со посебни образовни потреби секогаш да бидат вклучени и да учествуваат во воннаставни активности согласно нивните интереси.<br><br>Во училиштето постојано се реализираат работилници со сите ученици за градење на училишна инклузивна култура. Дел од нив се во соработка со институции кои го поддржуваат инклузивното образование, а дел од нив се креирани во самото училиште. Особено сме горди на тоа што изминатите учебни години во училиштето е инициран и реализиран училишен проект „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“ чија цел е изработка на инклузивни нагледни средства кои ќе допринесат за подобра интеракција во наставниот процес, мотивација кај учениците и желба за работа, развивање критичко мислење, откривање на решенија преку решавање на проблемски ситуации, а воедно и помош на наставникот за реализација на поставените стандарди од наставната програма.<br><br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Сите наставници, односно 100% (74.43% целосно се согласуваат и 25.57% се согласуваат) се изјаснија дека успешно соработуваат со образовните асистенти во училиштето.<br><br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација со учениците со посебни образовни потреби, при што постојано се даваат информации на родителите и се вршат консултации со нив кој избор би бил најдобар за ученикот. Во текот на целиот |

| | | |
|---|---|---|
| | | процес се контактира и со училиштата во кои учениците имаат интерес и можности да се запишат или веќе се запишале, а соработката помеѓу Училишните инклузивни тимови се одвива во делот на обезбедување на информации за ученикот во поглед на неговата состојба ( јаки страни и интересирања/ можности на ученикот, потешкотии, функционалности, социјални и комуникациски вештини, самостојност и грижа за себе, влијание на надворешното опкружување), неговиот напредок и препораки за видот на поддршка која досега била давана, давала ефекти и добро би било да се продолжи.<br><br>**Горди сме што добрите практики од нашето училиште за реализација на инклузивните процеси често се модел за другите училишта.  Во делот на инклузија сме лидери на општинско ниво и пошироко и постојан ресурс за училиштата од нашата околина со цел како заедница да ги подобриме инклузивните практики. Во нашето училиште инклузивните практики не се поврзани само  со законските решенија, туку се пракса која со години ја негуваме и во која веруваме. Нашето мото е секое дете да добие еднаква шанса и да стане независен граѓанин кој ќе ја унапредува понатаму нашата општина и држава.** |
| Годишна програма за работа на училиштето, Извештаи за работа на училиштето;анкети со наставници; ученици, родители/старатели; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма на училиштето,  и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН.<br><br>Клучна е улогата на наставниците, програмите за работа на активите, стручните служби, советот на родителите, органите на училиштето за спроведување на активностите за заедничко учење во наставата, заеднички наставни и воннаставни активности на учениците – а сè согласно со концептот за МИО. Наставниците во своите програми имаат планирано самостојни МИО-активности (на наставните часови и воннаставни активности), а заедничките активности со учениците од партнер-училиштето „Мустафа Кемал Ататурк“ од Општина Студеничани се изведуваат согласно Упатството за организација на заеднички наставни часови и |

| | | |
|---|---|---|
| интеграција, вклучително и заеднички наставни часови | | активности, со балансирани „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици, однаставници кои реализираат настава на соодветните наставни јазици. Се реализираат работилници на различни теми, онлајн-активности, ликовни изложби и поетски читања на двата јазика: македонски и труски, музички концерти со училишните оркестри, настапи на хоровите и играорци, спортски натпревари... Значајна е соработката со претставници од Халк Банка и Турската амбасада. Во овие активности учество зедоа сите наставници од прво до деветто одделение, кои како ментори ги организираа учениците за одредена активност. Наставниците од двете училишта постојано соработуваат и заеднички ги организираат претстојните активности. Најголем број од наставниците (94% од кои целосно се согласуваат 62.86% и се согласуваaат 31.36%) реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, само 5.79 % не се согласуваат со ова прашање. На истото прашање, дали нивното дете било вклучено во активност/и реализирани со ученици кои учат на различни јазици, мал број од родителите (42%од кои 20.14 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 22.14 % со Се согласувам), не се согласуваат 30.66%, а 19.86% одговорија дека немаат информација. Поголем број од учениците, (59%) пак, се согласуваат дека биле вклучени во мултикултурна активност; 32.9 % не се согласуваат и 8.50 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Овие поделени мислења се должат на специфичноста на заедничките активности, најчесто во нив учествуваат потребен број ученици во зависност од видот на активноста, бараат обезбедување на директна интеракција меѓу учениците од различни наставни јазици по претходно добиена согласност од родителите.<br><br>Од самостојните МИО-активности значајни се интегрираните часови, работилницата за аматерска фотографија, онлајн-посетата на светските музеи, работилници на часовите по слободни активности. |
| **Индикатор 1.3Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците; разговори | Средина и атмосфера за учење | Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. |

| | | |
|---|---|---|
| во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | | Најголем број од родителите (89/%) училиштето го чувствуваат како безбедна средина за нивното дете (50.12% целосно се согласуваат и 38.54% се согласуваат), незначителен број 11.34%  не се согласуваат (8.02 % целосно, мал процент од само 3.32 % вооопшто не се согласуваат ). Најголем број од родителите или 84% училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за нивното дете . Незначителен број - 12.14 %  не се согласуваат со тоа, а 1.38% немаат информација.<br><br>Врз основа на извршените увиди од страна на стручните соработници на наставните часови, атмосферата во училниците и на наставниот час е пријатна и поттикнувачка. Учениците, без разлика на својот социјален статус, етничка припадност или нивниот пол се мотивирани со различни методски техники активно да учествуваат во наставата и во процесот на стекнување на знаења. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем број од анкетираните родители (87%) од кои 53.90 % одговорија со Целосно се согласувам и 33.24 % со Се согласувам, се задоволни од тоа дека наставниците помагаат давајќи насоки за подобро постигнување резултати; 11.76% не се согласуваат,  а 1.10 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Преку примена на современите методи учениците се поттикнуваат на критичко размислување, самостојност во донесувањето на одлуки и процес на истражувачки активности. Наставниците даваат афирмативни коментари за залагањата на учениците, не ги искажуваат слабите страни пред останатите ученици.<br><br>Сите наставници (100% од кои 88% целосно се согласуваат) редовно ги фалат учениците за постигнатите резултативо учењето, а исто толкав процент наставници (100%) се изјаснија дека редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд. Најголем број од учениците (87%) потврдуваат дека наставниците ги фалат за вложениот труд (53.60 % од анкетираните ученици целосно се согласуваат и 33.30 % се согласуваат). Не се согласуваат 14.2% , а 1.10 % немаат информација по ова прашање. Најголем број од нив (87.3%) одговорија дека наставниците ги пофалуваат за постигнатите резултати. 11.9% не се согласуваат со ова, а 2.3 % немаат информација. Идентично мислат и родителите, најголем број од нив односно 89.8 % се задоволни од тоа што нивното дете е пофалувано на часовитеза постигнатите |

| | | |
|---|---|---|
| | | резултати ; 9.8% не се согласуваат и 1.10% немаат одговор.Уште повисок процент (90.92%) се задоволни што вложениот труд се вреднува и учениците се пофалуваат (53.44 % одговорија со Целосно се согласувам и 37.48 % со Се согласувам)незначителен број од 8.18 % не се согласуваат, а 0.90 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Исто така учениците се поттикнувани од страна на наставниците да учествуваат на натпревари, конкурси и други јавни манифестации според нивните желби, интереси и способности.При посета на различни установи од едукативен карактер учениците се охрабруваат да преземат лична и колективна одговорност. Во ученичкиот парламент учениците на демократски начин дискутираат и даваат свои предлози и идеи за подобрување на процесот за учење.<br><br>Трудовите на учениците од нивните секојдневни наставни и воннаставни активности се изложени во самите училници интерно или екстерно на ниво на училиште – на училишните паноа од различни области. При изложувањето на трудовите на учениците се води особена грижа да бидат застапени двата пола, од сите етнички групи и различните способности за учење. |
| Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниците и стручните соработници сесрдно се трудат систематски да ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, да дадат поддршка за нивно задоволување преку обезбедување на пријатен простор, современи нагледни наставни средства и соодветни наставни методи и техники. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни методи и техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.Насочувањето на наставникот за извршување на задачите на часот одстрана на учениците е различно. Најголем број од учениците (89.3%) од кои 65.60 % одговорија дека целосно се согласуваат и 23.70 % се согласуваат, одговорија дека кога нешто не знаат слободно можат да им се обратат на наставниците за помош; занемарливи4.5% се изјаснија дека не се согласувам, 3.6 % воопшто не се согласуваат и 2 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Наставниците и стручната служба на училиштето обезбедува поддршка и на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето за подигнување на нивото на |

| | | |
|---|---|---|
| | | мотивација за учење, активности за јакнење на самодовербата на учениците, примена на техники за поуспешно учење и активно вклучување во целокупниот процес на наставата. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/старателите | Училишна политика за оценување | Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Постои Програма за следење на постигнувањата и оценувањето на учениците, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето, постапки за оценување на учениците, акционен план, етички кодекс за оценување, критериуми за оценување по предмети и Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците. Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството.  Ваквите средби најчесто вродуваат со плод, учениците се мотивираат и го подобруваат својот успех. Најголем број од родителите (96% од кои 62.40% целосно се согласуваат и 33.94% се согласуваат) редовно се известени за постигнувањата на своето дете (не само на полугодие и на крајот на годината), само занемарливи 3.66 % се изјаснија дека не  се согласуваат. Исто така, најголем процент од родителите (90.28%)  ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигнувањата на своето дете (47.26 % целосно се согласуваат, 43.02 % сесогласуваат).Незначителен број, 7.74 % не се согласни. Најголем број од учениците (85%) се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување. 42.40 % од анкетираните ученици одговорија дека целосно се согласуваат и 42.80 % се согласуваат, незначителни12.8% несе согласуваат и 1.80 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Училиштето на ниво на стручните активи има изградени критериуми за оценување усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми  по секој наставен предмет наставниците ги користат за оценување на учениците, јавно се истакнати во секоја училница и со нив се запознати учениците и родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Најголем процент од родителите (84%) се согласуваат дека се запознати со критериумите за оценување по секој предмет( 48.24% одговорија дека целосно се согласуваат и 36.16 % се согласуваат), незначителен процент од 21.66% не се согласуваат, а 5.90 % немаат информација по ова прашање.И најголем број од учениците (85%) се согласуваат ( 55.10% целоснои 29.90 % сесогласуваат) дека се информирани од страна на наставниците што треба да знаат за секоја оценка; 14.8% не се согласуваат. Сево ова го потврдуваат и наставниците кои 100% потврдно одговориле дека ги запознаваат учениците со тоа што треба да знаат и умеат за секоја оценка.<br><br>Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Наставниците објаснуваат зошто секој ученик ја добил оценката. Најголем број од учениците (86%) се согласуваат дека наставниците ја образложуваат ставената оценка ; 13.1% не се согласуваат и 0.20 % немаатинформација по ова прашање. Исто така, сите наставници (100% од кои 78.21% целосно се согласуваат и 21.79% се согласуваат) се изјаснија дека на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да напредуваат, да ги постигнат сопствените очекувања.<br><br>Поголем број од учениците -70,96%  потврдуваат дека оценувањето на сите ученици е праведно (40.78 % од анкетираните ученици целосно се согласуваат и 30.18 % се согласуваат)  19.78% не се согласуваат, 7.88% воопшто не се согласуваат и 1.38 % немаат информација. |
| Користени инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/старателите; инструменти за | Методи, форми и инструменти на оценување | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Секој наставник во тематското планирање има изработено критериуми за оценување со кои се запознаени учениците и родителите.<br><br>Наставниците користат разни методи за оценување на учениците и континуирано го следат и оценуваат нивниот напредок (формативно и сумативно оценување).Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања преку пишана и усна информација како и преку сумативни оценки. Со примена на формативното оценување учениците имаат информација и насоки како да го подобрат својот напредок во учењето. Се |

| | | |
|---|---|---|
| индивидуализирани начини на проверка | | вреднуваат тековните постигања на учениците и на тој начин се овозможува наставниците да ги планираат идните активности. Напредокот на учениците во учењето наставниците го следат преку формативното и сумативното оценување и притоа користат различни форми и методи: усна и писмена повратна информација за постигнатото, тематски тестови, контролни задачи, писмени работи, оценување на самостојна истражувачка работа, изведбени активности, проектни активности, водење портфолија и сл. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл. Сите наставници (100%) применуваат различни начини на оценување. (80.64% одговориле дека целосно се согласуваат и 19.36% се согласуваат).<br><br>Најголем дел од учениците - 95% ,(од нив 75.90 % целосно се согласуваат и 19.10 % се согласуваат) се согласуват дека наставниците користат различни начини за проверка на нивните знаења, занемарливи 2.9 % се изјаснија дека не се согласуваат и 0.70 % дека немаат информација по ова прашање.<br><br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето, кои соработуваат со наставниците за унапредување на инструментите за оценување.<br><br>Сите наставници, односно 100% (84.21% со Целосно се согласувам и 15.79% со Се согласувам) се изјаснија дека им даваат насоки на учениците за поуспешно учење. |
| Анализи на постигнувањата на учениците | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината изнесува 0,9. |
| Записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со наставниците | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Оценувањето на учениците наставниците го користат за да ја оценат и својата работа во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци за работа. Резултатите од оценувањето на учениците влијаат на понатамошното планирање и реализирање на наставата на дневно, периодично и годишно ниво, изнаоѓање нови форми и методи за работа, како и соодветно планирање и реализирање на дополнителната и додатната настава. |
| **Индикатор 1.5 Вонннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа; Извештаи за | Обем и разновидност на | Во нашето училиште се планираат и реализираат вонннаставни активности |

| | | |
|---|---|---|
| работата на училиштето; програми за вонннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.; акциски план за правата на детето. | планираните и реализираните воннаставни активности | прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците, кои подоцна влијаат врз развој на нивната личност и градење на поголема самодоверба и афирмација. Активностите се планираат и одржуваат во согласност со надареноста, способноста, потребите и желбите на учениците, подеднакво достапни за сите ученици без разлика на полот.<br><br>Поголем број од родителите -69.46% (од кои 35.66 % одговорија дека целосно се согласуваат и 33.80 % се согласуваат) сметаат дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности според интересите (клубови, проекти и сл.), 22.88% не се согласуваат и 7.64% немаат информација.<br><br>Најголем број од анкетираните ученици -84% - (42.00 % од ученици одговорија со Целосно се согласувам и 42.40 % со Се согласувам) одговорија дека имаат избор на различни воннаставни активности; 10.80% не се согласуваат и5 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.<br><br>Најголем број од родителите -79.44% ( од кои целосно се согласуваат 39.04%, и 40.4% се согласуват) сметаат дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности според интересот и индивидуалните потреби, 15.58% не се согласни, немаат информација 5%. И поголем број од учениците -76% се согласуваат дека се вклучуваат доброволно, 16.10% не се согласуваат и 6.10 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Најчесто се реализираат акции (еколошки и хуманитарни), вонучилишни активности (излети, екскурзии, гостувања, посети)и секции (најчесто за проширување на знаењата, спортски и културно-уметнички). Во нив се вклучени и најмногу ученици. Преку овие активности училиштето се афирмира во локалната средина. |
| Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности; | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.<br>Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност.<br>Најголем број од родителите -79.44% ( од кои целосно се согласуваат 39.04%, и 40.4% се согласуват) сметаат дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности според интересот и индивидуалните потреби, 15.58% не се согласни, |

| | | |
|---|---|---|
| записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во вонаставни активности | | немаат информација 5%.<br><br>Во училиштето се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на вонаставните активности.<br>Реализирани се еколошки трибини и акции, проектни еко-активности за рециклирање и здрава храна во соработка со Пакомак. Одржани се новогодишни и велигденски хуманитарни базари. Значајна е соработката со Црвениот Крст, постојаните посети на нивни претставници, вклученоста во акции за дарување крв, како и во хуманитарната собирна по повод Месецот за борба против гладта.<br>Значајна е и имплементацијата на ПХВ програмата (Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности), проект преку кој младите волонтери стекнуваат соодветна едукација за:препознавање на потребите на заедницата, изработка на проекти и самостојно организирана пракса на терен, преку директна помош на ранливото население. Со хуманитарна собирна новогодишна акција собраните средства беа наменети за изградба на сензорната соба во училиштето.<br>Учениците учествуваа и во организирање хуманитарен турнир во кошарка во салата на училиштето Невена Георгиева Дуња.<br><br>Во нашето училиште во вонаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби, како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус без разлика на пол или нивната етничка припадност. |
| Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за вонаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во вонаставни активности | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонаставните активности | Учениците се запознати со вонаставните активности што се нудат во училиштето.<br>Во училиштето се реализираат вонаставни активности предложени од учениците.<br>Учениците се вклучуваат во вонаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Поголем број од учениците -76% (од кои целосно се согласуваат 40.80% и се согласуваат 35.80%) се согласуваат дека во вонаставните активности се вклучуваат по нивен избор, 16.10% не се согласуваат и 6.10 % немаат информација по ова прашање.<br><br>Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за вонаставни активности. Најголем број од наставниците – 86% ( од кои целосно се согласуваат 29.64%, а се согласуваат 51.21% ) планот за вонаставни активности го изготвуваат заедно со учениците. 13.57% не се согласуваат. Поголем број од учениците -61%, се согласиле дека се вклучени во подготвувањето и планирањето на вонаставните активности (32.50 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласувам и 28.60% со Се согласувам), 23.2% се изјаснија дека не се согласуваат и 5.10 % дека немаат информација по ова прашање. |
| Годишна програма за работа; Извештаи за работата на училиштето; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво.<br><br>На училишно ниво за селекција се одржуваат натпревари по Англиски јазик, Природни науки, Натпревар во раскажување, Географија, меѓуодделенски натпревари во различни спортови. На општинско ниво учениците учествуваат на натпревари по Математика, Англиски јазик, Биологија, Физика, Хемија, Природни науки, Географија, Македонски јазик, шах, прва помош, Млади библиотекари и сл. Одлична е соработката со Општината во промовирање на спортот, учениците учествуваат во меѓуучилишни натпревари и првенства во: одбојка, ракомет, футсал, кошарка. На регионално ниво, покрај истакнатите наставни предмети, се вклучуваат на регионални смотри, во натпревар за вокални солисти, Денови на електрониката, регионални првенства во спорт.  Неретко нашите ученици се квалификуваат и за учество на државни натпревари по општествените и природните науки, државни спортски првенства со училишните екипи, натпревар во бадмингтон, а од особени значење е и учеството на меѓународните натпревари за информатика- Дабар и за математика – Кенгур.<br><br>Учениците учествуваат и во други активности со натпреварувачки карактер: изложби, иновациски предизвици, фестивали, литературни и ликовни конкурси распишани од училиштето, локалната заедница, здруженија на граѓани, организации, културни домови, институции и сл.<br><br>На прашањето дали се поддржувани и мотивирани да учествуваат на натпревари, 41.40 % од анкетираните ученици одговорија дека целосно се согласуваат и 29.80 % се согласуваат, што значи дека повеќе од половината анкетирани, односно 71.2 %позитивно се изјаснија;  18.7 % се изјаснија дека не се согласуваат и 1.6 % немаат информација по ова прашање. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| -Нашето училиште му обезбедува навремена обука на секој наставник и стручен соработник за примена на современите методи и техники за планирање на наставата. Обучениот кадар, во рамките на стручните активи на наставниците, врши дисеминација на другите наставници и стручни соработници. Во својата работа која подразбира различни услови, различни контексти и се однесува на најразлични теми, наставниците применуваат современи и креативни техники и методи за планирање, со цел развој и учење низ процес на размена меѓу учениците и наставникот. За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати во едно полугодие, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација  поддршка за подобрување на истите. Она што е од поголема важност е дека поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба и меѓу наставниците.<br><br>- Наставниците користат стручни искуства организирани интерни обуки и дисеминации или пак како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат, но и од регионална соработка со други училишта и стручни искуства од различни медиуми. Соработката се состои во организирање средби за размена на искуства, забелешки и идеи во однос на формата и начинот на реализација на наставата, во однос на дефинирање на целите и исходите, како и инструментите за следење на напредокот на учениците, и тоа не само на почетокот на учебната година, туку во текот на целата учебна година, што е особено важно за што поуспешно интегрирање на меѓупредметните цели во образовниот процес. Размената на искуство се прави и на тој начин што наставниците имаат можност да присуствуваат на отворени и нагледни часови, како и преку посебно тесна соработка меѓу наставникот-ментор и наставникот-приправник. Кај најголем број од наставниците, како резултат на размената на искуства, планирањата се подобрени, а сите наставници промовираат заемно почитување и меѓусебна соработка.<br><br>-Наставата во училиштето  се реализира редовно и во пропишаниот обем. Училиштето навремено ги информира членовите на Советот на родители за секоја промена. Се почитува распоредот на часовите, кој се изработува во консултација со сите наставници,   распоредите се видно  истакнати на огласната табла во училиштето, на веб-страницата на училиштето и ги знаат секој ученик и секој родител. Секоја претрпена промена се заведува во електронскиот дневник. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.<br><br>-Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во училиштето |

постои Постапка за определување слободни изборни предмети и активности/изборни предмети, според која учениците, во соработка со наставниците и со родителите, преку анкетни листови, навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Изборот го прават сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи нуди избор на повеќе предмети.

-Целите, задачите, активностите и ресурсите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. Сево ова овозможува интеракција на повеќе релации.Изборот на задачи и активности со различно ниво на сложеност е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, односно се применува диференцијација на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники избрани и прилагодени на нивните потреби.

- Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки. Интеракцијата не е само на релација наставник-ученик, туку и на релација ученик-ученик. За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до одреден заклучок по пат на истражување, изработки,проекти. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, остваруваат пријателски однос. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните форми, методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

-Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Како неопходен дел од планирањето и реализацијата на образовната инклузија, изготвени се низа процедури и постапки со кои се обезбедува поддршка на учениците од сите аспекти; изготвена е Училишна инклузивна политика, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и акциски планови поврзани со реализацијата на Програмата за работа на УИТ. Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, а стручните соработници го реализираат процесот на давање индивидуална поддршка на учениците со посебни потреби, кој е насочен кон јакнење на неопходните функции за живот и учење.

За унапредување на наставата на учениците со попреченост, училиштето активно соработува со надлежниот Ресурсен центар др.Златан Сремац со кој секоја учебна година склучува договор за соработка и се изготвува акциски план за тековната учебна година кој произлегува од меѓусебниот договор за соработка и во кој се содржани видовите на поддршка која училиштето ќе ја добива од Ресурсниот центар и начините на кои таквата поддршка ќе се реализира.

Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП, за што сведочи долгогодишната вклученост на училиштето во бројни обуки, проекти и активности кои го поддржуваат инклузивното образование. Воспитно-образовниот кадар континуирано посетува обуки понудени од институции кои го поддржуваат инклузивното образование (БРО, УНИЦЕФ, УНДП, МЦГО, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, основни училишта со ресурсен центар, како и онлајн обуки по сопствен избор) и врши дисеминација на обуки.

Во учебната 2022/2023 година  училиштето со  преку отворен повик за донации и во соработка со Советот на родители обезбеди средства за санирање на просторијата во која ќе биде сместена сензорната соба, а преку одобрена апликација во проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ организирана од страна на Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ целосно е  опремена сензорна соба за работа со ученици со попреченост.

Во училишниот двор и во училишната зграда има адекватен пристап за лица со попреченост. Поради тоа што пристапот до сите простории на спратовите не е адаптиран, училиштето го прилагодува распоредот на училниците и на часовите на учениците кои имат потреба за тоа.

Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.

Училиштето максимално се ангажира да обезбеди услови учениците со посебни образовни потреби секогаш да бидат вклучени и да  учествуваат во вонпаставни активности согласно нивните интереси.

Во училиштето постојано се реализираат работилници со сите ученици за градење на училишна инклузивна култура. Дел од нив се во соработка со институции кои го поддржуваат инклузивното образование, а дел од нив се креирани во самото училиште. Особено сме горди на тоа што изминатите  учебни години во училиштето е инициран и реализиран училишен проект „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“ чија цел е изработка на инклузивни нагледни средства кои ќе допринесат за подобра интеракција во наставниот процес, мотивација кај учениците и желба за работа, развивање критичко мислење, откривање на решенија преку решавање на проблемски ситуации, а воедно и помош на наставникот за реализација на поставените стандарди од наставната програма.

Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Сите наставници успешно соработуваат со образовните асистенти во училиштето.

Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација со учениците со посебни образовни потреби, при што постојано се даваат информации на родителите и се вршат консултации со нив кој избор би бил најдобар за ученикот. Во текот на целиот процес се контактира и со училиштата во кои учениците имаат интерес и можности да се запишат или веќе се запишале, а соработката помеѓу Училишните инклузивни тимови се одвива во делот на обезбедување на информации за ученикот во поглед на неговата состојба ( јаки страни и интересирања/ можности на ученикот, потешкотии, функционалности, социјални и комуникациски вештини, самостојност и грижа за себе, влијание на надворешното опкружување), неговиот напредок и препораки за видот на поддршка која досега била давана, давала ефекти и добро би било да се продолжи.

**Горди сме што добрите практики од нашето училиште за реализација на инклузивните процеси често се модел за другите училишта. Во делот на инклузија сме лидери на општинско ниво и пошироко и постојан ресурс за училиштата од нашата околина со цел како заедница да ги подобриме инклузивните практики. Во нашето училиште инклузивните практики не се поврзани само со законските решенија, туку се пракса која со години ја негуваме и во која веруваме. Нашето мото е секое дете да добие еднаква шанса и да стане независен граѓанин кој ќе ја унапредува понатаму нашата општина и држава.**

- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма на училиштето, и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН.

Учениците, заедно со наставниците, стручната служба и Советот на родители редовно спроведува активностите за заедничко учење во наставата, заеднички наставни и воннаставни активности на учениците согласно концептот за МИО. Наставниците во своите програми имаат планирано самостојни МИО-активности (на наставните часови и воннаставни активности), а заедничките активности се реализираат со учениците од партнер-училиштето „Мустафа Кемал Ататурк" од Општина Студеничани. **Иако најголем број од наставниците тврдат дека реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, мал број од родителите (42%) и поголем број од учениците, (59%) се согласуваат дека биле вклучени во мултикултурна активност. Овие поделени мислења се должат на специфичноста на заедничките активности, најчесто во нив учествуваат конкретен/ потребен број ученици во зависност од видот на активноста и бараат обезбедување на директна интеракција меѓу учениците од различни наставни јазици по претходно добиена согласност од родителите.** Од самостојните МИО-активности значајни се интегрираните часови, работилницата за аматерска фотографија, онлајн-посетата на светските музеи, работилници на часовите по слободни активности.

-Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Атмосферата во училниците и на наставните часови е пријатна и поттикнувачка. Учениците, без разлика на својот социјален статус, етничка припадност или нивниот пол се мотивирани со различни методски техники активно да учествуваат во наставата и во процесот на стекнување на знаења, самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Преку примена на современите методи учениците се поттикнуваат на критичко размислување, самостојност во донесувањето на одлуки и процес на истражувачки активности. Наставниците даваат афирмативни коментари за залагањата на учениците, не ги искажуваат слабите страни пред останатите ученици и редовно ги фалат учениците за постигнатите резултати во учењето. Трудовите на учениците од нивните секојдневни наставни и воннаставни активности се изложени во самите училници интерно или екстерно на ниво на училиште – на училишните паноа од различни области. При изложувањето на трудовите на учениците се води особена грижа да бидат застапени двата пола, од сите етнички групи и различните способности за учење.

-Наставниците и стручните соработници сесрдно се трудат систематски да ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, да дадат поддршка за нивно задоволување преку обезбедување на пријатен простор, современи нагледни наставни средства и соодветни наставни методи и техники. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни

интерактивни методи и техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Наставниците и стручната служба на училиштето обезбедува поддршка и на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето за подигнување на нивото на мотивација за учење, активности за јакнење на самодовербата на учениците, примена на техники за поуспешно учење и активно вклучување во целокупниот процес на наставата.

-Оценувањето и вреднувањето на учениците е важен сегмент во образовниот процес на секој ученик. Во таа насока се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. **За истакнување е тоа што наставниците го користат оценувањето за да го проценат својот труд во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци во сопствената наставна практика.** Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците постапуваат според Постапката за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.

-Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Постои Програма за следење на постигнувањата и оценувањето на учениците, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето, постапки за оценување на учениците, акционен план, етички кодекс за оценување, критериуми за оценување и Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците. Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството. Училиштето на ниво на стручните активи има изградени критериуми за оценување усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми по секој наставен предмет наставниците ги користат за оценување на учениците, јавно се истакнати во секоја училница и со нив се запознати учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

- Наставниците користат разни методи за оценување на учениците и континуирано го следат и оценуваат нивниот напредок (формативно и сумативно оценување). Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања преку пишана и усна информација како и преку сумативни оценки. Со примена на формативното оценување учениците имаат информација и насоки како да го подобрат својот напредок во учењето. Се вреднуваат тековните постигања на учениците и на тој начин се овозможува наставниците да ги планираат идните активности. Напредокот на учениците во учењето наставниците го следат преку формативното и сумативното оценување и притоа користат различни форми и методи: усна и писмена повратна информација за постигнатото, тематски тестови, контролни задачи, писмени работи, оценување на самостојна истражувачка работа, изведбени активности, проектни активности, водење портфолија и сл., а инструментите за оценување се постојано унапредувани во соработка со стручната служба на училиштето. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.

-Континуитетот на успех на учениците во последните три учебни години изнесува 0,90.

- Оценувањето на учениците наставниците го користат за да ја оценат и својата работа во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци за работа. Резултатите од оценувањето на учениците влијаат на понатамошното планирање и реализирање на наставата на дневно, периодично и годишно ниво, изнаоѓање нови форми и методи за работа, како и соодветно планирање и реализирање на дополнителната и додатната настава.

-Во нашето училиште се планираат и реализираат воннаставни активности прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците, кои подоцна влијаат врз развој на нивната личност и градење на поголема самодоверба и афирмација. Активностите се планираат и одржуваат во согласност со надареноста, способноста, потребите и желбите на учениците, подеднакво достапни за сите ученици без разлика на полот. Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко.

Во нашето училиште во воннаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби, како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус без разлика на пол или нивната етничка припадност.

Учениците се запознати со воннаставните активности што се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

-Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на бројни натпревари и конкурси од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) . **Особено сме горди на тоа што нашите ученици постигнуваат значајни резултати на општинските, регионалните и државните натпревари и конкурси.**

**Силни страни**

- Училиштето обезбедува навремена обука за секој наставник и стручен соработник за примена на современите методи и техники за планирање на наставата. Обучениот кадар, во рамките на стручните активи на наставниците, врши дисеминација на другите наставници и стручни соработници.

- За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати во едно полугодие, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација поддршка за подобрување на истите. Она што е од поголема важност е дека поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба.

- Наставниците разменуваат стручни искуства од организирани интерни обуки и дисеминации, но и од регионалната соработка со други

училишта и стручни искуства од различни медиуми на средбите на стручните активи најмалку двапати во полугодието. Кај најголем број од наставниците, како резултат оваа размена, планирањата се подобрени, а сите наставници промовираат заемно почитување и меѓусебна соработка.

- Наставата во училиштето се реализира редовно и во пропишаниот обем. Училиштето навремено ги информира членовите на Советот на родители за секоја промена. Се почитува распоредот на часовите, кој се изработува во консултација со сите наставници, распоредите се видно истакнати на огласната табла во училиштето, на веб-страницата на училиштето и ги знаат секој ученик и секој родител. Секоја претрпена промена се заведува во електронскиот дневник. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.

- Во училиштето постои Постапка за определување слободни изборни предмети и активности/изборни предмети, според која учениците, без дискриминација, во соработка со наставниците и со родителите, преку анкетни листови, навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи нуди избор на повеќе предмети.
- Во училиштето целите, задачите, активностите и ресурсите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците, се применува и диференцијација на наставата.

- Учениците на часовите имаат можност да учат на различни начини (учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. ). За учениците со ПОП се користат ссоодветни методи и техники.

- Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. На најголем број од часовите постои интеракција меѓу наставникот и учениците и учениците можат слободно да се поставуваат прашања.

- Во училиштето се изготвени низа процедури и постапки со кои се обезбедува поддршка на учениците од сите аспекти; изготвена е Училишна инклузивна политика, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и акциски планови поврзани со реализацијата на Програмата за работа на УИТ.
- Училиштето активно соработува со надлежниот Ресурсен центар „ д-р Златан Сремац“ со кој секоја учебна година склучува договор за соработка и се изготвува акциски план за тековната учебна година, со цел унапредување на наставата на учениците со попреченост.
- Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП, за што сведочи долгогодишната вклученост на училиштето во бројни обуки, проекти и активности кои го поддржуваат инклузивното образование. Воспитно-образовниот кадар континуирано посетува обуки понудени од институции кои го поддржуваат инклузивното образование (БРО, УНИЦЕФ, УНДП, МЦГО, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, основни училишта со ресурсен центар, како и онлајн- обуки по сопствен

избор) и врши  дисеминација на обуки.

- Во  училиштето,  преку отворен повик за донации и во соработка со Советот на родители, целосно е  опремена сензорна соба за работа со ученици со попреченост.
- Во училиштето се обезбедени услови учениците со ПОП секогаш да бидат вклучени во вонннаставни активности согласно нивните интереси. Инициран е и реализиран училишен проект „Големите рачиња создаваат за малите прваčиња“ чија цел е изработка на инклузивни нагледни средства кои ќе допринесат за подобра интеракција во наставниот процес,
- Сите наставници успешно соработуваат со образовните асистенти во училиштето.
- Во училиштето инклузивниот тим работи и на професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби, во соработка со средните училишта, при што постојано се даваат информации на родителите и се вршат консултации со нив кој избор би бил најдобар за ученикот.
- Добрите практики од  училиштето за реализација на инклузивните процеси често се модел за другите училишта.  Во делот на инклузијата, училиштето е лидер во Општината и пошироко  и постојан ресурс за училиштата од нашата околина со цел како заедница да се подобрат инклузивните практики.
- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма на училиштето,  и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН.
- Училиштето  е безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.
- Наставниците и стручните соработници  систематски  ги идентификуваат  индивидуалните образовни потреби на учениците, даваат поддршка за нивно задоволување  преку обезбедување пријатен простор, современи нагледни наставни средства и соодветни наставни методи и техники.
- Наставниците и стручната служба на училиштето обезбедува поддршка и на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето за подигнување на нивото на мотивација за учење, активности за јакнење на самодовербата на учениците, примена на техники за поуспешно

учење и активно вклучување во целокупниот процес на наставата.

- Во училиштето се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување.
- Наставниците го користат оценувањето за да го проценат својот труд во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци во сопствената наставна практика.
- Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците и стручната служба постапуваат според Постапката за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.
- Во училиштето постои Програма за следење на постигнувањата и оценувањето на учениците, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето, постапки за оценување на учениците, акционен план, етички кодекс за оценување, критериуми за оценување и Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците. Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството.
- Училиштето на ниво на стручните активи има изградени критериуми за оценување по секој наставен предмети, истите се јавно се истакнати во секоја училница и со нив се запознати учениците и родителите.
- Во училиштето Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).
- Во училиштето се планираат и реализираат воннаставни активности прилагодени според возраста, потребите и интересите на учениците.
- Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.
- Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко.
- Во воннаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби, како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус без разлика на пол или нивната етничка припадност.
- Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво.
- Учениците постигнуваат значајни резултати на општинските, регионалните и државните натпревари и други активности со натпреварувачки карактер: изложби, иновациски предизвици, фестивали, литературни и ликовни конкурси и сл.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>• Во училишниот двор и во училишната зграда има адекватен пристап за лица со попреченост, но пристапот до сите простории на спратовите не е адаптиран.<br>• Недоволна информираност на родителите и учениците за начиниот на вклучување и реализирање на МИО-активностите. |
| **Приоритети**<br>• **Адаптирање на пристапот до сите простории на спратовите во училиштето за ученици со попреченост.**<br>• **Темелна  информираност на родителите и учениците за начинот на вклучување во  реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието.** |

**Методи кои се користени за собирање на податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа која се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| **Анкета за родители/старатели** |
| --- |
| Со анкетата се опфатени вкупно 176 родители од централното и подрачното училиште, од кои 100 родители чии деца се во одделенска настава и 76 родители чии деца се во предметна настава.<br><br>На прашањето: 1.1: Во текот на учебната година моето дете ги има сите наставни часови согласно распоредот 49.40 % одговорија со Целосно се согласувам и 30.08 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека високи 79.48 % од анкетираните сметаат дека часовите се одржуваат редовно согласно распоредот; додека пак 18.42 % односно занемарливи 1.90 % одговорија со Не се согласувам односно Целосно не се согласувам на ова прашање, а 0 % дека Немаат информација по однос на ова прашање.<br><br>На прашањето: 1.2: Запознаен/а сум со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности 60.42 % одговорија со Целосно се согласувам и 31.78 % со Се согласувам, што подразбира висока информираност во изборот од 92.2 %, при што кон ова треба да се додадат 2.88 % и 2.90 % Не се согласуваат односно Целосно не се согласуваат и занемарливи 2 % од анкетираните Немаат информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 1.3: Изборните предмети/активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси 59.32% одговорија со Целосно се согласувам и 27.94 % со Се согласувам, тогаш може да се каже дека 87.26 % од анкетираните родители сметаат дека нивното дете следи изборен предмет според неговите интереси. 6.82 % одговорија со Не се согласувам, мал процент од само 2.90 % со Целосно не се согласувам и 3% со Немам информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 1.4: Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете, 40.72% одговорија со Целосно се согласувам и 31.48% со Се согласувам, вкупно 72.2% од родителите сметаат дека нивното дете учи со прилагодени задачи и активности на неговите индивидуални потреби, 13.52% одговорија со Не се согласувам и 7.58% со Целосно не се согласувам. Немаат информација 5.5%.<br><br>На прашањето: 1.5: Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите 61 % одговорија со Целосно се согласувам и 33.34 % со Се согласувам, што значи дека висок процент, односно 94.34 % од анкетираните родители се задоволни од тоа што нивното дете слободно се изразува на часовите ; останатите проценти се: 5.58 % се изјаснија со Не се согласувам, 0 % со Целосно не се согласувам, а 2.08 % со Немам информација по ова прашање. |

На прашањето: 1.6: На моето дете повеќето часови му се интересни 40.44% одговорија со Целосно се согласувам и 42.56 % со Се согласувам,  тогаш може да се каже дека 83 % од анкетираните родители сметаат дека часовите се интересни, 14.34 % одговорија со Не се согласувам, мал процент од само 1.10 % со Целосно не се согласувам и 1.58 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.7: Моето дете било вклучено во активност/и реализирани со ученици кои учат на различни јазици само 20.14 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 22.14 % со Се согласувам, што укажува дека помалку од половината од анкетираните родители, односно 42 % знаат дека нивното дете било вкучено во МИО-активност, односно 22.88  % одговорија со Не се согласувам , 7.78 % со Целосно не се согласувам и високи 19.86 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што подразбира дека повеќе од половината од анкетираните родители не знаат или немаат информација дека во училиштето се реализираат вакви активности.

На прашањето: 1.8: Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете 50.12 % или повеќе од половината анкетирани родители одговорија со Целосно се согласувам и 38.54 % со Се согласувам,  тогаш може да се каже дека 89 % од анкетираните родители сметаат дека нивното дете се безбедно во училиштето. 8.02 % одговорија со Не се согласувам, мал процент од само 3.32 % со Целосно не се согласувам и 0% со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.9: Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете 41.44% одговорија со Целосно се согласувам и 43.06 % со Се согласувам,  тогаш забележително е дека 84 % од анкетираните родители се задоволни дека нивното дете е мотивирано. 11.74 % одговорија со Не се согласувам, занемарлив процент од само 0.40 % со Целосно не се согласувам и 1.38 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.10: Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (енциклопедии, списанија, интернет, модели), малку повеќемина од половината родители, односно 24.92 % одговорија со Целосно се согласувам и 33.10  % со Се согласувам, како сродни одговори даваат 58%.  20.16  % одговорија со Не се согласувам, 10.54 % со Целосно не се согласувам и 7.24% со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.11: Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати: Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите 57.08 % одговорија со Целосно се согласувам и 32.72 % со Се согласувам, што значи дека висок процент, односно 89.8 % од анкетираните родители се задоволни од тоа што нивното дете е пофалувано на часовитеза постигнатите резултати ; останатите проценти се: 7.08 % се изјаснија со Не се согласувам, 2 % со Целосно не се согласувам, а 1.10 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.12: Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд 53.44 % одговорија со Целосно се согласувам и 37.48 % со Се согласувам, што значи дека висок процент, односно 90.92 % од анкетираните родители се задоволни од тоа вложениот труд се почитува и учениците се пофалуваат; останатите проценти се: 6.18 % се изјаснија со Не се согласувам, 2 % со Целосно не се согласувам, а 0.90 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.13: Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи 53.90 % одговорија со Целосно се согласувам и

33.24 % со Се согласувам, што значи дека висок процент, односно 87 % од анкетираните родители се задоволни од тоа наставниците помагаат давајќи насоки за подобро постигнување резултати; останатите проценти се: 7.94 % се изјаснија со Не се согласувам, 3.82 % со Целосно не се согласувам, а 1.10 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.14: Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година ) 62.40 % одговорија со Целосно се согласувам и 33.94 % со Се согласувам, што значи дека особено висок процент, односно 96 % од анкетираните родители редовно се известени за постигнувањата на детето ; само занемарливи 2.76 % се изјаснија со Не се согласувам, 0.9 % со Целосно не се согласувам, а 0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.15: Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете 47.26 % одговорија со Целосно се согласувам и 43.02 % со Се согласувам, што значи дека висок процент, односно 90.28 % од анкетираните родители ги користат можностите за средби и разговор со наставниците за постигнувањата на нивното дете ; останатите проценти се: 7.54 % се изјаснија со Не се согласувам, 0,20 % со Целосно не се согласувам, а 0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.16: Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет 48.24 % одговорија со Целосно се согласувам и 36.16 % со Се согласувам, ако ги гледаме како сродни одговори 84.4 %, или повеќе од две третини од анкетираните родители се запознати со критериумите за оценување на наставниците; останатите проценти се: 16.36 % се изјаснија со Не се согласувам, 5.30 % со Целосно не се согласувам, а 5.90 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.17: Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) 35.66 % одговорија со Целосно се согласувам и 33.80 % со Се согласувам, вкупно 69.46 % од родителите сметаат дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности според интересите, 17.76 % одговорија со Не се согласувам и 5.12 % со Целосно не се согласувам. Немаат информација 7.64%.

На прашањето: 1.18:Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес 39.04 % одговорија со Целосно се согласувам и 40.40 % со Се согласувам, вкупно 79.44 % или повеќе од две третини од родителите сметаат дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности според интересот и индивидуалните потреби, 6.80% одговорија со Не се согласувам и 8.78% со Целосно не се согласувам. Немаат информација 5%.

**Анкета за наставници**

Со анкетата се опфатени вкупно 53 наставници од централното и подрачното училиште, од кои 28 се во одделенска настава и 25 се во предметна настава.

На прашањето: 1.1: Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата 50.57 % одговорија со Целосно се согласувам и 42.29 % со Се согласувам, што значи дека многу висок процент, односно 92.86 % од анкетираните наставници добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники на планирање на наставата ; останатите проценти се: 5.36 % се изјаснија со Не се согласувам, 1.79 % со Целосно не се согласувам, а 0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.2: Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието, сите наставници, односно 100% ( 77.29% со Целосно се согласувам и 22.71% со Се согласувам) се изјаснија дека Директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку двапати во полугодието.

На прашањето: 1.3: Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирањето за мојот наставен предмет/предмети, скоро сите наставници, односно 98.21% ( 71.71% одговорија Целосно се согласувам, 26.50% Се согласувам) се изјаснија дека добиваат поддршка од директорот /или стручната служба при изготвувањето на планирањата за нивниот наставен предмет. Занемарливи 1.79% одговорија со Целосно не се согласувам.

На прашањето: 1.4: Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието 69.07 % одговорија со Целосно се согласувам и 26.93 % со Се согласувам, што значи дека многу висок процент, односно 96 % од анкетираните наставници сметаа дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства ; останатите проценти се: 4% се изјаснија со Не се согласувам, 0 % со Целосно не се согласувам и 0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.5:Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците, сите наставници, односно 100% ( 74.64% со Целосно се согласувам и 25.36% со Се согласувам) се изјаснија дека задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните потреби на секој ученик.

На прашањето: 1.6: Во наставата користам различни ресурси за учење и настава, сите наставници, односно 100% ( 69.50% со Целосно се согласувам и 30.50% со Се согласувам) се изјаснија дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава.

На прашањето: 1.7: Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, сите наставници, односно 100% ( 71.07% со Целосно се согласувам и 28.93% со Се согласувам) се изјаснија дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми.

На прашањето: 1.8: Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе, сите наставници, односно 100% ( 74.64% со Целосно се согласувам и 25.36% со Се согласувам) се изјаснија дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.

На прашањето: 1.9: На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив, сите наставници, односно 100% (67.29% со Целосно се согласувам и 32.71% со Се согласувам) се изјаснија дека на нивните часови има интеракција помеѓу учениците.

На прашањето: 1.10: Кон учениците се однесувам со почитување,сите наставници, односно 100% (84.21% со Целосно се согласувам и 15.79% со Се согласувам) се изјаснија дека ги почитуваат учениците и со почит се однесуваат кон нив.

На прашањето: 1.11: Ги разбирам проблемите и потребите на учениците, сите наставници, односно 100% (78.21% со Целосно се

согласувам и 21.79% со Се согласувам) се изјаснија дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците.

На прашањето: 1.12: Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор, висок процент од анкетираните наставници, 94.21% (од кои 57.50% одговорија со Целосно се согласувам и 36.71% со Се согласувам) одговорија дека учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор. 4% одговорија со Не се согласувам, а 1.79% со Целосно не се согласувам.

На прашањето: 1.13: Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, 62.86 % одговорија со Целосно се согласувам и 31.36 % со Се согласувам, што значи дека многу висок процент, односно 94 % од анкетираните наставници реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците по претходно направен план; останатите проценти се: 5.79 % се изјаснија со Не се согласувам, 0 % со Целосно не се согласувам и  0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.14: Успешно соработувам со образовните асистенти, сите наставници, односно 100% (74.43% со Целосно се согласувам и 25.57% со Се согласувам) се изјаснија дека успешно соработуваат со образовните асистенти во училиштето.

На прашањето: 1.15:Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати, сите наставници, односно 100% (88% со Целосно се согласувам и 12% со Се согласувам) се изјаснија дека редовно ги фалат учениците за постигнатите резултати во учењето.

На прашањето: 1.16: Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд, сите наставници, односно 100% (88.21% со Целосно се согласувам и 11.79% со Се согласувам) се изјаснија дека редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд.

На прашањето: 1.17:На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања, сите наставници, односно 100% (78.21% со Целосно се согласувам и 21.79% со Се согласувам) се изјаснија дека на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да напредуваат, да ги постигнат сопствените очекувања.

На прашањето: 1.18:Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, сите наставници, односно 100% (82.43% со Целосно се согласувам и 17.57% со Се согласувам) се изјаснија дека ги запознаваат учениците со тоа што треба да знаат и умеат за секоја оценка.

На прашањето: 1.19: На учениците им давам насоки како поуспешно да учат, сите наставници, односно 100% (84.21% со Целосно се согласувам и 15.79% со Се согласувам) се изјаснија дека им даваат насоки на учениците за поуспешно учење.

На прашањето: 1.20: Применувам различни начини на оценување на учениците, сите наставници, односно 100% (80.64% со Целосно се согласувам и 19.36% со Се согласувам) се изјаснија дека применуваат различни начини на оценување на учениците.

На прашањето: 1.21:Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).45 % одговорија со Целосно се согласувам и 51.21 % со Се согласувам, што значи дека ако овие одговори се сметаат за сродни, многу висок процент, односно 96.21 % од анкетираните наставници редовно ги вклучуваат учениците во учењето; останатите проценти се: 1.79

% се изјаснија со Не се согласувам, 2 % со Целосно не се согласувам и 0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.22:Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците, 29.64 % од анкетираните наставници одговорија со Целосно се согласувам и 56.79 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 86 % планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците; останатите проценти се: 1.79 % се изјаснија со Не се согласувам, 0 % со Целосно не се согласувам и 0 % со Немам информација по ова прашање.

**Анкета за ученици**

Со анкетата се опфатени вкупно 239 ученици од централното и подрачното училиште, од кои 89 се ученици во одделенска настава и 150 се во предметна настава.
На прашањето: 1.1: На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)56.20 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 36.30 % со Се согласувам, што значи дека висок процент од нив, односно 92.5 % имаат можност на часовите да учат на различни начини; останатите проценти се: 5.20 % се изјаснија со Не се согласувам, занемарливи 0.90 % со Целосно не се согласувам и 0 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.2: Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси, 54.20 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 31.70 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 86 % сами ги имаат избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат; останатите проценти се: 8.20 % се изјаснија со Не се согласувам, 3.50 % со Целосно не се согласувам и 1.40 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.3: На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели), 35.80 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 47.20 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 83 % се согласни дека на часовите се користат различни материјали и извори за учење; останатите проценти се: 12.40 % се изјаснија со Не се согласувам, 2.70 % со Целосно не се согласувам и 1.80 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.4: Наставниците ја прават содржината од предметите интересна, 35.30 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 48.30 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 84 % одговорија дека на часовите им е интересно; останатите проценти се: 10% се изјаснија со Не се согласувам, 4.20% со Целосно не се согласувам и 1.10 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.5: На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи), 36.80 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 37.50 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од половината анкетирани, односно 74.3 % активно се вклучени во наставата на најголем број од часовите; 19.90 % се изјаснија со Не се согласувам, 3.80 % со Целосно не се согласувам и 0.50 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.6: Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари, 41.40 % од анкетираните

ученици одговорија со Целосно се согласувам и 29.80 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од половината анкетирани, односно 71.2 % тврдат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат за учество на натпревари;  11.5 % се изјаснија со Не се согласувам, 7.2 % со Воопшто не се согласувам и 1.6 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.7: Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни  проекти, 48.70 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 35.90 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 85 % одговорија деканаставниците поддржуваат и мотивираат за учество во проекти ; останатите проценти се: 10% се изјаснија со Не се согласувам, 4.1% со Воопшто не се согласувам и 0.6 % со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 1.8: Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена, 55.10 % од анкетираните ученици одговорија со Целосно се согласувам и 29.90 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини од нив, односно 85 % одговорија дека се информирани од страна на наставниците што треба да знаат за секоја оценка; останатите проценти се: 11.7% се изјаснија со Не се согласувам, 3.10 % со Воопшто не се согласувам и 0 % со Немам информација по ова прашање.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br><br>3.2 Еднаквост и правичност<br><br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br><br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; Извештаи за работата на училиштето;пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи | Углед/имиџ на училиштето | Нашето училиште е препознатливо по динамичниот карактер на активностите и промените кои се дел од секојдневниот развој и прилагодување на потребите на модерното време. Тие во голем дел се резултат од заложбите наведени во визијата и мисијата на училиштето, како и од континуитетот во промовирањето на мултиетничноста, мултикултурализмот, инклузивноста и учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците, наставниот кадар и останатите вработени во училиштето се тие кои го градат и постојано го унапредуваат угледот на училиштето. Имиџиот на училиштето го градиме преку учество на натпревари и освоени голем број на награди од сите области. Учениците имаат освоени награди на општинско, регионално и државно ниво. За секој постигнат успех, како и за сите воннаставни активности редовно се објавувааат информации на веб-страницата на училиштето и на социјалните мрежи.<br>Училиштето исто така развива инклузивна пракса за ученици со посебни образовни потреби преку работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор како и училиштниот инклузивен тим. Грижа и инклузија во наставниот процес на децата со посебни образовни потреби е еден од главните приоритети на училиштето. Во рамките на проектот „Биди Ин, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, поддржан од Фондацијата, „Чекор по чекор“, локалната заедница и општина Кисела Вода, за учениците со ПОП е целосно опремена сензорна соба.<br>**Особено сме горди на инклузивните процеси во училиштето во однос на кои препознаени сме во околината и пошироко во државата како модел училиште, односно училиште со одлични инклузивни практики.**<br>Наставниот кадар е почитуван од страна на родителите кои се важен дел од имиџот на училиштето. Соработката со нив е секојдневна во непосредни и индивидуални средби. Посебно ни е важно учеството на родителите во училишниот живот и соработката со нив.<br>Имиџот го градиме и со грижата за здравјето и безбедноста на учениците. Постојано покренуваме иницијативи и предавања за грижата за здравјето како и борба за |

| | | |
|---|---|---|
| | | превенција на насилството. Наставниците во соработка со здравствените институции постојано се грижат за здравјето на учениците. Грижата се манифестира преку спроведување систематски прегледи, задолжителна имунизација, систематски прегледи на заби и сл.<br>Во училиштето има многу добра атмосфера за работа во текот на наставните часови и вонннаставните активности. Во нашето училиште особено внимание се посветува на негување на родовата, мултикултурната и мултиетничката различност, како и на меѓуетничката интеграција во образованието. Голем број од наставниците во нашето училиште професионално, квалитетно и амбициозно ја извршуваат својата воспитно образовна дејност и со тоа градат добра работна атмосфера. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето.<br>**Училиштето со гордост може да каже дека е препознаено и пошироко во нашата држава со тоа што дел од наставниците и стручните соработници постојано даваат придонес во нашето образование како обучувачи, модератори, креатори на обуки и вебинари, автори, консултанти во однос на наставни, програмски, системски и законски решенија, преку работа на проекти и во рамките на работни групи, учесници се во фокус групи и слично.** |
| Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; Извештаи за работата на училиштето; политики, процедури и постапки | Кодекс на однесување | Во училиштето постои Кодекс на однесување на вработените, учениците и родителите кој содржи принципи, правила и обврски за професионално и етичко однесување. Постојат Правила за однесување на учениците со кои се регулира развивањето на свеста кај учениците за чување на инвентарот, хигиената, редовноста, ненасилството и придонесуваат за добро однесување кај учениците и здрави меѓучовечки односи. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведуваат во практика. Најголемиот број од нив (89,4%) се согласуваат дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето, незначителен број (6,10%) не се согласуваат додека пак незначителен број (3,80%) немаат информација. Најголемиот број (98%) од анкетираните наставници се изјасниле дека се согласуваат дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување, а незначителен број (2%) не се согласуваат. Правилата за однесување и Куќниот ред се поставени во холот на училиштето и во секоја училница постојат примероци од Правилата за однесување на учениците, родителите и наставниците. Од анкетираните ученици, поголемиот број (68%) се изјасниле дека се согласуваат дека во |

| | | |
|---|---|---|
| | | одделението/училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваат, незначителен број (19,10%) не се согласуваат и незначителен број (2,90%) немаат информација. Поголем број од анкетираните ученици (76,50%) се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, незначителен број (20, 60%) не се согласуваат, а незначителен број (2,30%) не знаат. Најголемиот број (94,70%) од анкетираните родители се согласуваат дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето, незначителен број (3,98%) не се согласуваат и незначителен број (1,30%) немаат информација.<br>При изработката на Кодексот на однесување земени се предвид укажувањата од Советот на родители и учениците од Ученичкиот парламент, а за истите се дискутира со наставниците на Наставнички совет. Постојано се врши ажурирање на содржината на Кодексот (последното ажурирање е направено на почетокот на учебната 2023/ 2024 година) и истиот е поставен на веб-страницата на училиштето, што може да се забележи и во анкетите каде што поголемиот број на наставници (73,50%) се согласуваат дека имаат можност за учество во изработка и ажурирање на Кодексот за однесување, а незначителен број (26,50%) не се согласуваат. Исто така поголем број (65,10%) од анкетираните родители се согласуваат дека имаат можност за учество во изработка и ажурирање на Кодексот за однесување, незначителен број (20,80%) не се согласуваат, а незначителен број (14,08%) немаат информација.<br>Нашето училиште се залага за рамноправен и еднаков однос спрема сите ученици за заемно почитување и еднаков третман на сите структури. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржувањето на добра и позитивна атмосфера во училиштето што се гледа во нивниот однос спрема учениците без оглед на пол, етничка припадност, способност.<br>Примената на педагошките мерки, советувањата на учениците и родителите од страна на психологот, индивидуалните разговори и едукација со учениците и родителите се дел од постапките и примери за применување на овие правила.<br>Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето. |
| Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка | Училишна клима | Училиштето води политика на меѓусебно почитување, разбирање и соработка меѓу сите структури што придонесува за позитивна училишна клима. Професионалната соработка и размена на искуства меѓу наставниот кадар се зајакнува преку реализација на интегрирани часови, реализација на заеднички проекти, заеднички подготовки за вонnаставни активности како и активности реализирани на ниво на |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција за изречени педагошки мерки; Извештаи за работата на училиштето | | општина. Од анкетите за наставниот кадар се забележува дека сите (100%) од нив се согласуваат дека добро соработуваат со колегите во училиштето, од кои најголемиот број од нив (88,21%) целосно се согласуваат, а незначителен број (11,79%) се согласуваат.<br>Особено важно е да се истакне соработката со стручната служба која постојано дава поддршка, помош и насоки на сите. На младите неискусни наставници несебично им се помага во унапредувањето на воспитно образовната работа од страна на наставниците со поголемо искуство како и од страна на стручната служба. На учениците им обезбедуваме инклузивно, еднакво и квалитетно образование со цел да се промовира индивидуалниот развој на сите ученици ставајќи посебен акцент на прифаќањето на различностите.<br>Најголемиот број на анкетирани ученици (85,3%) се согласуваат дека добро се прифатени од страна на наставниците, незначителен број (7,60%) не се согласуваат, а незначителен број (3,10%) не знаат. Најголемиот број на анкетирани ученици (80%) се согласуваат дека добро се прифатени од страна на другите ученици, незначителен број (15,40%) не се согласуваат, а незначителен број (2,10%) не знаат. Истото се потврдува и со анкетите од родителите каде најголемиот број на анкетирани родители (90,96%) се согласуваат дека нивните деца се добро се прифатени од страна на наставниците, незначителен број (6,12%) не се согласуваат, а незначителен број (2,90%) не знаат. Најголемиот број на анкетирани родители (89,54%) се согласуваат дека нивните деца  добро се прифатени од страна на другите ученици, незначителен број (9,54%) не се согласуваат, а незначителен број (0,90%) не знаат. Поголем број од анкетираните ученици (74,4%) се согласуваат дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми, незначителен број (22%) не се согласуваат, а незначителен број (2,20%) немаат информација.<br>**Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди. Постојано се работи на тоа наставниците да служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација, со што истите вредности се пренесуваат и во начинот на однесување и комуникација меѓу учениците.**<br>Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели, што може да се забележи во анкетите за ученици каде поголемиот број од нив (75,20%) се согласуваат дека сакаат да одат во училиште, незначителен број (24,10%) не се согласуваат, а незначителен број (1,90 %) не знаат. Истото се потврдува и кај анкетираните родители, каде поголем дел од нив (79,60%) се согласуваат дека нивното дете сака да оди во училиште, незначителен број (15,22%) не се согласуваат, а незначителен број (1,90%) не знаат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се поддржуваат ненасилните форми на однесување и комуникација меѓу учениците и се работи на превентивни активности за намалување на насилство од било каков вид. |
| Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;Извештаи за работата на училиштето | Поведение и дисциплина во училиштето | **Поведението на учениците и дисциплината во училиштето е на високо ниво.** Несоодветното однесување на учениците најчесто е поврзано со поедини ученици, со кои активно се работи на подобрување на нивното однесување. Најчести форми на несоодветно однесување се: зборување на часовите, доцнење на часовите, конфликти помеѓу учениците, оштетување на инвентарот, злоупотреба на мобилните телефони и др. За ваквите однесувања училиштето презема грижа за надминувања на несоодветните форми на однесување кај поединци. Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат диципилната во училиштето соодветно се применува и се води континуирана евиденција за тековните случувања. Се преземаат советувања на учениците, родителите, педагошките мерки кои се пропишани со закон, како и разни видови работилници со учениците. Мерките за советување, кои стручната служба ги спроведува согласно потребите на училиштето, придонесуваат кон одржување на стабилна ситуација на ова поле. Одделенските раководители се вклучени со реализација на работилници на одделенските часови на кои се обработуваат теми од областа на животни вештини со цел да се развие позитивен однос на учениците и позитивни социјални вештини. Работната атмосфера преовладува во училиштето за време на часовите и за време на вонннаставните активности што се забележува во анкетите за наставниот кадар каде најголемиот број од нив (98%) се согласуваат дека на нивните часови има добра работна атмосфера, а незначителен број (2%) не се согласуваат. Од анкетираните наставници, сите (100%) се согласуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка, од кои поголем број (73,71%) целосно се согласуваат, а незначителен број (26,29%) се согласуваат.<br>При посета на разни институции, учениците се дисциплинирани, се однесуваат пристојно и секогаш се пофалени. За однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето се грижат вработените во училиштето како и дежурните наставници согласно со проширената програма на училиштето. Истото се потврдува и во анкетите на родителите каде поголемиот број од нив (77,46%) се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината, незначителен број (19,42%) не се согласуваат, а незначителен број (1,90%) немаат информација. Сите ученици се со примерно поведение. |
| Решение за формирање на ученички парламент и избор на | Учество на учениците | Учениците на повеќе начини се вклучени во училишниот живот. Тие постојано се запознаваат со своите права кои имаат можност да ги остварат преку Ученичкиот |

| | | |
|---|---|---|
| ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи); анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; Извештаи за работата на училиштето | во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | парламент, ученички заедници, организации и клубови. На одделенските часови учениците учествуваат во работата на одделенската заедница каде се запознаваат со правата и обврските на децата, а преку нив се информираат и родителите. Од анкетираните ученици, поголем број (71,90%) се согласуваат дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, незначителен број (21,30%) не се согласуваат, а незначителен број (7,40%) немаат информација. Преку активностите на Ученичкиот парламент во кој има претставници од секоја паралелка од четврто до деветто одделение учениците искажуваат свои ставови, предлози, дискусии, совети и разговори. Ученичкиот парламент покрена иницијатива за поставување на заштитна ограда пред училишната порта како и промена на досегашниот ресторан за прослава на полуматура и истите се реализирани. **Иако има докази за покренати и прифатени иницијативи од страна на Ученичкиот парламент, сепак постои потреба од зголемување на нивниот број.**<br>Сите (100%) наставници се согласуваат дека ги мотивираат учениците да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се од нивни интерес, од кои поголемиот број (67,50%) целосно се согласуваат, а мал број (32,50%) се согласуваат. Учениците по демократски пат имаат избрано претседател на Ученичкиот парламент и ученички правобранител кој ги застапува нивните интереси. Во училиштето учениците членуваат и во ученички организации: Детска организација и Подмладок на црвениот крст. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на | Познавање и почитување на правата на децата | Родителите, учениците и наставниците се запознаени со правата и обврските на децата. Од анкетираните наставници, најголемиот број од нив (84,65%) се согласуваат дека реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, незначителен број (11,54%) не се согласуваат, а незначителен број (4%) немаат информација. Најголем број од наставниците (98%) се согласуваат дека им укажуваат на децата на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, а незначителен дел (2%) не се согласуваат. Поголемиот дел (53,92%) од анкетираните родители се согласуваат дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, мал број од нив (35,4%) не се согласуваат, а незначителен број (10,70%) не знаат. Ова подразбира дека само малку повеќе од половината анкетирани |

| | | |
|---|---|---|
| паралелките; | | родители биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето што ни укажува на тоа дека ние како училиште треба да се потрудиме да вклучуваме што поголем број родители во таквите активности. Учениците на повеќе начини се запознаваат со своите права: преку наставата и наставните содржини, на одделенските часови, преку предвидената програма за животни вештини, Ученичкиот парламент, училишните заедници и организации, како и преку проекти кои се реализираат во училиштето. Со мнозинство гласови од учениците во Ученичкиот парламент по пат на тајно гласање е избран Ученички правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител во учебната 2022/23 како дел од одбележувањето на патрониот празник на училиштето, реализираше активности со цел сите ученици да се запознаат со правата на децата. Наставниците и стручната служба преку разни предавања, разговори, работилници, литература, дебати ги информираат учениците за нивните права и обврски. Сите вработени во училиштето ги почитуваат правата на децата. Од анкетираните ученици, најголем број од нив (84,5%) се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права, незначителен број (9,20%) не се согласуваат, а незначителен број (1,30%) не знаат. |
| Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Во училиштето се преземаат сите активности кои се потребни се со цел да биде обезбеден подеднаков третман на сите ученици, како и мерки потребни за непречено овозможување инклузија за учениците со попреченост во наставниот процес. Поголемиот број (76,38%) на анкетирани родители се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, незначителен број (10,20%) не се согласуваат, а незначителен број (13,44%) немаат информација. Приоритет, а и предизвик е подеднаква грижа за секој ученик, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус, што се потврдува во анкетите за родители, каде најголем дел од нив (97,62%) се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етичка припадност, религиска припадност или друго, незначителен број (1,60%) не се согласуваат, а незначителен дел (0,60%) не знаат. Училиштето обезбедува можност за учење на секој ученик подеднакво. Сите (100%) анкетирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници се согласуваат дека ги вклучуваат различните маргинализирани/ранливи групи во училишните активности, од кои поголемиот дел (75,29%) целосно се согласуваат, а незначителен број (24,71%) се согласуваат. За учениците кои имаат потешкотии, се организира дополнителна настава, а за надарените ученици додатна настава. За учениците со попреченост од било кој вид, се прават промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, а дополнителна поддршка дава и стручната служба на училиштето. Вклученоста во програмата за инклузивно образование, изминатите години ни овозможи да се стекнат искуства и знаења кои се од помош за обезбедување на еднаков и правичен пристап кон сите ученици. Во училиштето има формиран Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на цело училиште, а за секој ученик со посебни образовни потреби се формира Инклузивен тим за ученик кој ги планира и спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките на стручното тело за функционална процена, односно доколку е препорачано ИТУ изготвува индивидуален образовен план или модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби за поддршка, наставниците го спроведуваат ИОП со поддршка од страна на стручните соработници. Наставниците и стручните соработници работат на подготовка на паралелките за полесна адаптација и прифаќање на секој ученик од страна на своите соученици кои им помагаат во совладувањето на наставните содржини и непречено дружење. Преку позитивен однос и разговор, без пристрасност кон сите ученици се однесуваат сите наставници во училиштето.<br>Вработените, родителите и учениците ја делат филозофијата на инклузија. Нема дискриминирани ученици во изборот на слободните ученички активности, воннаставните активности и учество на натпревари. Од анкетираните ученици, најголем број од нив (87,10%) се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето како и другите учениции, незначителен број (12,20%) не се согласуваат, а незначителен број (0,60%) не знаат. Најголемиот број од анкетираните ученици (92%) се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање) како и другите ученици, незначителен број (6,80%) не се согласуваат, а незначителен број (0,60%) не знаат . Истото се потврдува и кај најголемиот број на анкетирани родители (92,78%) кои се согласуваат дека нивното дете ги добива истите услови за учење како и другите ученици, незначителен број (5,22%) не се согласуваат, а незначителен број (2%) не знаат. Особено се обрнува |

| | | |
|---|---|---|
| | | внимание на оценувањето при што критериумите важат подеднакво за сите ученици. Се почитува етичкиот кодекс за оценување, кој е истакнат на видно место во холот на училиштето и оценувањето е траспарентно. Ова се потврдува и преку резултатот на анкетирани родители, кај кои најголем број од нив (83,20%) се согласуваат дека нивното дете е оценувано според истите критериуми како и другите ученици, незначителен број (11,24%) не се согласуваат, а незначителен број (5,58%) немаат информација. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници | Соработка на училиштето со родителите/ старателите | Во Училишниот одбор и Советот на родители членуваат претставници на родителите. Во училишниот одбор членуваат тројца родители делегирани од Советот на родители. Учеството на родителите во животот и работата на училиштето се остварува преку Советот на родители. Во Советот на родители, кој брои 35 члена, членува по еден родител од секоја паралелка.Работата на Советот се одвива според Програма за работа на Советот на родители. Ова е еден од начините на кој родителите се запознаваат со воспитно-образовната работа на училиштето и се во позиција да даваат свои предлози, мислења и активно да учествуваат во донесување на одлуките на училиштето. Информациите за сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана или електронска форма. Училиштето има интернет страна преку која на родителите им се достапни сите информации за училиштето. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, што се потврдува и со резултатите добиени од анкетираните родители каде што поголем број од нив (66,98%) се согласуваат дека нивните мислења и ставови за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, незначителен број (20,02%) не се согласуваат, а незначителен број (13%) немаат информација.<br>Нашето училиште нуди отворена соработка со родителите/старателите во разни |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности како што се:<br>• Вклучување на родители од разни занимања во разни сегменти од процесот на настава или посета на нивните работни места, при што тие со своите искуства придонесуваат за полесно разбирање на она што учениците го учат, односно ставање на наученото во практични услови, презентации на нивната работа.<br>• Воннаставни активности, работилници, активности за меѓуетничка интеграција;<br>• Активности за Отворен ден за Граѓанско образование;<br>• Хуманитарни акции.<br>Зајакнувањето на соработката на училиштето со родителите/старателите се потврдува со анкетата за наставниот кадар, каде сите наставници (100%) се согласуваат дека ги поттикнуваат родителите/старателите активно да се вклучат во активностите во училиштето, од кои поголем дел (55,71%) целосно се согласуваат и поголем дел (44,29%) се согласуваат. Исто така најголемиот дел од анкетираните наставници (98%) се согласуваат дека ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес, а незначителен број (2%) не се согласуваат. |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); статут на училиштето; интернет- страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации | Соработка со општината и со урбаната заедница | Соработката на училиштето со локалната заедница подразбира активно вклучување на училиштето во средината во која е лоцирано, нејзино информирање за постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми, како и разни други видови соработка, почнувајќи од родителите кои се најзаинтересирани субјекти за работата на училиштето, преку други воспитно-образовни установи и институции од областа на културата, стопанството, до разни органи и организации. Соработката на ООУ „Круме Кепески“ со локалната заедница се остварува преку разни општествени, културни и образовни активности и преку нив се презентираат постигнатите резултати од работата на училиштето и истото се афирмира како образовен и културен центар. Споменатите активности се реализираат преку разновидни собири, средби, културно-уметнички приредби, изложби и акции од секаков вид. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Во сите активности училиштето активно соработува со сите сектори во локалната самоуправа, посебно со Секторот за образование. За одличната соработка меѓу нашето училиште и Општината може да се потврди и со резултатите од анкетираниот наставен кадар каде кајголем број од наставниците (90,64%) се согласуваат дека учествуваат во спроведување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата, а незначителен број (9,36%) не се согласуваат. Нашето училиште нуди отворена соработка со локалната заедница во многу сегменти: промоции, избор на ученици и наставници за наградување од страна на Општината, базари, работилници, тркалезни маси, разни настани, манифестации и активности, хуманитарни акции, посети и спортски натпревари.<br>Една од основните цели на училиштето е соработката со локалната самоуправа да продолжи и понатаму. Целите на нашето училиште се да се постигнат континуирано добри резултати и тоа да биде високо рангирано на ниво на општината и пошироко. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); превентивни програми и спроведени активности | Превенција и заштита од насилство | Стручната служба и наставниот кадар во училиштето спроведуваат активности за превенција и заштита од насилство меѓу учениците. Сите анкетирани наставници (100%) се согласуваат дека со учениците се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, од кои поголем број (79,07%) целосно се согласуваат, а незначителен број (20,93%) се согласуваат. Истото се потврдува и со анкетите од родители каде поголемиот број од нив (70,42%) се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, незначителен број (11,10%) не се согласуваат, а незначителен број (16,46%) немаат информација.<br>Во училиштето постои Политика за намалување на насилство во училиштето, програма, акционен план и постапка за безбедност и превенција од насилство и Протокол за постапување на училиштето во случаи на насилство. Во училиштето функционира и тим за превенција од насилно однесување кој има изработено програма - Превенција на насилно однесување. Сите овие документи се достапни на веб- страницата на училиштето. Покрај тоа, со овие документи родителите се запознаваат и преку Советот на родители и одделенските раководители.<br>На учениците како и на родителите им е достапна стручна помош од страна на тимот за превенција и од страна на стручната служба на училиштето. Од анкетираните родители, поголем број (76,12%) се согласуваат дека се запознаени со училишниот Протокол за превенција и постапување во случај на насилство, незначителен број (14,78%) не се согласуваат, а незначителен број (9,12%) немаат информација.<br>Доколку некој ученик забележи или се пожали за било какво малтретирање, вработените во училиштето реагираат, родителите се известуваат и се работи со |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците индивидуално или групно и училиштето води евиденција за пројавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, а кога има специфична ситуација ги советува родителите и остварува контакт со други надлежни институции (Центар за социјални грижи, МВР, здравствени установи и сл. ). Од анкетираните ученици, најголем број (87,7%) се согласуваат дека знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето незначителен број (7,1%) не се согласуваат, додека пак незначителен број (2,40%) немаат информација. Поголем број од анкетираните родители (64,40%) се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство, незначителен број (13,34%) не се согласуваат, а незначителен број (15,24%) немаат информација.<br>Со учениците се спроведуваат превентивни програми во рамките на кои се работилниците за препознавање на насилство и реагирање во случаи на насилство, работилниците во рамките на Програмата за ненасилно разрешување на конфликти, како и активности за подигнување на свеста за ненасилна комуникација и однесување, како од страна на психологот на училиштето, одделенските раководители, така и преку учество на работилници организирани од страна на други институции. Работилници за препознавање на насилство и постапување на училиштето во случаи на насилство се рализирани и за наставниот кадар од страна на психологот на училиштето.<br><br>Од анкетираните ученици, најголем број (87,20%) се согласуваат дека во училиштето работат на решавање конфликти и спречување насилство, незначителен број (7,90%) не се согласуваат, а незначителен број (2,50%) немаат информација. Сите анкетирани наставници (100%) се согласуваат дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство, од кои поголемиот дел (75,29%) целосно се согласуваат, а незначителен број (24,71%) се согласуваат.<br>**Во училиштето нема евидентирано форми на насилство од трето ниво. Формите на насилство од прво ниво се решаваат ефикасно и најчесто не се повторуват од страна на ист ученик или ученици, а истото важи и за ретките форми на насилство од второ ниво.** |
| Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработници, родителите/старателите и со учениците; педагошка | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Во контекст на севкупната грижа за учениците, во училиштето се спроведува Превентивна програма за заштита од болести на зависност. Се изготвуваат и |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); превентивни програми ; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл. | | брошури поврзани со превентивните програми кои се спроведуваат со учениците. Поголемиот дел од анкетираните родители (56,36%) се согласуваат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушењеи дрога, незначителен број (19,62%) не се согласуваат, а незначителен број (23,98%) немаат информација. Процентите на анкетираните родители кои не се согласуваат, односно немаат информација по ова прашање се добиени претежно од родителите на ученици од пониските одделенија, што се должи на тоа што овој тип на превентивни мерки претежно ги опфаќаат погорните одделенија.Во училиштето се организираат и одржуваат работилници за учениците од предметна настава во рамките на превентивните програми: „Алкохолот – кобна капка која го уништува животот“, „Вие не ја земате дрогата – дрогата ве зема вас“. Преку овие предавања од областа за здравственото просветување, учениците се едуцираат, стекнуваат и развиваат свесност за ризиците и последиците од пушењето, земањето дрога и консумирање на алкохол. Најголемиот дел од анкетираните наставници (85,50%) се согласуваат дека учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога, а незначителен број (14,50%) не се согласуваат. Од друга страна пак, поголем дел од анкетираните ученици (60,40%) се согласуваат дека учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, незначителен број (25,80%) не се согласуваат, а незначителен број (13,80%) немаат информација. Најголемиот дел од процентите на анкетираните ученици кои не се согласуваат, односно немаат информација по ова прашање се добиени од учениците од пониските одделенија, што се должи на тоа што овој тип на работилници претежно ги опфаќаат погорните одделенија. Сепак, има мал број на ученици и од погорните одделенија кои не се согласни дека учествуваат во ваквиот тип на работилници. |
| Набљудување на условите во училиштето; увид во училишна документација | Квалитет на достапна храна | Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците. Учениците од 1-3 одд. кои следат целодневна настава и настава со продолжен престој имаат организирана исхрана, според стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца. Послужувањето на топлите оброци (појадок и ручек) се реализира во училишната трпезарија. Храната што се дистрибуира во училишната кујна е со стриктно почитување на правилата за добра производствена и хигиенска пракса утврдена со Закон за безбедност на храна, како и HACCP стандардите. Постои процедура за снабдување со храна, која што е пропишана со Правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште (МОН). Притоа се реализираат следниве процедурални активности: - Се избира Комисија за составување на мени според стандарди за исхрана, која го изготвува менито. - Се |

| | | |
|---|---|---|
| | | составува Комисија за изготвување на тендерска документација која ги пропишува условите и критериумите за снабдување со топол оброк и ја врши тендерската постапка. - Изготвеното мени со тендерската документација се доставуваат до Совет за јавни набавки каде што стручни лица даваат свое мислење и согласност. - Се склучуваат договори за доставување на храна. - Комисијата што го составува менито има обврска континуирано да го проверува дали се почитува утврденото мени. Постојат записници од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје за почитување на Законот за безбедност и квалитет на храна и записници од санитарен инспектор за извршена контрола на храната. Стручни лица од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје редовно земаат примероци за контрола на храната и вршат анализа, а за тоа доставуваат соодветни записници. Во училиштето се води кампања за здрава храна преку едукативни предавања и проекти, а кампањата ја реализираат самите наставници во текот на часовите на одделенската заедница и преку часови каде имаат интеграција на еколошка едукација. Во училиштето во континуитет редовно се реализирааат активности со цел да се подигне свесноста кај учениците и родителите за потребата од консумирање на здрава храна. |
| Набљудување на условите во училиштето; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на добро ниво. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Дезинфекција на просториите се врши неколку пати во текот на денот, а дезинсекција и дератизација се вршат еднаш годишно.<br>Училиштето има превентивна Програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците. Наставниот кадар воспитно делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена. На одделенските часови се реализираат содржини од областа на здравствената заштита, а училиштето постојано води грижа да обезбеди максимални хигиенски услови за работа. Наставници на своите часови разговараат со учениците за одржување на личната хигиена и на хигиената во училиштето како предуслов за заштита од многу болести и превенција од заразни болести.<br>Ходниците и скалите се чистат двапати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат по еднаш или двапати во секое полугодие. Секојдневно се водат записници за контрола на хигиената на тоалетите, што е важен предуслов за создавање здрава средина за учениците.<br>И покрај тоа ,поголемиот број од анкетираните ученици (58,30%) се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, но мал број (36,60%) не се согласуваат, а незначителен број (19%) не знаат. Истото се потврдува и со анкетите од родителите каде поголемиот број од нив (59,32%) се согласуваат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, мал број (38,34%) не се согласуваат, а незначителен број (2,40%) |

| | | |
|---|---|---|
| | | немаат информација.<br>Ова ни укажува на тоа дека училиштето треба да преземе дополнителни мерки за да постигне максимални хигиенски услови.<br>Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Учениците континуирано на одделенските часови или по потреба преку предавања и работилници се информираат за етиологијата и начините на ширење на заразните болести и начините за превенција од нив (заразна жолтица, туберколоза, грип, птичји грип, свински грип...), одржување на редовната хигиена – лична и на околината. Во соработка со поликлиниката „Јане Сандански“ се вршат редовни систематски и стоматолошки прегледи на учениците и редовна имунолошка заштита (вакцинација).<br>Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи. |
| Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, учениците; наставниците и со стручните соработници; постапки и процедури, анализа на училишна документација; Извештаи за работата на училиштето; увид во училишна документација | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Грижата за безбедноста на учениците и вработените е на завидно ниво. Во текот на учебната година пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор се организираат дежурства на наставници, со цел поголема безбедност на учениците. Своите дежурства наставниците ги извршуваат придржувајќи се кон претходно подготвен распоред за дежурства кој е истакнат во наставничка канцеларија. Во училиштето постои Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди. Според оваа процедура доколку ученик се пожали и/или се забележи некаква физичка повреда, веднаш реагираат вработените во училиштето (наставник, директор, стручни соработници), се известуваат родителите, а на учениците им се пружа прва помош. Давањето на прва помош на учениците во училиштето го вршат наставници кои се обучени и имаат сертификати за прва помош или повикуваат брза помош доколку се работи за потешка повреда. Тие се во постојана соработка и контакт со Црвениот крст и во училиштето има кутии за прва помош кои се наоѓаат во наставничките канцеларии и редовно се дополнуваат со потребните материјали според Правилникот кој го доставува Црвениот крст. Училишниот простор е безбеден за изведување настава.<br>Од анкетираните ученици, најголем број (80,5%) се согласуваат дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, незначителен број (15,40%) не се согласуваат, а незначителен број (2,90%) не знаат.<br>Училиштето располага со ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални, но во училиштето сè уште нема громобранска инсталација. Известени се сите надлежни и во најскоро време истата би требало да биде |

| | | |
|---|---|---|
| | | поставена. Во училиштето има План за евакуација и спасување и План за постапување во кризни ситуации и истите се истакнати на видно место во училишниот хол на секој од катовите. Во училиштето нема помошни скали за во случај на пожар и нема противпожарни аларми, но се поставени панични светла и план за движење при евакуација. Во текот на годината се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Вработените во училиштето се обучени за однесување во случај на пожар или друга елементарна непогода. Исто така и учениците се запознаени со мерките за постапување во случај на пожар или земјотрес. Во училиштето има План за движење при евакуација. |
| Анкети и интервјуа со директорот, наставниците и со стручните соработници; постапки и процедури, анализа на училишна документација; Извештаи за работата на училиштето | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во нашето училиште постојано се води грижа за учениците од социјално загрозени семејства. Овие ученици го имаат остварено правото за добивање образовен додаток, а во училиштето за нив се организира помош од различни аспекти:<br><br>-Помош во храна, облека, хигиенски средства и училишен прибор, преку спроведување на хуманитарни акции (без да се напоменува за кој ученик се спроведува акцијата со цел да не се повреди личноста на ученикот) кои се реализирани од страна на Подмладокот на црвениот крст на училиштето. Оваа училишна организација активно соработува со Црвениот крст на Општина Кисела Вода и Црвениот крст на град Скопје каде активно работат млади волонтери од училиштето во рамките на Проектите за промоција на хумани вредности. Помошта се реализира и преку вклучување во акции за помош на учениците од социјално загрозени семејства иницирани и реализирани од страна на општината Кисела Вода, како и на иницијативи на ученичките заедници со нивните одделенски раководители. Минатата и оваа учебна година од страна на Подмладокот на црвениот крст на училиштето беа спроведени три такви акции: две собирни акции на прехрамбени продукти во рамките на Неделата за борба против гладта и хуманитарна акција за помош на болен ученик од нашето училиште.<br><br>-Помош од страна на наставниците и стручните соработници преку давање индивидуална поддршка во процесот на учење и во подрачјата на зајакнување на самодоверба, редефинирање на однесувањето и остварување на социјални врски. |
| Интервјуа со директорот, наставниците и со стручните | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето редовно води евиденција за учениците со здравствени проблеми со цел да им овозможат безбедни услови за престој во училиштето, но и еднаков третман |

| | | |
|---|---|---|
| соработници; педагошка евиденција и документацијата; постапки и процедури, анализа на училишна документација; Извештаи за работата на училиштето | | во рамките на образовниот процес. Грижата за овие ученици се одвива според пропишана Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди. Процедурата се спроведува во практиката за сите ученици кои имааат потреба од таков третман, а во постојана соработка со нивните родители.<br>Дел од оваа процедура е и начинот на кој, за учениците кои се принудени почесто да отсуствуваат од настава поради хоспитализирање или хронични заболувања, се овозможува учење во домашни услови или во здравствена установа во периодот кога е ученикот на боледување, при што се користи и наставата од далечина. На овој начин, покрај поддршката во учењето, на ученикот му е дадена поддршка од емоционален аспект, со оглед на тоа што по неговото враќање во училиштето не се чувствуваат последици од отсуството, а ученикот не е изложен на стрес во поглед на прилагодувањето. |
| Извештаи за работата на училиштето;анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Во училиштето има механизми за навремено откривање и грижа за ученици со социо-емоционални проблеми, без оглед на изворот. При уписот на учениците во прво одделение, стручната служба преку инструментот за набљудување и прашалникот за родители, ги открива учениците со социо-емоционални проблеми. Понатаму заедно со одделенскиот наставник континуирано се следи ученикот и преку постојана комуникација помеѓу стручните соработници, наставникот и родителот се преземаат соодветни мерки се со цел да му се помогне на ученикот.<br><br>Од страна на психологот во текот на целото школување на учениците, се следи емоционалната состојба на учениците и се преземаат разни интервенции во зависност од потребите на учениците, односно се дава индивидуална и групна поддрша на учениците во надминување на емоционални потешкотии од различен карактер, а се однесуваат на ниска самодоверба, повлеченост, анксиозност, потешкотии кои произлегуваат од загуба на близок член на семејство или родител, развод на родители или разни други семејни ситуации. Во ваквите случаи, покрај индивидуалната работа со ученикот, се споделуваат дел од информациите со одделенските раководители со цел истите да бидат во тек со состојбата на ученикот и да можат да придонесат во подобрување на истата, со нагласување дека овие информации се од доверлив карактер. Напоредно се работи и со родителите на овие ученици, со цел поддршката да биде постојана, како во училиште, така и дома. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Притоа, како дел од превентивните програми на училиштето, психологот на училиштето  реализира работилници со учениците за заштита на менталното здравје и добросостојбата на учениците.<br>Од анкетираните родители, најголем број (86,24%) се согласуваат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивните деца, незначителен број (12,42%) не се согласуваат , а незначителен број (1,38%) не знаат. Исто така, поголем број од анкетираните родители (77,86%) се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивните деца, незначителен број (20,56%) не се согласуваат , а незначителен број (1,58%) не знаат. Стручната служба е обучена да им помага на учениците со емоционални тешкотии.<br>Најголемиот број на анкетирани ученици (87,70%) се согласуваат дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето, незначителен број (8,50%) не се согласуваат, а незначителен број (2,20%) не знаат.<br>При интервенциите  се прави стратегија во која свој удел има секој од засегнатите субјекти –ученици, родители, наставници. Во одредени ситуации учениците и/или родителите се упатуваат до релевантни институции. Училиштето за таа цел има соработка со институции како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, центар за ментално здравје, полиција.<br>Најголемиот дел од анкетираните ученици (90,70%) се согласуваат дека кога имаат потреба од помош, можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, незначителен број (8%) не се согласуваат, а незначителен број (0,80%) не знаат. Исто така најголемиот број на анкетирани ученици (84,7%) се согласуваат дека во училиштето добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем, незначителен број (12,3%) не се согласуваат, а незначителен број (2,80%) немаат информација. |
| Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата; извештај од спроведените активности за професионална ориентација. | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Со цел да ги информира учениците за можниот избор на идна професија  и да им помогне во изборот на нивното натамошно образование (професионална ориентација) училиштето им обезбедува на сите ученици вклучувајќи ги и децата со ПОП, точни и јасни информации за можностите за понатамошно образование. Во училиштето се работи според изготвена Програма за професионална ориентација на учениците. Со учениците од деветто одделение се врши анкетирање во однос на нивната информираност и првичната заинтересираност за избор на одредено занимање, се прави проверка на интересите и способностите на учениците и консултации со нив, се организираат средби со претставници од средните училишта на кои се врши презентација на нивната организација и начинот на работа, а се врши и посета на дел од средните училишта. За подобро информирање се врши и посета |

| | | |
|---|---|---|
| | | на образовен саем за средно образование каде учениците непосредно се запознаваат со условите за упис во одредени училишта. За значењето на правилниот избор на средно училиште се дискутира со учениците на одделенскиот час, а со родителите на родителски состанок. На веб- страницата на училиштето редовно се објавува презентација подготвена од психологот на училиштето со јасни насоки за спроведување на целиот процес на запишување на учениците во средните училишта која е наменета и за учениците и за нивните родители. Напоредно со ова се спроведуваат активности со сите ученици, особено со учениците од осмо одделение, за запознавање со разни професии, при што во овие активности земаат учество и родителите на учениците со презентација на своите занимања.<br>Поголемиот број на анкетирани родители (77,78%) се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, незначителен број (7,44%) не се согласуваат, а незначителен број (12,76%) немаат информација. Ваквиот процент на родители кои не се согласуваат и немаат информација е добиен од анкетираните родители на пониските одделенија. Ова се должи на тоа што поголемиот дел од ваквите информации и поддршка ги добиваат учениците осмо и деветто одделение  и според анкетите, нема родители од деветто одделение кои не се согласуваат или немаат информација. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| -Нашето училиште води политика на меѓусебно почитување, разбирање и соработка меѓу сите структури што придонесува за позитивна училишна клима. Училиштето е препознатливо по динамичниот карактер на активностите и промените кои се дел од секојдневниот развој и прилагодување на потребите на модерното време. Тие во голем дел се резултат од заложбите наведени во визијата и мисијата на училиштето, како и од континуитетот во промовирањето на мултиетничноста, мултикултурализмот, инклузивноста и учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците, наставниот кадар и останатите вработени во училиштето се тие кои го градат и постојано го унапредуваат угледот на училиштето. Имиџиот на училиштето го градиме преку учество на натпревари и освоени голем број на награди од сите области. На учениците им обезбедуваме инклузивно, еднакво и квалитетно образование со цел да се промовира индивидуалниот развој на сите ученици ставајќи посебен акцент на прифаќањето на различностите. Грижата и инклузијата во наставниот процес на децата со посебни образовни потреби е една од главните одлики на училиштето. **Особено сме горди на инклузивните процеси во училиштето во однос на кои сме препознаени во околината и пошироко во државата како модел училиште, односно училиште со одлични инклузивни практики.** Нашето училиште се залага за рамноправен и еднаков однос спрема сите ученици за заемно почитување и еднаков третман на сите структури. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржувањето на добра и позитивна атмосфера во училиштето што се гледа во нивниот однос спрема учениците без оглед на пол, етничка припадност, способност.<br><br>Професионалната соработка и размена на искуства меѓу наставниот кадар во училиштето се зајакнува преку реализација на интегрирани часови, реализација на заеднички проекти, заеднички подготовки за воннаставни активности како и активности реализирани на ниво на општина. Наставниците добро соработуваат со колегите во училиштето, а на младите неискусни наставници несебично им се помага во унапредувањето на воспитно образовната работа од страна на наставниците со поголемо искуство како и од страна на стручната служба.<br><br>**Училиштето со гордост може да каже дека е препознаено и пошироко во нашата држава со тоа што дел од наставниците и стручните соработници постојано даваат придонес во нашето образование како обучувачи, модератори, креатори на обуки и вебинари, автори, консултанти во однос на наставни, програмски, системски и законски решенија, преку работа на проекти и во рамките на работни групи, учесници се во фокус групи и слично.**<br><br>-Во училиштето постои Кодекс на однесување на вработените, учениците и родителите кој содржи принципи, правила и обврски за професионално и етичко однесување. Постојат Куќен ред, Правила за однесување на учениците со кои се регулира развивањето на свеста кај учениците за чување на инвентарот, хигиената, редовноста, ненасилството и придонесуваат за добро однесување кај учениците и здрави меѓучовечки односи. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведуваат во практика. При изработката на Кодексот на однесување земени се предвид укажувањата од Советот на |

родители и учениците од Ученичкиот парламент, а за истите се дискутира со наставниците на Наставнички совет. Постојано се врши ажурирање на содржината на Кодексот и истиот е поставен на веб-страницата на училиштето.

- Училиштето води политика на меѓусебно почитување, разбирање и соработка меѓу сите структури што придонесува за позитивна училишна клима. Постои континуирана професионалната соработка и размена на искуства меѓу наставниот кадар. Особено важно е да се истакне соработката со стручната служба која постојано дава поддршка, помош и насоки на сите. На младите неискусни наставници несебично им се помага во унапредувањето на воспитно образовната работа од страна на наставниците со поголемо искуство како и од страна на стручната служба. На учениците им обезбедуваме инклузивно, еднакво и квалитетно образование со цел да се промовира индивидуалниот развој на сите ученици ставајќи посебен акцент на прифаќањето на различностите. **Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди. Постојано се работи на тоа наставниците да служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација, со што истите вредности се пренесуваат и во начинот на однесување и комуникација меѓу учениците.**

**-Дисциплината и поведението на учениците во нашето училиштето се на високо ниво. При посета на разни институции, учениците се дисциплинирани, се однесуваат пристојно и истите секогаш се пофалени.** Мерките за советување, кои стручната служба ги спроведува согласно потребите на училиштето, придонесуваат кон одржување на стабилна ситуација на ова поле. Одделенските раководители се вклучени со реализација на работилници на одделенските часови на кои се обработуваат теми од областа на животни вештини со цел да се развие позитивен однос на учениците и позитивни социјални вештини. Работната атмосфера преовладува во училиштето за време на часовите и за време на воннаставните активности.

- Преку активностите на Ученичкиот парламент во кој има претставници од секоја паралелка од четврто до деветто одделение учениците искажуваат свои ставови, предлози, дискусии, совети и разговори. Учениците по демократски пат имаат избрано претседател на Ученичкиот парламент и ученички правобранител кој ги застапува нивните интереси. **Иако има докази за покренати и прифатени иницијативи од страна на Ученичкиот парламент, сепак постои потреба од зголемување на нивниот број.**

- Родителите, учениците и наставниците се запознаени со правата и обврските на децата. Сите вработени во училиштето ги почитуваат правата на учениците. Ученичкиот правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето реализираше активности со цел сите ученици да се запознаат со правата на децата. Најголемиот дел од учениците сметат дека нивните права се почитуваат.

- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Во училиштето се преземаат сите активности кои се потребни се со цел да биде обезбеден подеднаков третман на сите ученици, како и мерки потребни за непречено овозможување инклузија за учениците со попреченост во наставниот процес.

- Родителите се вклучени во Училишниот одбор и Советот на родители и на овој начин се запознаваат со воспитно-образовната работа на училиштето, учествуваат во работата со свои предлози и мислења и учествуваат во процесот на донесување одлуки во училиштето. Дел од

родителите земаат активно учество со разни активности на училиштето. **Иако родителите се вклучени во разни активности на училиштето, сепак, како училиште, би сакале да бидат уште повеќе вклучени во работата на училиштето со нивни сопствени иницијативи.**

**-** Нашето училиште има одлична соработка со Општината и локалната заедница. Соработката на нашето училиште со локалната заедница се остварува преку разни општествени, културни и образовни активности и преку нив се презентираат постигнатите резултати од работата на училиштето и истото се афирмира како образовен и културен центар. Споменатите активности се реализираат преку разновидни настани, собири, средби, културно-уметнички приредби, изложби, манифестации и акции од секаков вид. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Во сите активности училиштето активно соработува со сите сектори во локалната самоуправа, посебно со Секторот за образование.

-Училиштето има изготвено Политика против насилство, Програма за превенција на насилно однесување, акционен план, постапка за безбедност и превенција од насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство. Сите овие документи се достапни на веб- страницата на училиштето. Покрај тоа, со овие документи родителите се запознаваат и преку Советот на родители и одделенските раководители.
На учениците како и на родителите им е достапна стручна помош од страна на тимот за превенција и од страна на стручната служба на училиштето. Со учениците се спроведуваат превентивни програми во рамките на кои се работилниците за препознавање на насилство и реагирање во случаи на насилство, работилниците во рамките на Програмата за ненасилно разрешување на конфликти, како и активности за подигнување на свеста за ненасилна комуникација и однесување, како од страна на психологот на училиштето, одделенските раководители, така и преку учество на работилници организирани од страна на други институции. Работилници за препознавање на насилство и постапување на училиштето во случаи на насилство се рализирани и за наставниот кадар од страна на психологот на училиштето.
Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди. Постојано се работи на тоа наставниците да служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација, со што истите вредности се пренесуваат и во начинот на однесување и комуникација меѓу учениците. **Во училиштето нема евидентирано форми на насилство од трето ниво. Формите на насилство од прво ниво се решаваат ефикасно и најчесто не се повторуват од страна на ист ученик или ученици, а истото важи и за ретките форми на насилство од второ ниво.**

-Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Во контекст на севкупната грижа за учениците, во училиштето се спроведува Превентивна програма за заштита од болести на зависност.

- Во училиштето се води грижа за квалитетот на храна која им е понудена на учениците и се води кампања за здрава храна преку едукативни предавања и проекти, а кампањата ја реализираат самите наставници во текот на часовите на одделенската заедница и преку часови каде имаат интеграција на еколошка едукација. Во училиштето во континуитет редовно се реализирааат активности со цел да се подигне свесноста кај учениците и родителите за потребата од консумирање на здрава храна.

- Хигиената во училиштето е на добро ниво. Наставниот кадар воспитно делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена и на одделенските часови се реализираат содржини од областа на здравствената заштита. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Дезинфекција на просториите се врши неколку пати во текот на денот, а дезинсекција и дератизација се вршат еднаш годишно. Ходниците и

скалите се чистат двапати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат по еднаш или двапати во секое полугодие. И покрај тоа што во училиштето се води постојана грижа за хигиената, сепак сметаме дека треба да се преземат дополнителни мерки за да се постигнат максимални хигиенски услови. Училиштето има превентивна Програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците. Сите ученици и вработени редовно вршат систематски прегледи.

-Училиштето располага со ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални, но **во училиштето сè уште нема громобранска инсталација. Известени се сите надлежни и во најскоро време истата би требало да биде поставена**. Во училиштето има План за евакуација и спасување и План за постапување во кризни ситуации и истите се истакнати на видно место во училишниот хол на секој од катовите. **Во училиштето нема помошни скали за во случај на пожар и нема противпожарни аларми, но се поставени панични светла и план за движење при евакуација.** Во текот на годината се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Вработените во училиштето се обучени за однесување во случај на пожар или друга елементарна непогода. Исто така и учениците се запознаени со мерките за постапување во случај на пожар или земјотрес. Во училиштето има План за движење при евакуација.

-Во нашето училиште постојано се води грижа за учениците од социјално загрозени семејства. Овие ученици го имаат остварено правото за добивање образовен додаток, а во училиштето за нив се организира помош од различни аспекти: помош во храна, облека, хигиенски средства и училишен прибор, преку спроведување на хуманитарни акции (без да се напоменува за кој ученик се спроведува акцијата со цел да не се повреди личноста на ученикот) кои се реализирани од страна на Подмладокот на црвениот крст на училиштето, како и помош од страна на наставниците и стручните соработници преку давање индивидуална поддршка во процесот на учење и во подрачјата на зајакнување на самодоверба, редефинирање на однесувањето и остварување на социјални врски.

-Училиштето редовно води евиденција за учениците со здравствени проблеми со цел да им овозможат безбедни услови за престој во училиштето, но и еднаков третман во рамките на образовниот процес. Грижата за овие ученици се одвива според пропишана Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди. Процедурата се спроведува во практиката за сите ученици кои имааат потреба од таков третман, а во постојана соработка со нивните родители. Дел од оваа процедура е и начинот на кој, за учениците кои се принудени почесто да отсуствуваат од настава поради хоспитализирање или хронични заболувања, се овозможува учење во домашни услови или во здравствена установа во периодот кога е ученикот на боледување, при што се користи и наставата од далечина. На овој начин, покрај поддршката во учењето, на ученикот му е дадена поддршка од емоционален аспект, со оглед на тоа што по неговото враќање во училиштето не се чувствуваат последици од отсуството, а ученикот не е изложен на стрес во поглед на прилагодувањето.

-Во училиштето има механизми за навремено откривање и грижа за ученици со социо-емоционални проблеми, без оглед на изворот. Особено важно е да се истакне соработката со стручната служба која постојано дава поддршка, помош и насоки на сите. Од страна на психологот во текот на целото школување на учениците, се следи емоционалната состојба на учениците и се преземаат разни интервенции во зависност од потребите на учениците, односно се дава индивидуална и групна поддрша на учениците во надминување на емоционални потешкотии од различен карактер, а се однесуваат на ниска самодоверба, повлеченост, анксиозност, потешкотии кои произлегуваат од загуба на близок член на семејство или родител, развод на родители или разни други семејни ситуации. При интервенциите се прави стратегија во која свој удел има секој од засегнатите субјекти –ученици, родители, наставници. Во одредени ситуации учениците и/или родителите се упатуваат до релевантни институции. Училиштето

за таа цел има соработка со институции како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, центар за ментално здравје, полиција. Како дел од превентивните програми на училиштето, психологот на училиштето  реализира работилници со учениците за заштита на менталното здравје и добросостојбата на учениците.

-Со цел да се информираат  учениците за можниот избор на идна професија  и да им помогне во изборот на нивното натамошно образование (професионална ориентација) училиштето им обезбедува на сите ученици, вклучувајќи ги и децата со ПОП, точни и јасни информации за можностите за понатамошно образование. Со учениците од деветто одделение се врши анкетирање во однос на нивната информираност и првичната заинтересираност за избор на одредено занимање, се прави проверка на интересите и способностите на учениците и консултации со нив, се организираат средби со претставници од средните училишта на кои се врши презентација на нивната организација и начинот на работа, а се врши и посета на дел од средните училишта. За подобро информирање се врши и посета на образовен саем за средно образование каде учениците непосредно се запознаваат со условите за упис во одредени училишта. За значењето на правилниот избор на средно училиште се дискутира со учениците на одделенскиот час, а со родителите на родителски состанок.На веб-страницата на училиштето редовно се објавува презентација подготвена од психологот на училиштето со јасни насоки за спроведување на целиот процес на запишување на учениците во средните училишта која е наменета и за учениците и за нивните родители.

**Силни  страни**

- Во училиштето има взаемна почит помеѓу наставниот, стручниот кадар, учениците и родителите.
- Во нашето училиште особено внимание се посветува на негување на родовата, мултикултурната и мултиетничката различност, како и на меѓуетничката интеграција во образованието.
- Грижата и инклузијата во наставниот процес на децата со посебни образовни потреби е една од главните одлики на училиштето.
- Нашето училиште е препознаено во околината и пошироко во државата како модел училиште, односно училиште со одлични инклузивни практики.
- Училиштето одлично соработува со Општината, локалната заедница, институциии од областа на здравството, спортот, културата, хуманоста, образованието.
- Училиштето е препознатливо по грижата за здравјето, добросостојбата на учениците, примерното однесување и дисциплината.
- Во училиштето во континуитет редовно се реализирааат  активности со цел да се подигне свесноста кај учениците и родителите за потребата од консумирање на здрава храна.
- Во текот на годината се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.
- Во нашето училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди.

- Во училиштето нема евидентирано форми на насилство од трето ниво.
- Во нашето училиште, формите на насилство од прво ниво се решаваат ефикасно и најчесто не се повторуват од страна на ист ученик или ученици, а истото важи и за ретките форми на насилство од второ ниво.
- Учениците при посета на разни институции, се дисциплинирани, се однесуваат пристојно и истите секогаш се пофалени.
- Учениците учествуваат на натпревари и освојуваат голем број на награди од сите области на општинско, регионално и државно ниво.
- Учениците во училиштето се прифатени и почитувани од другите ученици и од наставниците.
- Постои взаемно почитување меѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и различни способности и примерно однесување на учениците.
- Учениците имаат можност своите права да ги остваруваат преку Ученичкиот парламент, ученичките заедници, организации, клубови.
- Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето.
- За учениците од социјално загрозени семејства се организира помош од различни аспекти: помош во храна, облека, хигиенски средства и училишен прибор, преку спроведување на хуманитарни акции (без да се напоменува за кој ученик се спроведува акцијата со цел да не се повреди личноста на ученикот).
- Наставниците имаат еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Наставниците служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација.
- Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи со голем ентузијазам и креативност што придонесува за постигнување на подобри резултати.
- Соработката меѓу наставниците е особено изразена при реализација на заеднички проекти и активности.
- Постои соработка и огромна поддршка помеѓу стручната служба и наставниците и помеѓу стручната служба и родителите.
- Стручната служба води грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците.
- Стручната служба е секогаш достапна за учениците и постојано им дава поддршка.

**Слаби страни**

- Во училиштето сѐ уште нема громобранска инсталација.

- Иако има докази за покренати и прифатени иницијативи од страна на Ученичкиот парламент, сепак постои потреба од зголемување на нивниот број.

**Приоритети**

- Поставување на громобранска инсталација.
- Изготвување план и стратегија за поттикнување на учениците за поголемо вклучување и учество на Ученичкиот парламент во преземање

на поголем број иницијативни и предлози за подобрување на работата на училиштето.

**Методи кои се користени за собирање на податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа која се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| **Анкета за родители/старатели** |
|---|
| Со анкетата се опфатени вкупно 176 родители од централното и подрачното училиште, од кои 100 родители чии деца се во одделенска настава и 76 родители чии деца се во предметна настава.<br>На прашањето: 3.1: Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето 64.60 % одговорија со Целосно се согласувам и 30.1 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека 94.7 % од анкетираните се запознаени со кодексот на однесување, додека пак 2.68 % односно 1.3 % одговорија со Не се согласувам односно Целосно не се согласувам на ова прашање, а само 1.3 % дека Немаат информација по однос на ова прашање.<br>На прашањето: 3.2: Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување 30 % одговорија со Целосно се согласувам и 35.1 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека 65.1% се согласуваат дека имаат можности да придонесат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување, додека пак 10, 32% односно 10, 48% одговорија со Не се согласувам односно Целосно не се согласувам на ова прашање, а 14.08 % дека Немаат информација по однос на ова прашање.<br>На прашањето: 3.3: Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците 67.06 % одговорија со Целосно се согласувам и 23.90 % со Се согласувам, што доколку овие два одговора се гледаат кумулативно, тогаш може да се каже дека високи 90.96 % од анкетираните родители сметаат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците, а 5.72 % одговорија со Не се согласувам, мал процент од само 0.4 % со Целосно не се согласувам и 2,90 % со Немам информација по ова прашање.<br>На прашањето: 3.4: Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците 58.64 % одговорија со Целосно се согласувам и 30.9 % со Се согласувам, 9.54 % со Не се согласувам и 0.9 % Немам информација. Од овие одговори на родителите може да се каже дека високи 89.54% сметаат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците, наспроти 9.54 % кои не се согласуваат со исказот и 0.9 % кои немаат информација.<br>На прашањето: 3.5: Моето дете сака да оди на училиште 61.08 % одговорија со Целосно се согласувам и 18.52 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини, односно 79.6 % од анкетираните родители потврдуваат дека нивното дете сака да оди на училиште, додека пак останатите проценти се: 13.02 % се изјаснија со Не се согласувам, а мал процент 2.20 % со Целосно не се согласувам и 1.18% Немаат информација по ова прашање.<br>На прашањето: 3.6: Училиштето добро се справува со дисциплината 33.40 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 44.06 % со Се согласувам, што покажува дека училиштето добро се справува со дисциплината. 14.76 % одговорија со Не се согласувам , 4.66 % со |

Целосно не се согласувам и 1.9% одговорија со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 3.7: Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, 25.66% одговорија со Целосно се согласувам, односно 28.26 % со Се согласувам, 23.38 % одговорија со Не се согласувам , 12.02 % со Целосно не се согласувам и 10.7 % одговорија со Немам информација по ова прашање. Ова подразбира дека малку повеќе од половината анкетирани родители биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.

На прашањето: 3.8: Моето дете, во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици, 61.16 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 31.62 % со Се согласувам, 3 % одговорија со Не се согласувам , 2.22 % со Целосно не се согласувам и високи 2% одговорија со Немам информација по ова прашање, што покажува дека високи 92.78% сметаат дека нивното дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици.

На прашањето: 3.9: Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици 45.54 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 37.66 % со Се согласувам, што укажува дека високи 83.2 % сметаат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици, додека пак 9.02% одговорија со Не се согласувам , 2.22 % со Целосно не се согласувам и 5.58 % одговорија со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 3.10: Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго 66.32% одговорија со Целосно се согласувам, 31.30 % со Се согласувам, што укажува дека високи 97.62% сметаат дека нивното дете не било дискриминирано, наспроти 1.58 % кои одговорија со Не се согласувам , 0.2 % со Целосно не се согласувам и само 0.6 % одговорија со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 3.11: Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците 36.88 % одговорија со Целосно се согласувам, 39.50 % со Се согласувам, 7.12% одговорија со Не се согласувам, 3.08 % со Целосно не се согласувам и 13.44 % одговорија со Немам информација по ова прашање што ни покажува дека високи 76.38% сметаат дека нашето училиште навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.

На прашањето: 3.12: Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето 31.98% одговорија со Целосно се согласувам, 35% со Се согласувам, што укажува дека 68.98% сметаат дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, додека пак 16.52 % одговорија со Не се согласувам , 3.5 % со Целосно не се согласувам и 13 % одговорија со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 3.13: Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство 45.22 % одговорија со Целосно се согласувам, 30.9 % со Се согласувам, 8.52 % одговорија со Не се согласувам, 6.26 % со Целосно не се согласувам и 9.12 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што подразбира дека повеќе од две третини од анкетираните родители, односно 76.12% се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.

На прашањето: 3.14: Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти 37.64 % одговорија со Целосно се согласувам, 32.78 % со Се согласувам, додека пак 7.10 % одговорија со Не се согласувам , само 4% со Целосно не се согласувам и 16.46% одговорија со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 3.15: Училиштето добро се справува при појава на насилство 33.38 % одговорија со Целосно се согласувам, 31.02 % со Се согласувам, 11.62 % одговорија со Не се согласувам , 6.72 % со Целосно не се согласувам и 15.24 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што подразбира дека повеќе од половината од анкетираните родители сметаат дека училиштето добро се справува при појава на насилство.

На прашањето: 3.16: Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога 32.38 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 23.98 % со Се согласувам, 12.14 % одговорија со Не се согласувам , 7.48 % со Целосно не се согласувам и 23.98% одговорија со Немам информација по ова прашање. Процентите на анкетираните родители кои не се согласуваат, односно немаат информација по ова прашање се добиени од родителите на ученици од пониските одделенија, што се должи на тоа што овој тип на превентивни мерки претежно ги опфаќаат погорните одделенија.

На прашањето: 3.17: Хигиената во училиштето е на високо ниво 22.30 % одговорија со Целосно се согласувам, 36.92 % со Се согласувам, што укажува дека малку повеќе од половината анкетирани родители, односно 59.22% ,сметаат дека хигиената е на високо ниво, наспроти 25.94 % одговорија со Не се согласувам , 12.40 % со Целосно не се согласувам и 2.4 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што ни покажува дека нашето училиште треба да преземе дополнителни мерки за постигнување максимални хигиенски услови во училиштето.

На прашањето: 3.18: Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете 32.80 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 53.44% со Се согласувам, што укажува дека високи 86.24% од анкетираните ученици кои сметаат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивните деца, наспроти 8.82% кои одговорија со Не се согласувам , 3.60 % со Целосно не се согласувам и само 1.38% одговорија со Немам информација по ова прашање.

На прашањето: 3.19: Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете 28.98 % одговорија со Целосно се согласувам, 48.88% со Се согласувам, 13.46 % одговорија со Не се согласувам , 7.1% со Целосно не се согласувам и само 1.58 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што покажува дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на учениците.

На прашањето: 3.20: Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците 39.36 % одговорија со Целосно се согласувам, 38.42 % со Се согласувам, 4.64 % одговорија со Не се согласувам , 2.8% со Целосно не се согласувам 12.76% одговорија со Немам информација по ова прашање. Ваквиот процент на родители кои не се согласуваат и немаат информација е добиен од анкетираните родители на пониските одделенија. Ова се должи на тоа што ваквите информации и поддршка ги добиваат учениците во завршната година на основното образование и според анкетите, нема родители од деветто одделение кои не се согласуваат или немаат информација.

| **Анкета за наставници** |
|---|
| Со анкетата се опфатени вкупно 53 наставници од централното и подрачното училиште, од кои 28 се во одделенска настава и 25 се во предметна настава.<br><br>На прашањето: 3.1 Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето 29.64 % % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 43.86 % со Се согласувам, поточно околу две третини од анкетираните наставници имаат учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето, наспроти 26.50% кои немаат учествувано.<br><br>На прашањето: 3.2 Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување 59.93 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 38.07 % со Се согласувам и само занемарливи 2 % со Немам информација по ова прашање; што исто така укажува на фактот дека наставниот кадар во нашето училиште смета дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.<br><br>На прашањето: 3.3 Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка 73.71 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 26.29 % со Се согласувам, што укажува дека наставниот кадар во целост се согласува дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.<br><br>На прашањето: 3.4 За време на моите часови има добра работна атмосфера 77.07 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 20.93 % со Се согласувам и само 2 % со Не се согласувам. Ова покажува дека за време на часовите на 98% од анкетираните наставници има добра работна атмосфера.<br><br>На прашањата 3.5 Добро соработувам со колегите во училиштето високи 88.21% одговорија со Целосно се согласувам и 11.79 % со Се согласувам, што укажува на фактот дека сите анкетирани наставници добро соработуваат со своите колеги во училиштето.<br><br>На прашањето 3.6 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти 79.07 % одговорија со Целосно се согласувам, 20.93 % со Се согласувам. и само минимални 1.79 % со Не се согласувам. Доколку првите два одговори ги сметаме за сродни по ова прашање тогаш сите анкетирани наставници спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти со своите ученици.<br><br>На прашањето: 3.7 Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство 75.29 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 24.71 % со Се согласувам, што укажува на тоа дека во нашето училиште се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.<br><br>На прашањето: 3.8 Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес 67.50 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 32.50 % со Се согласувам. Доколку двата одговори по ова прашање ги разгледуваме за сродни, тогаш сите наставници ги мотивираат учениците да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања кои се во нивни интерес.<br><br>На прашањето: 3.9 Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата 34.79 % од наставниците |

одговорија со  Целосно се согласувам, 49.86 % со Се согласувам, 7.57 % со Не се согласувам, 3.79% со Целосно не се согласувам и 4% Немам информација по ова прашање. Доколку првите два одговори по ова прашање ги разгледуваме за сродни, тогаш повеќе од две третини од наставниците, поточно 84.65 % реализираат работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата, а околу една третина не се согласуваат или пак не знаат.

На прашањето: 3.10 На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето 63.5% од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 34.5% со Се согласувам, а само 2 % со Не се согласувам. Ова укажува дека високи 98% од наставниците им укажуваат на учениците на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.

На прашањето: 3.11 Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман 73.29% од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, а 26.71% со Се согласувам, што укажува на тоа дека сите наставници соодветно реагираат на поплака на учениците за нееднаков третман.

На прашањето: 3.12 Различните маргинализирани  / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности 75.29 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам и 24.71 % со Се согласувам. Овие резултати покажуваат дека сите наставници ги вклучуваат различните маргинализирани  / ранливи групи во училишните активности.

На прашањето: 3.13 Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето 55.71 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, а 44.29 % со Се согласувам. Доколку овие два одговори ги разгледуваме за сродни, тогаш сите наставници ги поттикнуваат родителите/старателите активно да се вклучат во активностите во училиштето.

На прашањето: 3.14 Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес 63.50 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 34.5 % со Се согласувам и само 2 % со Не се согласувам. Ова покажува дека скоро сите наставници, односно 98% ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.

На прашањето: 3.15 Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата 59.93 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 30.71 % со Се согласувам, а 9.36 % со Не се согласувам. Доколку првите два одговори по ова прашање ги разгледуваме за сродни, тогаш 90.64% од наставниците учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата, наспроти 9.36% кои не учествуваат.

На прашањето: 3.16 Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога 47 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 38.5 % со Се согласувам, а 12.71 % со Не се согласувам и 1.79 % со Целосно не се согласувам. Ова укажува дека високи 85.5% од анкетираните наставници учестуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога, наспроти 14.5% кои не учествуваат.

На прашањето: 3.17 Учениците и родителите  во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите 75.29% од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 22.71 % со Се согласувам, а занемарливи 2% со Не се согласувам. Ова укажува на фактот дека 98% од наставниците сметаат дека учениците и родителите  во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за

решавање на проблемите.

**Анкета за ученици**

Со анкетата се опфатени вкупно 239 ученици од централното и подрачното училиште, од кои 89 се ученици во одделенска настава и 150 се во предметна настава.

На прашањето: 3.1 Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно 48% од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 32.5 % со Се согласувам, 10.7% со Не се согласувам, 4.7 % со Воопшто не се согласувам и 2.9 % со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат дека повеќе од две третини од анкетираните ученици се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.

На прашањето: 3.2 Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици 51.8 % од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 28.2 % со Се согласувам, 10.2 % со Не се согласувам, 5.2 % со Воопшто не се согласувам и 2% со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат високи 80% од учениците во училиштето се чувствуваат прифатено од другите ученици наспроти 15.4% кои не се согласуваат и 2 % кои немаат информација по ова прашање.

На прашањето: 3.3 Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците 58.3 % од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 27 % со Се согласувам, 4.7% со Не се согласувам, 2.9 % со Воопшто не се согласувам и 3.1% со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат дека 85.3% од учениците во училиштето се чувствуваат прифатено од наставниците наспроти малиот процент на ученици, поточно 7.6% кои не се согласуваат и 3.1% кои немаат информација по ова прашање.

На прашањето: 3.4 Сакам да одам на училиште 42 % од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 33.2 % со Се согласувам, 11.9 % со Не се согласувам, 12.2 % со Воопшто не се согласувам и 1.9 % Не знам по ова прашање. Доколку првите два одговори ги сметаме за сродни, тогаш 75.2% од учениците сакаат да одат на училиште.

На прашањето: 3.5 Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми 37.4 % од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 37% со Се согласувам, 14.2 % со Не се согласувам, 7.8 % со Воопшто не се согласувам и 2.2 % Немам информација по ова прашање. Повеќето од анкетираните ученици, поточно 74.4 % се согласни дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми.

На прашањето: 3.6 Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме 36.7 % од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 31.3 % со Се согласувам, 14% со Не се согласувам, 5.1% со Воопшто не се согласувам и 2.9 % Немам информација по ова прашање. Повеќе од две третини од анкетираните ученици, поточно 68% во одделението/училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваат, наспроти 19.1% кои немаат донесено и 2.9% кои немаат информација.

На прашањето: 3.7 Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето 56.5% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 32.9 % со Се согласувам, 4.1 % со Не се согласувам, 2% со Воопшто не се согласувам и 3.8% Немам информација по ова прашање. Ова укажува дека високи 89.4% се запознаени со  последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето.

На прашањето: 3.8 Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици 49.8 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 26.7 % со Се согласувам, 13.2 % со Не се согласувам, 7.4% со Воопшто не се согласувам и 2.3% Немам информација по ова прашање. Повеќето од анкетираните ученици, поточно 76.5% се согласни дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, наспроти 20.6 % кои не се согласуваат со нив и 2.3 % немаат информација за ова прашање.

На прашањето: 3.9 Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици 56.6 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 30.5% со Се согласувам, 8.9 % со Не се согласувам, 3.3 % со Воопшто не се согласувам и занемарливи 0.6% Немам информација по ова прашање. Ова укажува дека најголем број од анкетираните ученици односно 87.1% имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици.

На прашањето: 3.10 Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици 66.9 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 25.1 % со Се согласувам, 4.6 % со Не се согласувам, 2.2 % со Воопшто не се согласувам и незначителни 0.6 % Немам информација по ова прашање. Доколку ги разгледуваме првите два одговори како сродни тогаш високи 92% од учениците сметаат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите како и другите ученици.

На прашањето: 3.11 Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето 35.6% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 36.3 % со Се согласувам, 16.5 % со Не се согласувам, 4.8 % со Воопшто не се согласувам и 7.4% Немам информација по ова прашање. Повеќето од анкетираните ученици, поточно 71.9 % се согласни дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, наспроти 21.3 % кои не учествуваат и 7.4% кои немаат информација.

На прашањето: 3.12 Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права 55.2 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 29.3 % со Се согласувам, 5.8 % со Не се согласувам, 3.4% со Воопшто не се согласувам и 1.3% Немам информација по ова прашање. Овие резултати покажуваат дека високи 84.5% знаат како и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права.

На прашањето: 3.13 Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник 67.1% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 23.6% со Се согласувам, 5.7 % со Не се согласувам, 2.3 % со Воопшто не се согласувам и занемарливи 0.8% со Немам информација. Кога би ги разгледувале првите два одговори како сродни, тогаш 90.7% од учениците сметаат дека можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник кога имам потреба од помош, наспроти незначителен број од нив, поточно 8% и 0.8% кои не знаат.

На прашањето: 3.14 Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето 61% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 26.7 % со Се согласувам, 3.3% со Не се согласувам, 5.2 % со Воопшто не се согласувам и 2.2 % Немам информација по ова прашање. Најголемиот дел од анкетираните ученици, поточно 87.7 % се согласни дека можат слободно да

бараат совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето, 8.5 % пак не се согласуваат со нив, а 2.2 % немаат информација за ова прашање.

На прашањето: 3.15 Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем 49.3% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 35.4 % со Се согласувам, 8.9% со Не се согласувам, 3.4% со Воопшто не се согласувам и 2.8% Немам информација по ова прашање. Ова покажува дека најголемиот број на анкетирани ученици, односно 84.7% се согласни дека во училиштето добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем.

На прашањето: 3.16 Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето 65.8 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 21.9 % со Се согласувам, 4.3% со Не се согласувам, 2.8 % со Воопшто не се согласувам и 2.4 % Немам информација по ова прашање. Ова укажува дека високи 87.7% од учениците знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето.

На прашањето: 3.17 Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство 57.2% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 30% со Се согласувам, 2.7% со Не се согласувам, 5.2% со Воопшто не се согласувам и 2.5 % Немам информација по ова прашање. Најголемиот број од анкетираните ученици, поточно 87.2% се согласни дека во училиштето работат на решавање конфликти и спречување насилство наспроти 7.9 % кои не се согласуваат со нив, и 2.5 % немаат одговор на ова прашање.

На прашањето: 3.18 Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства 34.5% од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 25.9 % со Се согласувам, 13.6% со Не се согласувам, 12.2% со Воопшто не се согласувам и 13.8% Немам информација по ова прашање. Најголемиот дел од процентите на анкетираните ученици кои не се согласуваат, односно немаат информација по ова прашање се добиени од учениците од пониските одделенија, што се должи на тоа што овој тип на работилници претежно ги опфаќаат погорните одделенија. Сепак има мал број на ученици и од погорните одделенија кои не се согласни дека учествуваат во ваквите работилници.

На прашањето: 3.19 Училиштето е чисто и уредно 25.2 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 33.1 % со Се согласувам, 21.9 % со Не се согласувам, 14.7 % со Воопшто не се согласувам и 19 % Немам информација по ова прашање. Малку повеќе од половина од анкетираните ученици, поточно 55.3 % се согласни дека училиштето е чисто и уредно, додека останатиот процент не се согласни или не знаат, што ни покажува на тоа дека нашето училиште треба да преземе дополнителни мерки за постигнување максимални хигиенски услови во училиштето.

Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба

Од разговорот со психологот на училиштето добени се информации во врска со грижата за социо-емоционалната добросостојба на учениците. Овие информации се надоврзаа на податоците добиени од анкетите и документацијата во училиштето, а истите се содржани во претходните констатации.

Наоди од други видови набљудувања

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето | Управување со училиштето | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е составен од 7 члена: тројца претставници од наставниот кадар, тројца претставници од родителите и еден претставник од основачот, односно општината. Претседател на Училишниот одбор е претставник од Советот на родители. Училишниот одбор одржува состаноци, на кои освен неговите членови се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас, и двајца претставници од учениците избрани од Ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена програма за работа и сите членови се запознаени со надлежностите, а одржува состаноци по потреба со претходно известување и усогласување на времето. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат согласно Статутот на училиштето и деловниците за работа. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и ги усвојуваат програмските документи на училиштето, односно покажуваат редовност и одговорност во работата и извршувањето на обврските и надлежностите. Во однос на финансиското работење, пред сè Училишниот одбор предлага финансиски план до основачот, и воедно квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| Програма за работа на директорот; развојна програма на училиштето | Раководење со училиштето | Со училиштето раководи директор. Раководството на училиштето има отворена соработка со Наставничкиот и Одделенскиот совет, Советот на родители, МОН, Бирото за развој на образование, ДПИ, локалната средина и сите институции поврзани со работата на училиштето. Во целокупната работа на училиштето се имплементирани новините, согласно Концепцијата за основно образование. Директорот во континуитет ги следи акциските планови кои се планирани за реализација на Развојната програма за работа на училиштето со цел да обезбеди квалитет на наставата и преку тимска работа, го води училиштето кон постигнување на образовните стандарди и исполнување на критериумите за квалитетно и современо училиштето до највисоко ниво.<br><br>Во текот на учебната година под раководство на директорот, училиштето остварува успешна соработка со непосредната локална средина, бизнис заедницата и невладините организации. Соработката со општествената средина се |

| | | |
|---|---|---|
| | | одвива преку постојани контакти на директорот со локалната самоуправа, Министерството за образование, Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието, како и други институции и лица кои придонесуваат за поуспешна работа на училиштето. Директорот на училиштето во текот на целата учебна година е вклучен во сите активности организирани од страна на општина „Кисела Вода", ги координира активностите со кои е задолжено училиштето и соработува со локалната самоуправа. |
| Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека; анкети/интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има јасен организациски план за потребите за наставни средства и материјали кои се утврдуваат преку усни и писмени барања од наставниците и активите до директорот на почетокот, но и континуирано во текот на целата учебна година врз основа на постоечки планови одобрени од Министерството за финансии. Училиштето редовно се снабдува со потребниот потрошен материјал и тоа дел со буџетските финансии, дел по пат на самофинансирање или донации, а дел од нагледните средства пак се изработуваат самостојно од страна на вработените наставници или стручната служба заедно со учениците. До сега се набавени 10 смарт табли, 1 смарт панел, смарт телевизори за секоја училница, комплетно е опремен кабинетот по информатика, и набавени се нови нагледни средства потребни на наставниците соодветно за предметот.<br><br>Резултатите од анкетното прашање 4.3 *Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонинаставните активности* спроведено меѓу наставниците индицираат дека поголемиот број од наставниците 61.71 % сметаат дека училиштето им излегува во пресрет и ги снабдува со материјалот потребен за спроведување на наставните и воннаставните активности, а малку повеќе од една третина, односно 38.28 % не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Училишната библиотека располага со значаен број на литература, вкупно 8.438 дела и тоа, како лектири се водат 1594, литература за деца 4019, стручна белетристика 511, белетристика 1385, атласи и енциклопедии 127, прирачници 452, ѕвезди на светската книжевност 350. Во библиотеката членуваат 758 члена. Училишната библиотека располага со повеќе од 10 книги по ученик, вкучувајќи ги и лектирните изданија на македонски јазик. Библиотеката е добро уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и евиденцијата во библиотеката се води согласно законската регулатива и е достапна за сите ученици и |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници. Работното време на библиотеката е усогласено според распоредот на библиотекарот. Ова се поткрепува и со мислењето на родителите според спроведеното анкетно прашање: 4.4 *Училишната библиотека е достапна за сите ученици*, при што 73.7 % од родителите сметаат дека библиотеката е достапна за сите ученици, 14.24 % не се согласуваат со ова прашање, а 12 % се изјаснија дека немаат информација; како и анкетното прашање спроведено меѓу учениците: 4.2 *Може да земам лектира/книга од училишната библиотека / медијатека во секое време*, при што 65 % од учениците го имаат истото мислење како и родителите, односно се согласуваат дека библиотеката е достапна за нив, 32.6 % одговорија дека не се согласуваат, а 2.9 % немаат одговор по ова прашање. Во однос на анкетното прашање спроведено меѓу учениците: 4.3 *Библиотеката / медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера*, повеќето од анкетираните ученици, односно 51.8 % се согласни дека во библиотеката можат да учат и да читаат, 35.4 % пак не се согласуваат со нив, а 12.5 % немаат одговор на ова прашање. |
| Програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); анкети/интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици | Раководење со кадарот | Во училиштето има соодветен број наставници за целосна и квалитетна реализација на воспитно образовниот процес, како и стручни соработници. Наставниот кадар е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците се успешни како тимски работници и во рамките на стручните активи, а сето тоа придонесува за поефективно работење на училиштето. Секој наставник е соодветно распореден на работно место, според тоа што неговата квалификација е запазена и одговара на работното место. При распределбата на кадарот во предвид се земени квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар училиштето има начин за брза и најчесто соодветна замена. Како поткрепа на ова може да се додадат резултатите од анкетното прашање дадено на родителите: 4.5 *Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен,* при што 45.36 % одговорија со Целосно се согласувам и 37.8 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини, односно 83.16 % од анкетираните родители имаат доверба во раководењето со наставниот кадар во однос на квалитетот на наставата, односно сметаат дека станува збор за компетентни и стручни наставници, останатите 11.26 |

| | | |
|---|---|---|
| | | % се изјаснија со Не се согласувам, а мал процент 3.18 % односно 2.40 % со Целосно не се согласувам односно Немам информација по ова прашање.<br><br>Во училиштето постои и стручна служба составена од психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор кои работат според соодветна годишна програма за работа. **Психологот** учествува во изготвување на планирања на ниво на училиште (на пр. Годишна програма за работа на училиштето, Акциски план врз основа на програмата за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и сл), спроведува советодавна работа со учениците и нивните родители, организира и реализира работилници на разновидни теми ( на пр. врсничко насилство, справување со конфликти, заштита на менталното здравје и сл.), работи со ученици со посебни потреби, воедно давајќи соодветна поддршка и насоки и на наставниците во однос нс изготвување на индивидуални образовни планови за ученици, потоа работи со ученици со потешкотии во учењето, помага во процесот на запишување на ученици во прво одделение, го следи успехот и напредокот на учениците, работи на професионалната ориентација на учениците, остварува успешна и плодна соработка со родителите и наставниците, учествува во работата на стручните активи и другите стручни органи и институции, се грижи за унапредување на воспитно-образовниот процес, како и сопствениот професионален развој, за што води професионално досие кое редовно го ажурира и сл.<br><br>**Педагогот** во нашето училиште својата работа ја реализира во согласност со Годишната програма на училиштето и Годишната програма за работа на училишниот педагог. Воедно учествува и во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето, реализира педагошко-инструктивна работа, информативна и советодавна работа со наставниците, учениците и родителите, учествува во организација и реализација на вонаставните активности по воспитно – образовни подрачја, и успешно соработува со стручни тела училиштето, но и со стручни и општествени институции надвор од училиштето.<br><br>Работата и активностите на **специјалниот едукатор и рехабилитатор** на училиштето се одвиваат врз основа на Годишната програма за работа на училиштето и Годишната програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор. Специјалниот едукатор и рехабилитатор учествува во планирање |

| | | |
|---|---|---|
| | | на воспитно образовната дејност, учествува во работата со ученици давајќи пред сè поддршка на учениците со потешкотии во учењето, како и индивидуална поддршка на учениците со попреченост, соработува со наставниците за идентификување на ученици со попреченост и развивање стратегии за соодветно прилагодување на наставата и условите за работа со учениците, учествува во изготвување и редовно го следи процесот на водење и спроведување на ИОП и модифицирана програма, соработува со родителите особено во однос на нивно редовно информирање за напредокот на нивните деца како и за настани кои можат да им бидат од помош, соработува со заедницата (на пр. тесна соработка со ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“- Скопје, со стручното тело за функционална проценка според МКФ и сл.), и воедно се грижи за сопственото стручно усовршување и подобрување преку посети на акредитирани обуки и други настани организирани од страна на соодветни фондации (на пр. Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“) за што води професионално досие кое редовно го ажурира.<br><br>Паралелките во училиштето се распоредени во две училишни згради и тоа во централното училиште, во кое учат ученици од прво до деветто одделение, и во подрачното училиште во населбата Припор, во кое учат ученици од прво до петто одделение. Во врска со бројот на ученици по паралелка, иако се настојува да се запази паралелките да имаат оптимален број ученици согласно нормативите и стандардите, сепак треба да се напомене дека постојат паралелки со помал број на ученици и тоа во одделенска настава - класична настава во централното училиште и паралелки одделенска настава во подрачното училиште.<br><br>Програмата за професионален развој на воспитно образовниот кадар се изготвува од страна на Тимот за професионален развој на училиштето врз основа на анализата на Личните планови за професионален развој кои ги изготвуваат сите наставници. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичнитеобуки, а програмата за професионален развој на воспитно образовниот кадар опфаќа и посети на акредитирани обуки организирани од БРО односно од МОН, како и индивидуално стручно усовршување преку учества во семинари, вебинари, конференции, како и работа на стручните активи. Сето ова може да се согледа од педагошкиот картон на наставникот, како и неговото професионално досие, кое редовно го ажурира. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот и  е дел од Тимот за професионален развој каде има водечка улога при идентификацијата на потребите за професионален развој на кадарот и организирањето на поддршката која ја добиваат вработените за нивен професионален развој. На таков начин наставниот кадар постојано се обучува и надградува следејќи ги тековните трендови, промени и иновации во образованието со цел реализацијата на наставата да се изведува по најсовремени методи и техники.<br><br>Во контекст на ова може да се додадат и резултатите добиени од анкетното прашање за наставниот кадар: 4.7 *Училиштето ме поттикнува стручно да се усовршувам*, при што 65.71 % одговорија со Целосно се согласувам, 32.5 % со Се согласувам и само минимални 1.79 % со Не се согласувам. Доколку првите два одговори ги сметаме за сродни по ова прашање, 98.2 % од наставниците сметаат дека училиштето поттикнува клима за усовршување на наставниците, што би можело да се толкува за позитивен елемент во раководењето со кадарот на училиштето.<br><br>Во прилог кон ова, може да ги наведиме и резултатите од анкетното прашање дадено на наставниците: 4.4 *Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно моите потреби* при што 62.14 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 34.29 % со Се согласувам и само 1.79 % со Целосно не се согласувам и исто толку со Немам информација по ова прашање. Ова посочува дека 96 % од анкетираните наставници се изјаснија дека земаат активно учество во обуки соодветни на нивните потреби, без оглед дали се работи за дисеминација или екстерни обуки.<br><br>**Овде ќе истакнеме дека сме посебно горди на наставниот кадар и стручната служба кои работат во нашето училиште во однос на нивниот квалитет и нивниот континуиран професионален развој. Можеме слободно да кажеме дека во училиштето постои клима за подобрување и усовршување на компетенциите на наставниците и стручната служба; истите не само што учествуваат во обуки, семинари и конференции туку и самите се обучувачи и реализатори на многубројни обуки на национално ниво, и исто така се вклучени во изработка на стратешки документи, како на пр. прирачници, водичи кои се од интерес на образовниот процес, како и се во улога на организатори на** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **настани чија цел е развивање односно подобрување на наставата.**<br><br>Училиштето сѐ уште нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.<br>Училиштето ја следи и применува процедурата во врска со организација и реализација на приправничкиот стаж на наставници-приправници. Во училиштето постои наставник со звање ментор, кој во моментот работи со двајца наставници-приправници, од кои еден од нив не е вработен во нашето училиште, но е од истата општина. Назначувањето на наставникот-ментор го потврдува Наставничкиот совет, за што му се издава решение за менторство и следствено тој изработува менторска програма за работа со приправникот во текот на приправничкиот стаж согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, како и план за работа по месеци. На крајот на приправничкиот стаж, наставникот-ментор и Наставничкиот совет ги донесуваат потребните документи, како што се Извештај за совладување на основните професионални компетенции на наставникот-приправник и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит. |
| Анкети/интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици; документација за следење на наставниот процес | Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето континуирано ја следи работата на наставниците преку посета на часови од директорот и стручните соработници по претходно изготвен распоред. Се врши анализа на педагошката работа и резултатите кои се постигнуваат и врз основа на тоа се изготвуваат насоки за унапредување на воспитно-образовната работа.<br><br>Најголемиот број од наставниците во текот на учебната година се следат два пати во едно полугодие од директорот и стручните соработници преку изготвени инструменти за следење на наставен час, квалитет на подготовка за час и квалитет на изготвени планирања за настава, по што се дава повратна информација и консултации за унапредување на процесите.<br><br>Тука ќе ги вметнеме резултатите добиени од наставниот кадар во однос на анкетните прашања 4.5 и 4.*6 Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие* и *За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација*, при што се добиени речиси идентични резултати скоро 71 % одговорија со Целосно се согласувам и 29 % со Се согласувам, што укажува на фактот дека постои механизам за следење и унапредување на наставниот кадар кој успешно и |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се спроведува. |
| **Индикатор 4.2Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | Процедури за креирање на училишната политика | Процедурите за креирање на училишната политика се разгледуваат и донесуваат пред сè со давање предлози на Наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни изведени од самоевалуацијата и врз основа на стратешките и развојните цели планирани во Развојната програма на училиштето за период од 4 учебни години.<br><br>Училишните политики се креираат  врз основа на самоевалуацијата научилиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојната и Годишната програма на училиштето,како и во соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето,извештаи од одредени активности, интервјуа, анкети од родители,наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се избираат оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а практично се реализираат врз основа на Акциски планови за секоја учебна година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потреби на подрачното училиште. Консултации се вршат преку состаноци, соопштенија,извештаи и електронска комуникација во соработка со раководниот тим на училиштето. Потребите на подрачното училиште се опфатени во годишното планирање, но истите се реализираат според моменталните можности на училиштето.<br><br>Постојат процедури, постапки и правилници кои што се применуваат во училиштето, а врз основа на кои се креира училишната политика. Дел од тие постапки и процедури се следните:<br>* Постапка за оценување на знаењата на учениците;<br>* Постапка за избор на изборни предмети;<br>* Постапка за безбедност и превенција од насилство меѓу учениците;<br>* Постапка за идентификување на ученици со посебни потреби и начин наработа |

| | | |
|---|---|---|
| | | со нив;<br>* Постапка за пополнување на електронски одделенски дневници;<br>* Постапка за идентификување на ученици со потешкотии во учењето и начин на работа со нив;<br>* Постапка за идентификување на талентирани ученици;<br>* Постапка за водење на педагошка докумантација и евиденција;<br>* Постапка за планирање на наставата;<br>* Постапка за известување на родителите за успехот на учениците;<br>*Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешкотии;<br>* Процедура за начинот на враќање, складирање и доделување на учебници;<br>* Процедура за запознавање на родителите со наставните програми;<br>* Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство.<br><br>Вработените, родителите и учениците за политиката на училиштето се информираат преку разни видови соопштенија и состаноци и тоа:наставниците преку Наставничкиот совет,а преку работни состаноци останатите вработени во училиштето; учениците на одделенските часови и преку соопштенија; родителите преку родителски средби, приемни денови,брошури,преку е-дневник и Совет на родители. Својата политика училиштето ја промовира со настапи на јавни медиуми и делење информативни материјали, преку веб-страницата https://ooukrumekepeski.edu.mk/ и Facebook страницата на училиштето https://www.facebook.com/groups/628564470652659/?mibextid=NSMWBT.<br><br>Во овој контекст постои изедначеност во одговорите добиени од родителите, наставниците и учениците од спроведените анкети, како што следува подолу:<br><br>На прашањето: 4.2 *Информиран/а сум од страна на претставникот на Советот на родителии за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период* 46.1 % одговорија со Целосно се согласувам и 31.46 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека високи 77.56 % од анкетираните родители се на мислење дека претставникот од Советот на родители навремено ги информира родителите за работата на Советот на родители, при што кон ова треба да се додадат 11.62 % и 6.32 % Не се согласуваат односно Целосно не се согласуваат и занемарливи 4.52 % од анкетираните Немаат информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 4.1 *Информиран/а сум за резултатите што треба да се* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *постигнат предвидени со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање* 65.71 % % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 34.29 % со Се согласувам, што укажува на фактот дека сите наставници се навремено и редовно информирани во однос на прашањето на стратешките цели кои произлегуваат од Развојната програма на училиштетото и динамиката на нивното реализирање.<br><br>На прашањето: 4.1 *Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период* 30.4 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 36.5 % со Се согласувам, 18 % со Не се согласувам, 5.5 % со Воопшто не се согласувам и 9 % со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат дека две третини од анкетираните ученици се информирани и известени за активностите кои училиштето планира да ги преземе, а една третина се изјасниле дека не знаат што е следно планирано.<br><br>**Според горенаведеното може да истакнеме дека во нашето училиште постои механизам и систем за редовно и навремено информирање на сите учесници во работата на училиштето (наставниот кадар, учениците и родителите) во однос на планиранираните активности како и резултатите од спроведените активности предвидени како со Годишната програма за работа на училиштето така и со Развојната програма за работа на училиштето. Ова, меѓу другото говори и дека нашето училиште е транспарентно во однос на својата работа и се грижи сите да се запознаени и информирани за тековните и идните планирани активности, на што сме исто така многу горди.** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; записници од | Резултати од развојно планирање | Резултатите од развојното планирање се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани со самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултатите од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма.<br><br>Во однос на **првата стратешка цел од Развојната програма на училиштето која гласи *Осовременување на наставниот процес*:**<br><br>**Развојната цел *1.1 Обезбедување модерни нагледни средства за осовременување на наставниот процес***, може да се каже дека истата е во целост реализирана за првите две години. Во текот на изминативе две години во голема мера и во двете училишни згради се опремени училниците и кабинетите со |

| | | |
|---|---|---|
| училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | | модерна техничка опрема, набавени се 10 смарт-табли, смарт телевизори за секоја училница, еден смарт панел, комплетно е опремен кабинетот по информатика, и набавени се нови нагледни средства потребни на наставниците соодветно за предметот. Исто така, од страна на Лидија Петровска (специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето), Марија Дамчевска Ристевска (предметен наставник) и Горица Стојанова (одделенски наставник) на 23.09.2022 се одржа Стручен актив за презентација и предавање на изработените материјали од училишниот проект „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“, кој траеше од март до јуни 2022 година.На Стручниот актив се предадени изработените материјали на наставниците од прво одделение и се дадени предлог активности за работа со изготвените материјали. Следи реализација на активностите планирани за следните две години.<br><br>**Развојната цел *1.2 Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме сè поголем број наставници почетници*,** може да се каже дека истата е во целост реализирана за првите две години, но секако континуирано ќе се организираат и реализираат не само акредитирани обуки кои овозможуваат активно учество на наставниците, туку и интерни обуки и дисеминации и во наредниот период според временската рамка предвидена за имплементација на оваа цел.<br><br>**Развојната цел *1.3 Опремување на сензорна соба*** може да се каже дека истата е во целост реализирана. Со одобрување на апликацијата за опремување на сензорна соба од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, и преку отворениот повик за донации, средствата од новогодишниот училишен базар 2022 година, донациите од фирми и физички лица училиштето обезбеди средства за санирање на просторијата во која е сместена сензорната соба, и во која веќе работи специјалниот едукатор и рехабилитатор заедно со учениците со попреченост и/или образовниот асистент во согласност со потребата на учениците. Сензорната соба постојано се доопремува со потребните реквизити и ова ќе продолжи и во наредниот период.<br><br>Во однос на втората стратешка цел од Развојната програма која гласи ***Развивање на системот на функционирање на училиштето во услови на кризни ситуации:***<br><br>**Развојната цел *2.1 Доопремување на системот за заштита во кризни*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***ситуации - поставување противпожарни аларми,*** може да се каже дека истата е делумно реализирана. Во согласност со законската регулатива пропишана од Дирекцијата за заштита и спасување – подрачно одделение Кисела Вода, нашето училиште има направено процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, врз чија основа се изработени План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, како и Правилник за заштита од пожари и експлозии. Училиштето постапува во рамките на тој правилник и соработува со овластена фирма која што навремено врши проверка на исправноста на ПП апаратите, нивно сервисирање и полнење, како и обука не само на одговорното лице туку и на севкупниот вработен кадар во училиштето. Училиштето има поставено панични светла но нема направено симулација за евакуација во случај на пожар; се прават напори да се инсталираат и противпожарни аларми, со што оваа развојна цел во целост ќе биде реализирана.<br><br>**Развојната цел *2.2 Поголемо вклучување на учениците со своето мислење, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации*** може да се каже дека истата е делумно реализирана. Во периодот на учебната 2022-23 година, период на најави за бомби во училиштето, на состаноците на Наставничкиот совет, како и на часовите на одд. заедница и на Ученичкиот парламент, учениците имаа можност да дадат свои идеи и мислења за постоечката реалност и одвивањето на наставниот процес, при што училиштето постапуваше во согласност со дадените насоки од МОН и МВР во однос на безбедна евакуација на учениците и вработените, и продолжување на одвивањето на наставниот процес со вклучување на учениците на Teams платформата. Оваа развојна цел ќе продолжи да се спроведува и остварува и во наредниот период, сè до 2026 година.<br><br>**Развојната цел 2.3 *Планирање стратегии за продлабочување на соработката и активирање поголем број родители во активности на училиштето во пандемија и други кризни ситуации***, исто така е делумно реализирана. Реализирани се активности во однос на вклученост на родителите, односно нивно навремено известување за безбедноста на нивните деца во услови на дојави за бомба, следните активности ќе се насочат кон вклучување на родителите со нивни предлози и идеи за заедничко постапување во услови на разни кризни ситуации.<br><br>**Во однос на третата стратешка цел од Развојната програма која гласи *Мотивирање на воспитно-образовниот кадар и учениците за постигнување*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***на поголеми успеси:***<br><br>**Развојната цел 3.1** ***Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето*** може да се каже дека сè уште се работи на нејзина реализација, односно дека истата сеуште не е реализирана.<br><br>**Развојната цел 3.2** ***Усовршување на системот за наградување и пофалување на учениците преку награди, дипломи и пофалници*** може да се каже дека истата е делумно реализирана, со тоа што училиштето тековно во учебните години спроведува конкурс за избор на првенец на генерација, избор на првенец на паралелка според пропишан правилник за пофалување и наградување на ученици. Во контекст на ова, ќе додадеме дека наставниот кадар постојано и тековно го информира училиштето за постигнатите резултати на нашите ученици на соодветни натпревари, било од академска или спортска природа, а воедно истите се промовираат преку прикачување на постигањата и освоените награди на учениците на вебстраницата на училиштето и на FB страницата на училиштето. Во наредниот училиштето ќе ги реализира активностите за начинот на наградување на сите пофалени ученици на крајот на учебната година.<br><br>Училиштето навремено и редовно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма, како и за динамиката за нивно реализирање. На ова ни укажуваат и резултатите од анкетното прашање 4.1 *Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат предвидени со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање* спроведено меѓу наставниот кадар, кои говорат дека 65.71 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 34.29 % со Се согласувам, што укажува на фактот дека сите наставници се навремено и редовно информирани во однос на прашањето на стратешките цели кои произлегуваат од Развојната програма на училиштетото и динамиката на нивното реализирање. Кај родителите имаме сличен резултат, односно на прашањето: 4.2 *Информиран/а сум од страна на претставникот на Советот на родителии за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период* 46.1 % одговорија со Целосно се согласувам и 31.46 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека 77.56 % од анкетираните родители се на мислење дека претставникот од Советот на родители навремено ги информира родителите за работата и резултатите од работењето на училиштето. Кон ова треба да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | додадат и останатиот дел од одговорите на ова прашање, односно 11.62 % и 6.32 % од анкетираните родители одговорија со Не се согласуваат односно Целосно не се согласуваат и занемарливи 4.52 % од анкетираните Немаат информација по ова прашање. Кај учениците, на прашањето: 4.1 *Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период* 30.4 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 36.5 % со Се согласувам, 18 % со Не се согласувам, 5.5 % со Воопшто не се согласувам и 9 % со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат дека две третини од анкетираните ученици 66.9 % се информирани и известени за активностите кои училиштето планира да ги преземе, а помалку од една третина, односно 23.5 % се изјасниле дека не се информирани, и 9 % дека не знаат што е следно планирано. |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата на училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства за обезбедување финансиски средства за опремување на училниците и кабинетите со нагледни средства и техничка опрема и обезбедување финансиски средства и избор на фирма за набавка и инсталација на противпожарни аларми во двете училишни згради. Во училиштето има два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачка сметка.<br><br>Директорот има увид во сметките на училиштето, истиот увид го има и општинскиот сметководител и ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и Општината, а другата сметка е самофинансирачка на училиштето. Од буџетската сметка се исплаќаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот во нашето училиште се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска наменска. Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на Општината. За финансиите одговорен е директорот и општинскиот сметководител.<br><br>Со цел да се обезбеди транспарентност во однос на финансиското работење, за |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишниот буџет и за трошоците информирани се општинскиот сметководител, секретар – благајник и Училишниот одбор. Информациите околу буџетот се достапни и до вработените во училиштето, а завршната сметка се објавува на веб-страницата на училиштето.<br><br>Во овој контекст резултатите од анкетите спроведени меѓу наставниците го покажаа следново: На прашањето: *4.9 Запознаен сум како се троши буџетот на училиштето* 46.79 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 28.71 % со Се согласувам, а 15.36 % со Не се согласувам и 9.14 % Немам информација по ова прашање. Доколку првите два одговори по ова прашање ги разгледуваме за сродни, тогаш околу три четвртини од наставниците, поточно 75.5 % сметаат дека се информирани на што училиштето ги троши парите, а околу една четвртина не се согласуваат или пак не знаат како училиштето го троши буџетот. Додека пак, на прашањето спроведено меѓу родителите: 4*.6: Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето* само 18.14 % од анкетираните родители одговорија со Целосно се согласувам, односно 21.04 % со Се согласувам, што укажува дека помалку од половината од анкетираните родители, поточно 39.18 % знаат како се троши буџетот на училиштето, односно 15.66 % одговорија со Не се согласувам , 12.32 % со Воопшто не се согласувам и високи 38.34 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што подразбира дека повеќе од половината од анкетираните родители не знаат или немаат информација како се трошат финансиските средства на училиштето. Иако информациите за училишниот буџет им се достапни и на родителите кои се членови во Училишниот одбор, како и од соодветните финансиски документи прикачени на веб-страницата на училиштето, сепак од добиените резултати на направената анкета меѓу родителите може да се изведе заклучокот дека треба да се подобри начинот на запознавање и информирање на родителите за финансиското работење на училиштето, односно редовно да се запознаваат родителите за управувањето со буџетот на родителските средби од страна на одделенските раководители како и од страна на родителот – претставник на паралелката во Советот на родители. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

-Орган на управување со училиштето е Училишниот одбор кој брои 7 члена. Претседател на Училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на Училишниот одбор, се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од Ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа. Училишниот одбор одржува состаноци со претходно известување на членовите. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат во согласност со Статутот на училиштето и деловниците за работа. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и ги усвојуваат програмските документи на училиштето, односно покажуваат редовност и одговорност во работата и извршувањето на обврските и надлежностите. Во однос на финансиското работење, пред сѐ Училишниот одбор предлага финансиски план до основачот, и воедно квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

-Раководен орган на училиштето е директорот, чија работа пред сѐ се заснова на отворена соработка со наставниот кадар и стручната служба, Советот на родители, МОН, ДПИ, Бирото за развој на образование, локалната средина и сите институции поврзани со работата на училиштето. Директорот на училиштето во континуитет ги следи акциските планови кои се планирани за реализација на Развојната програма за работа на училиштето со цел да обезбеди квалитет на наставата и преку тимска работа, го води училиштето кон постигнување на образовните стандарди и исполнување на критериумите за квалитетно и современо училиштето до највисоко ниво.

- Директорот има јасен организациски план за потребите за наставни средства и материјали кои се утврдуваат преку усни и писмени барања од наставниците и активите до директорот на почетокот, но и континуирано во текот на целата учебна година врз основа на постоечки планови одобрени од Министерството за финансии. Училиштето редовно се снабдува со потребниот потрошен материјал и тоа дел со буџетските финансии, дел по пат на самофинансирање или донации, а дел од нагледните средства пак се изработуваат самостојно од страна на вработените наставници или стручната служба заедно со учениците. Училишната библиотека располага со значаен број на литература, вкупно 8.438 дела и тоа, како лектири се водат 1594, литература за деца 4019, стручна белетристика 511, белетристика 1385, атласи и енциклопедии 127, прирачници 452, ѕвезди на светската книжевност 350. Училишната библиотека располага со повеќе од 10 книги по ученик, вкучувајќи ги и лектирните изданија на македонски јазик. Библиотеката е добро уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и евиденцијата во библиотеката се води согласно законската регулатива и е достапна за сите ученици и наставници.

- Во училиштето има соодветен број наставници за целосна и квалитетна реализација на воспитно образовниот процес, како и стручни соработници. Наставниот кадар е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и

училиштето во целина. Наставниците и стручните соработници  се успешни како тимски работници и во рамките на стручните активи, а сето тоа придонесува за поефективно работење на училиштето. Секој наставник е соодветно распореден на работно место, според тоа што неговата квалификација е запазена и одговара на работното место. При распределбата на кадарот во предвид се земени квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар училиштето има начин за брза и најчесто соодветна замена. Програмата за професионален развој на воспитно образовниот кадар се изготвува од страна на Тимот за професионален развој на училиштето врз основа на анализата на Личните планови за професионален развој кои ги изготвуваат сите наставници. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичнитеобуки, а програмата за професионален развој на воспитно образовниот кадар опфаќа и посети на акредитирани обуки организирани од БРО односно од МОН, како и индивидуално стручно усовршување преку учества во семинари, вебинари, конференции, како и работа на стручните активи. Сето ова може да се согледа од педагошкиот картон на наставникот, како и неговото професионално досие, кое редовно го ажурира.

**Овде ќе истакнеме дека сме посебно горди на наставниот кадар и стручната служба кои работат во нашето училиште во однос на нивниот квалитет и нивниот континуиран професионален развој. Можеме слободно да кажеме дека во училиштето постои клима за подобрување и усовршување на компетенциите на наставниците и стручната служба; истите не само што учествуваат во обуки, семинари и конференции туку и самите се обучувачи и реализатори на многубројни обуки на национално ниво, и исто така се вклучени во изработка на стратешки документи, како на пр. прирачници, водичи кои се од интерес на образовниот процес, како и се во улога на организатори на настани чија цел е развивање односно подобрување на наставата.**

Училиштето сè уште нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.

Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето ја следи и применува процедурата во врска со организација и реализација на приправничкиот стаж на наставници-приправници. Во училиштето има наставник со звање ментор.

- Училиштето континуирано ја следи работата на наставниците преку посета на часови од директорот и стручните соработници по претходно изготвен распоред. Се врши анализа на педагошката работа и резултатите кои се постигнуваат и врз основа на тоа се изготвуваат насоки за унапредување на воспитно-образовната работа.

Најголемиот број од наставниците во текот на учебната година се следат два пати во едно полугодие од директорот и стручните соработници преку изготвени инструменти за следење на наставен час, квалитет на подготовка за час и квалитет на изготвени планирања за настава, по што се дава повратна информација и консултации за унапредување на процесите.

-Целите и креирањето на училишната политика се разгледуваат и поставуваат со давање предлози на Наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни утврдени со самоевалуацијата. Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојната програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и на соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето, извештаи од одредени активности, како и анкети од родители, наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се врши извлекување на оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а практично се реализираат врз основа на Акциски планови за конкретните цели за секоја учебна година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потреби на подрачното училиште. Во нашето училиште постои механизам и систем за редовно и навремено информирање на сите учесници во работата на училиштето (наставниот кадар, учениците и родителите) во однос на планиранираните активности како и резултатите од спроведените активности предвидени како со Годишната програма за работа на училиштето така и со Развојната програма за работа на училиштето. Ова, меѓу другото говори и дека нашето училиште е транспарентно во однос на својата работа и се грижи сите да се запознаени и информирани за тековните и идните планирани активности.

**-** Резултатите од развојното планирање се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани со самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултатите од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма.

-Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат согласно потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање преку издавање на спортската сала , училишната кујна, како и по пат на донации од различни фирми. Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребна работна облека и обувки за техничкиот персонал. Училиштето има богата стручна литература, и тоа прирачници, практикуми, зборници, речници, како и друга литература. Финансирањето на училиштето се одвива согласно закон и е транспарентно.

Постојат два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачки сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето , истиот увид го има и општинскиот сметководител кој ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и општината,а другата сметка е самофинансирачка на училиштето. Од буџетската сметка се исплаќаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска

| |
|---|
| наменска. Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на општината. За финансиите одговорен е директорот и општинскиот сметководител.<br><br>Во училиштето се почитува мислењето не само на наставниот кадар, туку и на учениците, преку работата на Ученичкиот парламент и правобранител, како и на родителите преку Советот на родители. Директорот и стручната служба редовно го следат наставниот процес и преку давање конструктивни насоки и повратни информации, преку поттикнување на наставниците за нивен континуиран професионален развој, се грижат за унапредување и осовременување на наставниот процес во училиштето. |
| **Силни страни**<br><br>• Раководството на училиштето има отворена соработка со Наставничкиот и Одделенскиот совет преку одржување состаноци на кои отворено се дискутира за редовните активности, но и на кои состаноци се носат одлуки за одредени збиднувања во однос на недисциплина и/или друго слично несоодветно однесување од страна на учениците; раководството соработува и со Советот на родители на чии средби го почитува мислењето на родителите во однос на тековните и идните планирани активности на училиштето што може да се види од записниците; раководството соработува со Бирото за развој на образование, МОН и Општината Кисела Вода на тој начин што учествува во настаните организирани од нивна страна, како на пр. панел дискусии, одбележувања на позначајни датуми и сл..<br><br>• Подрачното училиште е вклучено во сите процеси и училишни политики преку свој претставник во Училишниот одбор, а останатите наставници од подрачното училиште подеднакво се застапени во разни комисии и тимови во работата на училиштето, од областа на спроведување самоевалуација и други стратешки документи.<br>• Училиштето ги поттикнува наставниците на континуиран професионален развој кој се реализира преку акредитирани обуки, но и индивидуални учества во семинари, проекти и конференции, а многу од нив се и обучувачи на разни обуки или се вклучени во организирање на важни образовни настани или пак во изработка на важни стратешки документи, што може да се потврди со професионалните досиеја на наставниците и стручната служба.<br>• Во училиштето работи квалитетен наставен кадар за што говори и резултатот од анкетното прашање за родители ( 83.16 % од родителите сметаат дека кадарот е квалитетен и компетентен).<br>• Условите за работа континуирано се подобруваат преку опремување на училниците со смарт телевизори, отворање и користење на сензорна соба, како и збогатување на нагледните средства во согласност со новата концепција.<br>• Училиштето има механизам за редовно и навремено запознавање и информирање на учениците, наставниот кадар и родителите како за тековните така и за планираните активности утврдени во Годишната програма и/или Развојната програма на училиштето, за што потврдуваат и резултатите од анкетите спроведени меѓу учениците (67 % од учениците се изјаснија дека се информирани), родителите (78 % од родителите се изјаснија дека се информирани)  и наставниците (100 % од наставниците се изјаснија дека се информирани) во однос на прашањето - кои |

| |
|---|
| активности / резултати ги планира училиштето да ги оствари.<br>• Родителите земаат активно учество во процесот на креирање на училишна политика на училиштето преку нивниот претставник во Училишниот одбор.<br>• Веб-страницата на училиштето успешно функционира со постојано ажурирање во однос на постирање резултати од натпревари и активности во кои се вклучени сите чинители во училиштето, но и преку прикачување на информации, документи и соопштенија поврзани со работата на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>• Развојната цел од досегашната Развојна програма на училиштето: Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето не е реализирана.<br>• Иако на веб-страницата на училиштето се прикачува Годишен извештај за финансиското работење на училиштето, поголем дел од родителите не знаат како се троши буџетот на училиштето. |
| **Приоритети**<br>• Креирање систем за промовирање, пофалување и наградување на наставниците преку изработка на соодветен правилник.<br>• Подобрување на начинот на информирање на родителите во однос на финансиското работење на училиштето. |

**Методи кои се користени за собирање на податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа која се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| **Анкета за родители/старатели** |
|---|
| Со анкетата се опфатени вкупно 176 родители од централното и подрачното училиште, од кои 100 родители чии деца се во одделенска настава и 76 родители чии деца се во предметна настава.<br><br>На прашањето: 4.1: Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето 31.48 % одговорија со Целосно се согласувам и 32.1 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека 63.58 % од анкетираните, значи повеќе од половината, сметаат дека училиштето ги охрабрува и поттикнува да земат активно вклучување во реализирање на училишните активности предвидени за родители; додека пак 16.92 % односно 7.7 % одговорија со Не се согласувам односно Целосно не се согласувам на ова прашање, а речиси 12 % дека Немаат информација по однос на ова прашање.<br><br>На прашањето: 4.2: Информиран/а сум од страна на претставникот на Советот на родителии за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период46.1 % одговорија со Целосно се согласувам и 31.46 % со Се согласувам, што доколку се подразбираат како сродни одговори, тогаш може да се каже дека високи 77.56 % од анкетираните родители се на мислење дека претставникот од Советот на родители навремено ги информира родителите за работата на Советот на родители, при што кон ова треба да се додадат 11.62 % и 6.32 % Не се согласуваат односно Целосно не се согласуваат и занемарливи 4.52 % од анкетираните Немаат информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 4.3: Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки 40.8 % одговорија со Целосно се согласувам и 37.56 % со Се согласувам, што доколку овие два одговора се гледаат кумулативно, тогаш може да се каже дека 78.36 % од анкетираните родители сметаат дека постои транспарентност во објавувањето на одлуките од страна на Училишниот одбор, односно 12 % одговорија со Не се согласувам, мал процент од само 2.42 % со Целосно не се согласувам и 7,2 % со Немам информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 4.4: Училишната библиотека е достапна за сите ученици 43.96 % одговорија со Целосно се согласувам и 29.76 % со Се согласувам, 8.76 % со Не се согласувам, 5.48 % со Воопшто не се согласувам и 12 % Немам информација. Од овие одговори на родителите може да се каже дека речиси три четвртини поточно 73.72 % сметаат дека библиотеката е достапна за сите ученици, наспроти 14.24 % кои не се сложуваат со исказот а 12 % немаат информација.<br><br>На прашањето: 4.5: Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен 45.36 % одговорија со Целосно се согласувам и 37.8 % со Се согласувам, што значи дека повеќе од две третини, односно 83.16 % од анкетираните родители имаат доверба во раководењето со |

| |
|---|
| наставниот кадар во однос на квалитетот на наставата кој истите го обезбедуваат; останатите проценти се: 11.26 % се изјаснија со Не се согласувам, а мал процент 3.18 % односно 2.40 % со Целосно не се согласувам односно Немам информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 4.6: Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето само 18.14 % одговорија со Целосно се согласувам, односно 21.04 % со Се согласувам, што укажува дека помалку од половината од анкетираните родители, односно 39.18 % знаат како се троши буџетот на училиштето, односно 15.66 % одговорија со Не се согласувам , 12.32 % со Целосно не се согласувам и високи 38.34 % одговорија со Немам информација по ова прашање, што подразбира дека повеќе од половината од анкетираните родители не знаат или немаат информација како се трошат финансиските средства на училиштето. |
| **Анкета за наставници** |
| Со анкетата се опфатени вкупно 53 наставници од централното и подрачното училиште, од кои 28 се во одделенска настава и 25 се во предметна настава.<br><br>На прашањето: 4.1 Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат предвидени со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање 65.71 % % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 34.29 % со Се согласувам, што укажува на фактот дека сите наставници се навремено и редовно информирани во однос на прашањето на стратешките цели кои произлегуваат од Развојната програма на училиштетото и динамиката на нивното реализирање.<br><br>На прашањето: 4.2 Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки 75.71 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 22.5 % со Се согласувам и само занемарливи 1.79 % со Немам информација по ова прашање; што исто така укажува на фактот дека наставниот кадар во нашето училиќте во целост смета дека постои практика на соработка меѓу раководството, наставниците и родителите при донесувањето одлуки.<br><br>На прашањето: 4.3 Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности 29.62 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 32.07 % со Се согласувам, што индицира дека околу две третини од наставниот кадар, поточно 61.71 % се задоволни од тоа во која мера училиштето им излегува во пресрет на наставниците и ги снабдува со материјалот потребен за спроведување на наставните и воннаставните активности, а малку повеќе од една третина, односно 38.28 % поседуваат спротивно мислење.<br><br>На прашањето: 4.4 Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно моите потреби 62.14 % од наставниците одговорија со  Целосно се согласувам, 34.29 % со Се согласувам и само 1.79 % со Целосно не се согласувам односно Немам информација по ова прашање. Речиси 95 % од анкетираните наставници се изјаснија дека земаат активно учество во обуки соодветни на нивните потреби, без оглед дали се работи за дисеминација или екстерни обуки. |

| |
|---|
| На прашањата 4.5 и 4.6 Директорот и стручните соработнициследат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие и За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација, добиени се речиси идентични резултати скоро 71 % одговорија со Целосно се согласувам и 29 % со Се согласувам, што укажува на фактот дека постои механизам за следење и унапредување на наставниот кадар кој успешно и целосно се спроведува.<br><br>На прашањето 4.7 Училиштето ме поттикнува стручно да се усовршувам добиени се слични одговори како на претходните две прашања, односно 65.71 % одговорија со Целосно се согласувам, 32.5 % со Се согласувам и само минимални 1.79 % со Не се согласувам. Доколку првите два одговори ги сметаме за сродни по ова прашање, 98.2 % од наставниците сметаат дека училиштето поттикнува клима за усовршување на наставниците, односно може да се каже дека одговорите на ова прашање следствено ги надополнуваат претходните две прашања, односно укажуваат дека во училиштето постои клима во која професионалниот развој на наставниот кадар има едно од централните места.<br><br>На прашањето: 4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците 56.36 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 37.86 % со Се согласувам и само 5.79 % со Не се согласувам. Високи 94.22 % од одговорите на наставниот кадар укажуваат дека училиштето се грижи да го истакне и потврди квалитетот меѓу наставниците.<br><br>На прашањето: 4.9 Запознаен сум како се троши буџетот на училиштето 46.79 % од наставниците одговорија со Целосно се согласувам, 28.71 % со Се согласувам, а 15.36 % со Не се согласувам и 9.14 % Немам информација по ова прашање. Доколку првите два одговори по ова прашање ги разгледуваме за сродни, тогаш околу три четвртини од наставниците, поточно 75.5 % сметаат дека се информирани на што училиштето ги троши парите, а околу една четвртина не се согласуваат или пак не знаат како училиштето го троши буџетот. |
| **Анкета за ученици** |
| Со анкетата се опфатени вкупно 239 ученици од централното и подрачното училиште, од кои 89 се ученици во одделенска настава и 150 се во предметна настава.<br><br>На прашањето: 4.1 Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период30.4 % од учениците одговорија со Целосно се согласувам, 36.5 % со Се согласувам, 18 % со Не се согласувам, 5.5 % со Воопшто не се согласувам и 9 % со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат дека две третини од анкетираните ученици се информирани и известени за активностите кои училиштето планира да ги преземе, а една третина се изјасниле дека не знаат што е следно планирано.<br><br>На прашањето: 4.2 Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време 35.2 % од учениците |

| |
|---|
| одговорија со  Целосно се согласувам, 29.8 %со Се согласувам, 19.2 % со Не се согласувам, 13.4 % со Воопшто не се согласувам и 2.9 % со Немам информација по ова прашање. Добиените податоци покажуваат дека речиси две третини од анкетираните поточно 65 % сметаат дека библиотеката е достапна за сите ученици наспроти речиси една третина кои не се согласуваат и 2.9 % кои немаат информација по ова прашање.<br><br>На прашањето: 4.3 Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера 29.4 % од учениците одговорија со  Целосно се согласувам, 22.4 % со Се согласувам, 17.1 % со Не се согласувам, 18.3 % со Воопшто не се согласувам и 12.5 % Немам информација по ова прашање.Повеќето од анкетираните ученици, поточно 51.8 % се согласни дека во библиотеката можат да учат и да читаат, 35.4 % пак не се согласуваат со нив, а 12.5 % немаат одговор на ова прашање. |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| |
| |
| |

**ИЗВЕШТАЈ**

**од самоевалуација на ООУ „Круме Кепески“, Скопје-  период 2022-2024 година**

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ“ 161/2019 и 229/20 година)  Општинското основно училиште „Круме Кепески“, Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024  година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 18.03.2024  година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1.Андријана Тасевска – психолог
2.Анета Јумбрукова- наставник
3.Горица Стојанова - наставник
4.Маја Саздовска – наставник
5.Марина Миновска – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот март- јуни 2024 година. За успешно спроведување на истата Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 5 тимови за 4 клучни подрачја во однос на кои се вршеше самоевалуацијата и 1 тим за обезбедување и обработка на податоци од анкети, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1.Планирање, настава и учење | 1.Анета Јумбрукова<br>2.Лариса Станкова<br>3.Татјана Глигорова<br>4.Славица Велкова<br>5.Владимир Анѓелевски<br>6.Радмила Чипан<br>7.Стефан Пецевски<br>8.Ирена Павловска<br>9.Симона Тодоровска |

| | |
|---|---|
| | 10.Антоанела Ангелевска<br>11.Соња Спасовска<br>12.Билјана Апостоловска<br>13.Светлана Карафиљкова<br>14.Анита Матевска |
| 2.Постигнувања на учениците | 1. Вера Мијајлевска<br>2.Гордана Арсовска<br>3.Магдалена Ташковска<br>4.Билјана Милутиноска<br>5.Борче Димитриевски<br>6.Билјана Антовска<br>7.Александар Милојевиќ<br>8.Андријана Анчевска<br>9.Стојна Живиќ<br>10.Наташа Нумановиќ<br>11.Сузана Ангелова<br>12.Марина Ангелова<br>13. Татјана Пеливанова<br>14.Соња Евгениевска |
| 3.Училишна клима и односи во училиштето | 1.Марија Ристовска<br>2.Валентина Т.Стаматовска<br>3.Касиопеа Наумоска<br>4.Фросина Ѓорѓиевска<br>5.Дончо Лозановски<br>6.Игор Зафировски<br>7.Горан Андоновски<br>8.Елена Петровски<br>9.Лиле Јованчева<br>10.Светлана Смилковска<br>11.Зорица Глигорова |

| | |
|---|---|
| | 12.Наталија Николовска<br>13.Весна Настовска<br>14.Лидија Петровска |
| 4.Управување и раководење | 1.Нарциса Блажевска<br>2.Билјана Несторовска<br>3.Тина Пуфкова<br>4.Кице Гелмановски<br>5.Слободан Трајковски<br>6.Голупка Мирчевска<br>7.Маја Грнчиштанова<br>8.Елена Таневска<br>9.Даниела Велковска<br>10.Билјана Тодоровска<br>11.Петранка Ристевска<br>12.Лидија Велковска |
| 5.Спроведување и обработка на анкети | 1.Марјан Бошев<br>2.Митка Панарин<br>3.Наташа Јаковческа<br>4.Маја Саздовска<br>5.Ирена Костадинова<br>6.Горица Стојанова |

Тимовите, спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и извори, врз основа на кои ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на  индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/ реализацијата на Развојната програма на училиштето. По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 3.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/ реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>-Нашето училиште му обезбедува навремена обука на секој наставник и стручен соработник за примена на современите методи и техники за планирање на наставата. Обучениот кадар, во рамките на стручните активи на наставниците, врши дисеминација на другите наставници и стручни соработници. Во својата работа која подразбира различни услови, различни контексти и се однесува на најразлични теми, наставниците применуваат современи и креативни техники и методи за планирање, со цел развој и учење низ процес на размена меѓу учениците и наставникот. За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати во едно полугодие, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација поддршка за подобрување на истите. Она што е од поголема важност е дека поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба и меѓу наставниците.<br>- Наставниците користат стручни искуства организирани интерни обуки и дисеминации или пак како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат, но и од регионална соработка со други училишта и стручни искуства од различни медиуми. Соработката се состои во организирање средби за размена на искуства, забелешки и идеи во однос на формата и начинот на реализација на наставата, во однос на дефинирање на целите и исходите, како и инструментите за следење на напредокот на учениците, и тоа не само на почетокот на учебната година, туку во текот на целата учебна година, што е особено важно за што поуспешно интегрирање на меѓупредметните цели во образовниот процес. Размената на искуство се прави и на тој начин што наставниците имаат можност да присуствуваат на отворени и нагледни часови, како и преку посебно тесна соработка меѓу наставникот-ментор и наставникот-приправник. Кај најголем број од наставниците, како резултат на размената на искуства, планирањата се подобрени, а сите наставници промовираат заемно почитување и меѓусебна соработка.<br>-Наставата во училиштето се реализира редовно и во пропишаниот обем. Училиштето навремено ги информира членовите на Советот на родители за секоја промена. Се почитува распоредот на часовите, кој се изработува во консултација со сите наставници, распоредите се |

видно истакнати на огласната табла во училиштето, на веб-страницата на училиштето и ги знаат секој ученик и секој родител. Секоја претрпена промена се заведува во електронскиот дневник. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.

-Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во училиштето постои Постапка за определување слободни изборни предмети и активности/изборни предмети, според која учениците, во соработка со наставниците и со родителите, преку анкетни листови, навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Изборот го прават сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи нуди избор на повеќе предмети.

-Целите, задачите, активностите и ресурсите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. Сево ова овозможува интеракција на повеќе релации.Изборот на задачи и активности со различно ниво на сложеност е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, односно се применува диференцијација на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники избрани и прилагодени на нивните потреби.

- Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки. Интеракцијата не е само на релација наставник-ученик, туку и на релација ученик-ученик. За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до одреден заклучок по пат на истражување, изработки,проекти. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, остваруваат пријателски однос. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните форми, методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

-Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Како неопходен дел од планирањето и реализацијата на образовната инклузија, изготвени се низа процедури и постапки со кои се обезбедува поддршка на учениците од сите аспекти; изготвена е Училишна инклузивна политика, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и акциски планови поврзани со

реализацијата на Програмата за работа на УИТ. Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, а стручните соработници го реализираат процесот на давање индивидуална поддршка на учениците со посебни потреби, кој е насочен кон јакнење на неопходните функции за живот и учење.
За унапредување на наставата на учениците со попреченост, училиштето активно соработува со надлежниот Ресурсен центар др.Златан Сремац со кој секоја учебна година склучува договор за соработка и се изготвува акциски план за тековната учебна година кој произлегува од меѓусебниот договор за соработка  и во кој се содржани видовите на поддршка која училиштето ќе ја добива од Ресурсниот центар и начините на кои таквата поддршка ќе се реализира.
Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП, за што сведочи долгогодишната вклученост на училиштето во бројни обуки, проекти и активности кои го поддржуваат инклузивното образование. Воспитно-образовниот кадар континуирано посетува обуки понудени од институции кои го поддржуваат инклузивното образование (БРО, УНИЦЕФ, УНДП, МЦГО, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, основни училишта со ресурсен центар, како и онлајн обуки по сопствен избор) и врши  дисеминација на обуки.
Во учебната 2022/2023 година  училиштето со  преку отворен повик за донации и во соработка со Советот на родители обезбеди средства за санирање на просторијата во која ќе биде сместена сензорната соба, а преку одобрена апликација во проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ организирана од страна на Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ целосно е  опремена сензорна соба за работа со ученици со попреченост.
Во училишниот двор и во училишната зграда има адекватен пристап за лица со попреченост. Поради тоа што пристапот до сите простории на спратовите не е адаптиран, училиштето го прилагодува распоредот на училниците и на часовите на учениците кои имат потреба за тоа.
Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.
Училиштето максимално се ангажира да обезбеди услови учениците со посебни образовни потреби секогаш да бидат вклучени и да учествуваат во воннаставни активности согласно нивните интереси.
Во училиштето постојано се реализираат работилници со сите ученици за градење на училишна инклузивна култура. Дел од нив се во соработка со институции кои го поддржуваат инклузивното образование, а дел од нив се креирани во самото училиште. Особено сме горди на тоа што изминатите  учебни години во училиштето е инициран и реализиран училишен проект „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“ чија цел е изработка на инклузивни нагледни средства кои ќе допринесат за подобра интеракција во наставниот процес, мотивација кај учениците и желба за работа, развивање критичко мислење, откривање на решенија преку решавање на проблемски ситуации, а воедно и помош на наставникот за реализација на поставените стандарди од наставната програма.
Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Сите наставници успешно соработуваат со образовните асистенти во училиштето.

Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација со учениците со посебни образовни потреби, при што постојано се даваат информации на родителите и се вршат консултации со нив кој избор би бил најдобар за ученикот. Во текот на целиот процес се контактира и со училиштата во кои учениците имаат интерес и можности да се запишат или веќе се запишале, а соработката помеѓу Училишните инклузивни тимови се одвива во делот на обезбедување на информации за ученикот во поглед на неговата состојба ( јаки страни и интересирања/ можности на ученикот, потешкотии, функционалности, социјални и комуникациски вештини, самостојност и грижа за себе, влијание на надворешното опкружување), неговиот напредок и препораки за видот на поддршка која досега била давана, давала ефекти и добро би било да се продолжи.

**Горди сме што добрите практики од нашето училиште за реализација на инклузивните процеси често се модел за другите училишта. Во делот на инклузија сме лидери на општинско ниво и пошироко и постојан ресурс за училиштата од нашата околина со цел како заедница да ги подобриме инклузивните практики. Во нашето училиште инклузивните практики не се поврзани само со законските решенија, туку се пракса која со години ја негуваме и во која веруваме. Нашето мото е секое дете да добие еднаква шанса и да стане независен граѓанин кој ќе ја унапредува понатаму нашата општина и држава.**

- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма на училиштето, и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН.

Учениците, заедно со наставниците, стручната служба и Советот на родители редовно спроведува активностите за заедничко учење во наставата, заеднички наставни и вонннаставни активности на учениците согласно концептот за МИО. Наставниците во своите програми имаат планирано самостојни МИО-активности (на наставните часови и вонннаставни активности), а заедничките активности се реализираат со учениците од партнер-училиштето „Мустафа Кемал Ататурк“ од Општина Студеничани. **Иако најголем број од наставниците тврдат дека реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, мал број од родителите (42%) и поголем број од учениците, (59%) се согласуваат дека биле вклучени во мултикултурна активност. Овие поделени мислења се должат на специфичноста на заедничките активности, најчесто во нив учествуваат конкретен/ потребен број ученици во зависност од видот на активноста и бараат обезбедување на директна интеракција меѓу учениците од различни наставни јазици по претходно добиена согласност од родителите.** Од самостојните МИО-активности значајни се интегрираните часови, работилницата за аматерска фотографија, онлајн-посетата на светските музеи, работилници на часовите по слободни активности.

-Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Атмосферата во училниците и на наставните часови е пријатна и поттикнувачка. Учениците, без разлика на својот социјален статус, етничка припадност или нивниот пол се мотивирани со различни методски техники активно да учествуваат во наставата и во процесот на стекнување на знаења, самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Преку примена на современите методи учениците се поттикнуваат на критичко размислување, самостојност во донесувањето на одлуки и процес на истражувачки активности. Наставниците даваат афирмативни коментари за залагањата на учениците, не ги искажуваат слабите страни пред останатите ученици и редовно ги фалат учениците за постигнатите резултати во учењето. Трудовите на учениците од нивните секојдневни наставни и вонннаставни активности се изложени во самите училници интерно или екстерно на ниво на училиште – на училишните паноа од различни области. При изложувањето на трудовите на учениците се води особена грижа да бидат застапени двата пола, од сите етнички групи и различните способности за учење.

-Наставниците и стручните соработници сесрдно се трудат систематски да ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, да дадат поддршка за нивно задоволување преку обезбедување на пријатен простор, современи нагледни наставни средства и соодветни наставни методи и техники. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни методи и техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Наставниците и стручната служба на училиштето обезбедува поддршка и на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето за подигнување на нивото на мотивација за учење, активности за јакнење на самодовербата на учениците, примена на техники за поуспешно учење и активно вклучување во целокупниот процес на наставата.

-Оценувањето и вреднувањето на учениците е важен сегмент во образовниот процес на секој ученик. Во таа насока се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. **За истакнување е тоа што наставниците го користат оценувањето за да го проценат својот труд во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци во сопствената наставна практика.** Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците постапуваат според Постапката за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.

-Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Постои Програма за следење на постигнувањата и оценувањето на учениците, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето, постапки за оценување на учениците, акционен план, етички кодекс за оценување, критериуми за оценување и Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците. Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството. Училиштето на ниво на стручните активи има изградени критериуми за оценување усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми по секој наставен предмет наставниците ги користат за оценување на учениците, јавно се истакнати во секоја училница и со нив се запознати учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

- Наставниците користат разни методи за оценување на учениците и континуирано го следат и оценуваат нивниот напредок (формативно и

сумативно оценување). Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања преку пишана и усна информација како и преку сумативни оценки. Со примена на формативното оценување учениците имаат информација и насоки како да го подобрат својот напредок во учењето. Се вреднуваат тековните постигања на учениците и на тој начин се овозможува наставниците да ги планираат идните активности. Напредокот на учениците во учењето наставниците го следат преку формативното и сумативното оценување и притоа користат различни форми и методи: усна и писмена повратна информација за постигнатото, тематски тестови, контролни задачи, писмени работи, оценување на самостојна истражувачка работа, изведбени активности, проектни активности, водење портфолија и сл., а инструментите за оценување се постојано унапредувани во соработка со стручната служба на училиштето. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.

-Континуитетот  на успех на учениците во последните три учебни години изнесува 0,90.

- Оценувањето на учениците наставниците го користат за да ја оценат и својата работа во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци за работа. Резултатите од оценувањето на учениците влијаат на понатамошното планирање и реализирање на наставата на дневно, периодично и годишно ниво, изнаоѓање нови форми и методи за работа, како и соодветно планирање и реализирање на дополнителната и додатната настава.

-Во нашето училиште се планираат и реализираат воннаставни активности прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците, кои подоцна влијаат врз развој на нивната личност и градење на поголема самодоверба и афирмација. Активностите се планираат и одржуваат во согласност со надареноста, способноста, потребите и желбите на учениците, подеднакво достапни за сите ученици без разлика на полот. Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко.

Во нашето училиште во воннаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби, како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус без разлика на пол или нивната етничка припадност.

Учениците се запознати со воннаставните активности што се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

-Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на бројни натпревари и конкурси  од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) . **Особено сме горди на тоа што нашите ученици постигнуваат значајни резултати на општинските, регионалните и државните натпревари и конкурси.**

**Силни страни**

- Училиштето обезбедува навремена обука за секој наставник и стручен соработник за примена на современите методи и техники за планирање на наставата. Обучениот кадар, во рамките на стручните активи на наставниците, врши дисеминација на другите наставници и стручни соработници.
- За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати во едно полугодие, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација поддршка за подобрување на истите. Она што е од поголема важност е дека поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба.
- Наставниците разменуваат стручни искуства од организирани интерни обуки и дисеминации, но и од регионалната соработка со други училишта и стручни искуства од различни медиуми на средбите на стручните активи најмалку двапати во полугодието. Кај најголем број од наставниците, како резултат оваа размена, планирањата се подобрени, а сите наставници промовираат заемно почитување и меѓусебна соработка.
- Наставата во училиштето се реализира редовно и во пропишаниот обем. Училиштето навремено ги информира членовите на Советот на родители за секоја промена. Се почитува распоредот на часовите, кој се изработува во консултација со сите наставници, распоредите се видно истакнати на огласната табла во училиштето, на веб-страницата на училиштето и ги знаат секој ученик и секој родител. Секоја претрпена промена се заведува во електронскиот дневник. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.
- Во училиштето постои Постапка за определување слободни изборни предмети и активности/изборни предмети, според која учениците, без дискриминација, во соработка со наставниците и со родителите, преку анкетни листови, навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи нуди избор на повеќе предмети.
- Во училиштето целите, задачите, активностите и ресурсите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците, се применува и диференцијација на наставата.
- Учениците на часовите имаат можност да учат на различни начини (учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. ). За учениците со ПОП се користат ссоодветни методи и техники.
- Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. На најголем број од часовите постои интеракција меѓу наставникот и учениците и учениците можат слободно да се поставуваат прашања.

- Во училиштето се изготвени низа процедури и постапки со кои се обезбедува поддршка на учениците од сите аспекти; изготвена е Училишна инклузивна политика, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и акциски планови поврзани со реализацијата на Програмата за работа на УИТ.
- Училиштето активно соработува со надлежниот Ресурсен центар „ д-р Златан Сремац“ со кој секоја учебна година склучува договор за соработка и се изготвува акциски план за тековната учебна година, со цел унапредување на наставата на учениците со попреченост.
- Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП, за што сведочи долгогодишната вклученост на училиштето во бројни обуки, проекти и активности кои го поддржуваат инклузивното образование. Воспитно-образовниот кадар континуирано посетува обуки понудени од институции кои го поддржуваат инклузивното образование (БРО, УНИЦЕФ, УНДП, МЦГО, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, основни училишта со ресурсен центар, како и онлајн- обуки по сопствен избор) и врши дисеминација на обуки.
- Во училиштето, преку отворен повик за донации и во соработка со Советот на родители, целосно е опремена сензорна соба за работа со ученици со попреченост.
- Во училиштето се обезбедени услови учениците со ПОП секогаш да бидат вклучени во воннаставни активности согласно нивните интереси. Инициран е и реализиран училишен проект „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“ чија цел е изработка на инклузивни нагледни средства кои ќе допринесат за подобра интеракција во наставниот процес,
- Сите наставници успешно соработуваат со образовните асистенти во училиштето.
- Во училиштето инклузивниот тим работи и на професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби, во соработка со средните училишта, при што постојано се даваат информации на родителите и се вршат консултации со нив кој избор би бил најдобар за ученикот.
- Добрите практики од училиштето за реализација на инклузивните процеси често се модел за другите училишта. Во делот на инклузијата, училиштето е лидер во Општината и пошироко и постојан ресурс за училиштата од нашата околина со цел како заедница да се подобрат инклузивните практики.
- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма на училиштето, и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН.
- Училиштето е безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други

ученици.

- Наставниците и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, даваат поддршка за нивно задоволување преку обезбедување пријатен простор, современи нагледни наставни средства и соодветни наставни методи и техники.
- Наставниците и стручната служба на училиштето обезбедува поддршка и на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето за подигнување на нивото на мотивација за учење, активности за јакнење на самодовербата на учениците, примена на техники за поуспешно учење и активно вклучување во целокупниот процес на наставата.
- Во училиштето се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување.
- Наставниците го користат оценувањето за да го проценат својот труд во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци во сопствената наставна практика.
- Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците и стручната служба постапуваат според Постапката за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.
- Во училиштето постои Програма за следење на постигнувањата и оценувањето на учениците, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето, постапки за оценување на учениците, акционен план, етички кодекс за оценување, критериуми за оценување и Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците. Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството.
- Училиштето на ниво на стручните активи има изградени критериуми за оценување по секој наставен предмети, истите се јавно се истакнати во секоја училница и со нив се запознати учениците и родителите.
- Во училиштето Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).
- Во училиштето се планираат и реализираат воннаставни активности прилагодени според возраста, потребите и интересите на учениците.
- Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.
- Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко.
- Во воннаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби, како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус без разлика на пол или нивната етничка припадност.

| |
|---|
| • Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво.<br>• Учениците постигнуваат значајни резултати на општинските, регионалните и државните натпревари и други активности со натпреварувачки карактер: изложби, иновациски предизвици, фестивали, литературни и ликовни конкурси и сл. |
| **Слаби страни**<br>• Во училишниот двор и во училишната зграда има адекватен пристап за лица со попреченост, но пристапот до сите простории на спратовите не е адаптиран.<br>• Недоволна информираност на родителите и учениците за начиниот на вклучување и реализирање на МИО-активностите. |
| **Приоритети**<br>• Адаптирање на пристапот до сите простории на спратовите во училиштето за ученици со попреченост.<br>• Темелна информираност на родителите и учениците за начинот на вклучување во реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието. |

| **Подрачје 2: Постигнувања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме**<br>- За следење на постигнувањата и напредокот на учениците, стручната служба на училиштето редовно врши анализа на успехот, поведението и на редовноста на учениците по квалификациони периоди, анализи за постигнувањата на учениците од различен пол, анализи за постигнувањата на учениците според наставни предмети и истите се разгледувани на Наставнички совет, по што следат предлози за подобрување на постигањата на учениците кои секогаш се спроведуваат и се следат ефектите. Од споредбените анализи за изминатите три учебни години можеме да констатираме дека средниот успех на учениците не остапува значајно од една до друга учебна година ,односно се движи од 4,70 до 4,76. Учество и постигања на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Учениците со посебни потреби се вклучени во сите активности во и вон училиштето, како: екскурзии, учество на приредби, спортски натпревари, учество во образовни емисии и сл.<br>- Училиштето учествуваше во меѓународната студија TIMSS 2023 и TIMSS 2024. Учениците од четврто одделение беа тестирни во учебната 2022/2023 по наставните предмети природни науки и математика. Во учебната 2023/2024 истите ученици повторно беа тестирани по истите наставни предмети. Резултати од тестирањето училиштето сеуште нема добиено. |

- Во нашето училиште постои Постапка за идентификување на учениците со посебни образовни потреби, на ученици со потешкотии во учењето и на надарени и талентирани ученици и истата во целост се спроведува. Сознанијата кои ќе се добијат се користат за подготовка на наставниците и стручната служба во работата со учениците, координирање на нивната работа и прилагодување на пристапи за поефикасен напредок на учениците. Сите ученици добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата. За **учениците кои наидуваат на потешкотии со учењето** обезбедена е поддршка од страна на стручната служба во училиштето преку работа со нив на подигнување на мотивацијата за учење, јакнење на самодовербата, упатување на начините на ефективно учење и јакнење на нивните функционалности. Наставниците поддршката ја даваат преку вклучување на учениците во дополнителна настава и индивидуална работа со нив. **Надарените и талентираните ученици** се вклучени во додатната настава, особено е овозможена индивидуална поддршка од наставниците во развивање на капацитетите на оние ученици кои покажуваат исклучителен талент од одредена област. Учениците се поттикнати да учествуваат на натпревари од областа за која покажуваат надареност и талентот и се води грижа нивните успеси да бидат забележани и истакнати. Наставниците со надарените ученици работат и во рамките на слободните ученички активности. Во училиштето има 23 **ученици кои имаат посебни образовни потреби** – ученици со попреченост и се со наод и мислење од Заводот за ментално здравје за деца и младинци, а најголем дел од нив и со извештај од извршена проценка според МКФ. За секој ученик е формиран Инклузивен тим за ученик, постои Одлука за формирање на секој тим и записници од одржани состаноци на тимовите. За секој ученик се води портфолио од страна на стручната служба во кое се наоѓаат релевантни податоци за следење на развојот на ученикот во текот на воспитно образовниот процес. Учениците добиват континуирана поддршка од страна на наставниците преку редовната настава и воннаставните активности и од стручната служба преку индивидуална поддршка за јакнење на неопходните функции за живот и учење.

**Наставниците** во работата со учениците реализираат диференцирани цели и прилагодуваат просторни услови, материјали и начини на следење на постигнувањата на ученикот. На наставниците постојано им се дава поддршка од страна на стручните соработници и Тимот за инклузија за работа со учениците. **Стручните соработници**, врз основа на изготвен план на стручниот соработник за работа со ученикот, реализираат активности за индивидуална поддршка на ученикот. Целта на овие активности, кои се однесуваат на подрачјата: емоции и социјални односи,внимание и концентрација, помнење и перцепции, моторика, развој на говор, читање и математички способности, е да се подобрат капацитетите на ученикот и истиот да се стекне со потребните вештини и способности за учење и животно функционирање. Наставниците и стручните соработници исто така работат и на подготовување на паралелката во која учат учениците со посебни потреби и обезбедување клима за разбирање и прифаќање на различностите, како и вклучување на учениците со посебни потреби во сите активности во и вон училиштето. Во работата со овие ученици се вклучени и родителите со кои исто така се работи и им се даваат насоки како да работат и во домашни услови. Редовно, и од страна на наставниците во однос на учењето и од страна на стручните соработници во однос на развојот на функционалните способности, се води евиденција за напредокот на учениците, се остваруваат консултации со нивните **родители** на кои се разменуваат информации, информираат за напредокот и им се даваат насоки за работа во домашни услови. **Сето ова зборува**

**дека училиштето има ефикасен систем за идентификација и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост, во кој се вклучени сите чинители и кој одлично функционира.**

- Во училиштето постои Постапка за известување на родителите за постигањата на учениците. Според оваа постапка, родителите се известуваат за успехот на ученикот на родителски средби по одржување на одделенски совети и Наставнички совети на крајот на првото тримесечје, на крајот на првото полугодие, на крајот на второто тримесечје и на крајот на учебната година, преку евидентни листови, преку електронскиот дневник, кој уредно се води и во кој имаат увид во секое време, а за начинот на користење се информирани на првата родителска средба на почетокот на учебната година. По секоја родителска средба, задолжително има и отворен ден, каде што родителите се информираат за успехот на учениците и директно од предметниот наставник. Во училиштето се остваруваат и индивидуални средби на родителот со одделенскиот раководител и со предметните наставници во текот на целата учебна година. **Ова значи дека родителите/старателите се навреме и преку разни форми известувани за постигнувањата на своите деца, дека училиштето е секогаш отворено за соработка, воспитно-образовниот кадар е секогаш достапен за родителите и дека процесот на информирање секогаш е проследен и со совети како да се подобрат постигнувањата на секој ученик.**

- Училиштето во текот на целата учебна година, води евиденција за редовноста на учениците. Заредовноста на учениците, родителите се информираат преку евиденцијата на одделенските раководители во електронските дневници, родителските средби, а учениците се информирани од самите наставници и од стручната служба, која работи со учениците кои имаат изостаноци, а исто така и со нивните родители. Сите оправдани изостаноци се направени поради здравствени причини, а се оправдувани од страна на родителите и со медицинска белешка. Неоправданите изостаноци се должат на доцнење на часовите (на првиот час или по големиот одмор). Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик за изминатите две учебни години изнесува 0,2 неоправдани изостаноци по ученик.
**Особено е важно и горди сме на тоа што немаме ученици кои самоволно ги напуштаат часовите и неоправдано отсуствуваат од настава. Ова е секако резултат на континуираната работа и грижа од страна на наставниците и стручната служба, но и на практиката за секое отсуство на ученик задолжително да се контактира родителот и да се споделат информации.**

- Во училиштето редовно од страна на училишниот психолог се реализираат советувањата на родителите/старателите и учениците. Во училиштето постои Постапка за советување на родители/старатели и ученици, Програма за советување на родители/ старатели и ученици, како и записници од спроведени советувања на родители/старатели и ученици. Училиштето ги известува надлежните институции (МОН) два пати во учебната година (на полугодие и на крајот од годината) за реализираните советувања за што се води уредна документација. Училиштето врши анализа на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. **Во најголем број случаи советувањата на родители/старатели и советувањата на учениците резултираат со подобрување на постигањата на учениците, како и со подобрување на нивното однесување.**

- Постигнувањата на учениците преку редовната настава се подобруват преку континуирано подобрување на квалитетот на наставата од страна на наставниците и постојано поттикнување и поддршка на учениците за совладување на материјалот низ различни пристапи, методи,

техники и стратегии.  Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна и додатна настава за учениците, за што изготвува распоред и го истакнува на видно место во училиштето. Наставниците во текот на редовната настава и дополнителната настава, работат и со учениците кои имаат потешкотии преку адаптирани задачи и активности, односно применуваат диференцирана настава. Резултатите и ефектите од организирањето на дополнителна настава за учениците кои имаат потреба дава позитивни резултати а тоа се гледа во подобрувањето на успехот кај учениците. Нема ученици кои посетувале продолжителна настава и нема ученици кои повторувале.

**Силни  страни**

- Во училиштето се вршат анализи на успехот, поведението и на редовноста на учениците по квалификациони периоди, анализи за постигнувањата на учениците од различен пол, анализи за постигнувањата на учениците според наставни предмети  и истите се разгледувани  на Наставнички совет, по што следат предлози за подобрување на постигањата на учениците кои секогаш се спроведуваат и се следат ефектите.
- Училиштето има ефикасен систем за идентификација и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост, во кој се вклучени сите чинители и кој одлично функционира.
- Родителите/старателите се навреме и преку разни форми известувани за постигнувањата на своите деца, училиштето е секогаш отворено за соработка, воспитно-образовниот кадар е секогаш достапен за родителите и процесот на информирање секогаш е проследен и со совети како да се подобрат постигнувањата на секој ученик.
- Училиштето има систем на следење и подобрување на редовноста на учениците, во кој се вклучени сите чинители и кој дава одлични резултати. Особено е важно и горди сме на тоа што  немаме ученици кои самоволно ги напуштаат часовите и неоправдано отсуствуваат од настава. Ова е секако резултат на континуираната работа и грижа од страна на наставниците и стручната служба, но и на практиката за секое отсуство на ученик задолжително да се контактира родителот и да се споделат информации.
- Во најголем број случаи советувањата на родители/старатели и советувањата на учениците резултираат со подобрување на постигањата на учениците, како и со подобрување на нивното однесување.
- Постигањата на учениците се подобруваат преку дополнителната и диференцираната настава.

**Слаби страни**

/

**Приоритети**

**/**

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>-Нашето училиште води политика на меѓусебно почитување, разбирање и соработка меѓу сите структури што придонесува за позитивна училишна клима. Училиштето е препознатливо по динамичниот карактер на активностите и промените кои се дел од секојдневниот развој и прилагодување на потребите на модерното време. Тие во голем дел се резултат од заложбите наведени во визијата и мисијата на училиштето, како и од континуитетот во промовирањето на мултиетничноста, мултикултурализмот, инклузивноста и учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците, наставниот кадар и останатите вработени во училиштето се тие кои го градат и постојано го унапредуваат угледот на училиштето. Имиџиот на училиштето го градиме преку учество на натпревари и освоени голем број на награди од сите области. На учениците им обезбедуваме инклузивно, еднакво и квалитетно образование со цел да се промовира индивидуалниот развој на сите ученици ставајќи посебен акцент на прифаќањето на различностите. Грижата и инклузијата во наставниот процес на децата со посебни образовни потреби е една од главните одлики на училиштето. **Особено сме горди на инклузивните процеси во училиштето во однос на кои сме препознаени во околината и пошироко во државата како модел училиште, односно училиште со одлични инклузивни практики.** Нашето училиште се залага за рамноправен и еднаков однос спрема сите ученици за заемно почитување и еднаков третман на сите структури. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржувањето на добра и позитивна атмосфера во училиштето што се гледа во нивниот однос спрема учениците без оглед на пол, етничка припадност, способност. Професионалната соработка и размена на искуства меѓу наставниот кадар во училиштето се зајакнува преку реализација на интегрирани часови, реализација на заеднички проекти, заеднички подготовки за воннаставни активности како и активности реализирани на ниво на општина. Наставниците добро соработуваат со колегите во училиштето, а на младите неискусни наставници несебично им се помага во унапредувањето на воспитно образовната работа од страна на наставниците со поголемо искуство како и од страна на стручната служба. **Училиштето со гордост може да каже дека е препознаено и пошироко во нашата држава со тоа што дел од наставниците и стручните соработници постојано даваат придонес во нашето образование како обучувачи, модератори, креатори на обуки и вебинари, автори, консултанти во однос на наставни, програмски, системски и законски решенија, преку работа на проекти и во рамките на работни групи, учесници се во фокус групи и слично.**<br>-Во училиштето постои Кодекс на однесување на вработените, учениците и родителите кој содржи принципи, правила и обврски за професионално и етичко однесување. Постојат Куќен ред, Правила за однесување на учениците со кои се регулира развивањето на свеста кај учениците за чување на инвентарот, хигиената, редовноста, ненасилството и придонесуваат за добро однесување кај учениците и здрави меѓучовечки односи. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведуваат во практика. При изработката на Кодексот на однесување земени се предвид укажувањата од Советот на родители и учениците од Ученичкиот парламент, а за истите се дискутира со наставниците на |

Наставнички совет. Постојано се врши ажурирање на содржината на Кодексот и истиот е поставен на веб-страницата на училиштето.
- Училиштето води политика на меѓусебно почитување, разбирање и соработка меѓу сите структури што придонесува за позитивна училишна клима. Постои континуирана професионалната соработка и размена на искуства меѓу наставниот кадар. Особено важно е да се истакне соработката со стручната служба која постојано дава поддршка, помош и насоки на сите. На младите неискусни наставници несебично им се помага во унапредувањето на воспитно образовната работа од страна на наставниците со поголемо искуство како и од страна на стручната служба. На учениците им обезбедуваме инклузивно, еднакво и квалитетно образование со цел да се промовира индивидуалниот развој на сите ученици ставајќи посебен акцент на прифаќањето на различностите. **Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди. Постојано се работи на тоа наставниците да служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација, со што истите вредности се пренесуваат и во начинот на однесување и комуникација меѓу учениците.**

**-Дисциплината и поведението на учениците во нашето училиштето се на високо ниво. При посета на разни институции, учениците се дисциплинирани, се однесуваат пристојно и истите секогаш се пофалени.** Мерките за советување, кои стручната служба ги спроведува согласно потребите на училиштето, придонесуваат кон одржување на стабилна ситуација на ова поле. Одделенските раководители се вклучени со реализација на работилници на одделенските часови на кои се обработуваат теми од областа на животни вештини со цел да се развие позитивен однос на учениците и позитивни социјални вештини. Работната атмосфера преовладува во училиштето за време на часовите и за време на вонннаставните активности.

- Преку активностите на Ученичкиот парламент во кој има претставници од секоја паралелка од четврто до деветто одделение учениците искажуваат свои ставови, предлози, дискусии, совети и разговори. Учениците по демократски пат имаат избрано претседател на Ученичкиот парламент и ученички правобранител кој ги застапува нивните интереси. **Иако има докази за покренати и прифатени иницијативи од страна на Ученичкиот парламент, сепак постои потреба од зголемување на нивниот број.**

- Родителите, учениците и наставниците се запознаени со правата и обврските на децата. Сите вработени во училиштето ги почитуваат правата на учениците. Ученичкиот правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето реализираше активности со цел сите ученици да се запознаат со правата на децата. Најголемиот дел од учениците сметат дека нивните права се почитуваат.

- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Во училиштето се преземаат сите активности кои се потребни се со цел да биде обезбеден подеднаков третман на сите

ученици, како и мерки потребни за непречено овозможување инклузија за учениците со попреченост во наставниот процес.

- Родителите се вклучени во Училишниот одбор и Советот на родители и на овој начин се запознаваат со воспитно-образовната работа на училиштето, учествуваат во работата со свои предлози и мислења и учествуваат во процесот на донесување одлуки во училиштето. Дел од родителите земаат активно учество со разни активности на училиштето. **Иако родителите се вклучени во разни активности на училиштето, сепак, како училиште, би сакале да бидат уште повеќе вклучени во работата на училиштето со нивни сопствени иницијативи.**

**-** Нашето училиште има одлична соработка со Општината и локалната заедница. Соработката на нашето училиште со локалната заедница се остварува преку разни општествени, културни и образовни активности и преку нив се презентираат постигнатите резултати од работата на училиштето и истото се афирмира како образовен и културен центар. Споменатите активности се реализираат преку разновидни настани, собири, средби, културно-уметнички приредби, изложби, манифестации и акции од секаков вид. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Во сите активности училиштето активно соработува со сите сектори во локалната самоуправа, посебно со Секторот за образование.

-Училиштето има изготвено Политика против насилство, Програма за превенција на насилно однесување, акционен план, постапка за безбедност и превенција од насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство. Сите овие документи се достапни на веб- страницата на училиштето. Покрај тоа, со овие документи родителите се запознаваат и преку Советот на родители и одделенските раководители.
На учениците како и на родителите им е достапна стручна помош од страна на тимот за превенција и од страна на стручната служба на училиштето. Со учениците се спроведуваат превентивни програми во рамките на кои се работилниците за препознавање на насилство и реагирање во случаи на насилство, работилниците во рамките на Програмата за ненасилно разрешување на конфликти, како и активности за подигнување на свеста за ненасилна комуникација и однесување, како од страна на психологот на училиштето, одделенските раководители, така и преку учество на работилници организирани од страна на други институции. Работилници за препознавање на насилство и постапување на училиштето во случаи на насилство се рализирани и за наставниот кадар од страна на психологот на училиштето.
Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди. Постојано се работи на тоа наставниците да служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација, со што истите вредности се пренесуваат и во начинот на однесување и комуникација меѓу учениците. **Во училиштето нема евидентирано форми на насилство од трето ниво. Формите на насилство од прво ниво се решаваат ефикасно и најчесто не се повторуват од страна на ист ученик или ученици, а истото важи и за ретките форми на насилство од второ ниво.**

-Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Во контекст на севкупната грижа за учениците, во училиштето се спроведува Превентивна програма за заштита од болести на зависност.

- Во училиштето се води грижа за квалитетот на храна која им е понудена на учениците и се води кампања за здрава храна преку едукативни предавања и проекти, а кампањата ја реализираат самите наставници во текот на часовите на одделенската заедница и преку часови каде имаат интеграција на еколошка едукација. Во училиштето во континуитет редовно се реализирааат активности со цел да се подигне свесноста кај учениците и родителите за потребата од консумирање на здрава храна.
- Хигиената во училиштето е на добро ниво. Наставниот кадар воспитно делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена и на одделенските часови се реализираат содржини од областа на здравствената заштита. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Дезинфекција на просториите се врши неколку пати во текот на денот, а дезинсекција и дератизација се вршат еднаш годишно. Ходниците и скалите се чистат двапати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат по еднаш или двапати во секое полугодие. И покрај тоа што во училиштето се води постојана грижа за хигиената, сепак сметаме дека треба да се преземат дополнителни мерки за да се постигнат максимални хигиенски услови. Училиштето има превентивна Програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците. Сите ученици и вработени редовно вршат систематски прегледи.
-Училиштето располага со ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални, но **во училиштето сѐ уште нема громобранска инсталација. Известени се сите надлежни и во најскоро време истата би требало да биде поставена**. Во училиштето има План за евакуација и спасување и План за постапување во кризни ситуации и истите се истакнати на видно место во училишниот хол на секој од катовите. **Во училиштето нема помошни скали за во случај на пожар и нема противпожарни аларми, но се поставени панични светла и план за движење при евакуација.** Во текот на годината се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Вработените во училиштето се обучени за однесување во случај на пожар или друга елементарна непогода. Исто така и учениците се запознаени со мерките за постапување во случај на пожар или земјотрес. Во училиштето има План за движење при евакуација.
-Во нашето училиште постојано се води грижа за учениците од социјално загрозени семејства. Овие ученици го имаат остварено правото за добивање образовен додаток, а во училиштето за нив се организира помош од различни аспекти: помош во храна, облека, хигиенски средства и училишен прибор, преку спроведување на хуманитарни акции (без да се напоменува за кој ученик се спроведува акцијата со цел да не се повреди личноста на ученикот) кои се реализирани од страна на Подмладокот на црвениот крст на училиштето, како и помош од страна на наставниците и стручните соработници преку давање индивидуална поддршка во процесот на учење и во подрачјата на зајакнување на самодоверба, редефинирање на однесувањето и остварување на социјални врски.

-Училиштето редовно води евиденција за учениците со здравствени проблеми со цел да им овозможат безбедни услови за престој во училиштето, но и еднаков третман во рамките на образовниот процес. Грижата за овие ученици се одвива според пропишана Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди. Процедурата се спроведува во практиката за сите ученици кои имааат потреба од таков третман, а во постојана соработка со нивните родители. Дел од оваа процедура е и начинот на кој, за учениците кои се принудени почесто да отсуствуваат од настава поради хоспитализирање или хронични заболувања, се овозможува учење во домашни услови или во здравствена установа во периодот кога е ученикот на боледување, при што се користи и наставата од далечина. На овој начин, покрај поддршката во учењето, на ученикот му е дадена поддршка од емоционален аспект, со оглед на тоа што по неговото враќање во училиштето не се чувствуваат последици од отсуството, а ученикот не е изложен на стрес во поглед на прилагодувањето.
-Во училиштето има механизми за навремено откривање и грижа за ученици со социо-емоционални проблеми, без оглед на изворот. Особено важно е да се истакне соработката со стручната служба која постојано дава поддршка, помош и насоки на сите. Од страна на психологот во текот на целото школување на учениците, се следи емоционалната состојба на учениците и се преземаат разни интервенции во зависност од потребите на учениците, односно се дава индивидуална и групна поддрша на учениците во надминување на емоционални потешкотии од различен карактер, а се однесуваат на ниска самодоверба, повлеченост, анксиозност, потешкотии кои произлегуваат од загуба на близок член на семејство или родител, развод на родители или разни други семејни ситуации. При интервенциите се прави стратегија во која свој удел има секој од засегнатите субјекти –ученици, родители, наставници. Во одредени ситуации учениците и/или родителите се упатуваат до релевантни институции. Училиштето за таа цел има соработка со институции како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, центар за ментално здравје, полиција.
Како дел од превентивните програми на училиштето, психологот на училиштето реализира работилници со учениците за заштита на менталното здравје и добросостојбата на учениците.

-Со цел да се информираат учениците за можниот избор на идна професија и да им помогне во изборот на нивното натамошно образование (професионална ориентација) училиштето им обезбедува на сите ученици, вклучувајќи ги и децата со ПОП, точни и јасни информации за можностите за понатамошно образование. Со учениците од деветто одделение се врши анкетирање во однос на нивната информираност и првичната заинтересираност за избор на одредено занимање, се прави проверка на интересите и способностите на учениците и консултации со нив, се организираат средби со претставници од средните училишта на кои се врши презентација на нивната организација и начинот на работа, а се врши и посета на дел од средните училишта. За подобро информирање се врши и посета на образовен саем за средно образование каде учениците непосредно се запознаваат со условите за упис во одредени училишта. За значењето на правилниот избор на средно училиште се дискутира со учениците на одделенскиот час, а со родителите на родителски состанок.На веб-страницата на училиштето редовно се објавува презентација подготвена од психологот на училиштето со јасни насоки за спроведување на целиот процес на запишување на учениците во средните училишта која е наменета и за учениците и за нивните родители.

**Силни страни**

- Во училиштето има заемна почит помеѓу наставниот, стручниот кадар, учениците и родителите.
- Во нашето училиште особено внимание се посветува на негување на родовата, мултикултурната и мултиетничката различност, како и на меѓуетничката интеграција во образованието.
- Грижата и инклузијата во наставниот процес на децата со посебни образовни потреби е една од главните одлики на училиштето.
- Нашето училиште е препознаено во околината и пошироко во државата како модел училиште, односно училиште со одлични инклузивни практики.
- Училиштето одлично соработува со Општината, локалната заедница, институциии од областа на здравството, спортот, културата, хуманоста, образованието.
- Училиштето е препознатливо по грижата за здравјето, добросостојбата на учениците, примерното однесување и дисциплината.
- Во училиштето во континуитет редовно се реализирааат активности со цел да се подигне свесноста кај учениците и родителите за потребата од консумирање на здрава храна.
- Во текот на годината се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.
- Во нашето училиштето нема закани, говор на омраза, провокации или навреди.
- Во училиштето нема евидентирано форми на насилство од трето ниво.
- Во нашето училиште, формите на насилство од прво ниво се решаваат ефикасно и најчесто не се повторуват од страна на ист ученик или ученици, а истото важи и за ретките форми на насилство од второ ниво.
- Учениците при посета на разни институции, се дисциплинирани, се однесуваат пристојно и истите секогаш се пофалени.
- Учениците учествуваат на натпревари и освојуваат голем број на награди од сите области на општинско, регионално и државно ниво.
- Учениците во училиштето се прифатени и почитувани од другите ученици и од наставниците.
- Постои заемно почитување меѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и различни способности и примерно однесување на учениците.

- Учениците имаат можност своите права да ги остваруваат преку Ученичкиот парламент, ученичките заедници, организации, клубови.
- Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето.
- За учениците од социјално загрозени семејства се организира помош од различни аспекти: помош во храна, облека, хигиенски средства и училишен прибор, преку спроведување на хуманитарни акции (без да се напоменува за кој ученик се спроведува акцијата со цел да не се повреди личноста на ученикот).
- Наставниците имаат еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Наставниците служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација.
- Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи со голем ентузијазам и креативност што придонесува за постигнување на подобри резултати.
- Соработката меѓу наставниците е особено изразена при реализација на заеднички проекти и активности.
- Постои соработка и огромна поддршка помеѓу стручната служба и наставниците и помеѓу стручната служба и родителите.
- Стручната служба води грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците.
- Стручната служба е секогаш достапна за учениците и постојано им дава поддршка.

**Слаби страни**

- Во училиштето сè уште нема громобранска инсталација.
- Иако има докази за покренати и прифатени иницијативи од страна на Ученичкиот парламент, сепак постои потреба од зголемување на нивниот број.

**Приоритети**

- Поставување на громобранска инсталација.
- Изготвување план и стратегија за поттикнување на учениците за поголемо вклучување и учество на Ученичкиот парламент во преземање на поголем број иницијативни и предлози за подобрување на работата на училиштето.

| Подрачје 4: Управување и раководење |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>-Орган на управување со училиштето е Училишниот одбор кој брои 7 члена. Претседател на Училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на Училишниот одбор, се поканувaaт и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од Ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа. Училишниот одбор одржува состаноци со претходно известување на членовите. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат во согласност со Статутот на училиштето и деловниците за работа. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и ги усвојуваат програмските документи на училиштето, односно покажуваат редовност и одговорност во работата и извршувањето на обврските и надлежностите. Во однос на финансиското работење, пред сè Училишниот одбор предлага финансиски план до основачот, и воедно квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>-Раководен орган на училиштето е директорот, чија работа пред сè се заснова на отворена соработка со наставниот кадар и стручната служба, Советот на родители, МОН, ДПИ, Бирото за развој на образование, локалната средина и сите институции поврзани со работата на училиштето. Директорот на училиштето во континуитет ги следи акциските планови кои се планирани за реализација на Развојната програма за работа на училиштето со цел да обезбеди квалитет на наставата и преку тимска работа, го води училиштето кон постигнување на образовните стандарди и исполнување на критериумите за квалитетно и современо училиштето до највисоко ниво.<br>- Директорот има јасен организациски план за потребите за наставни средства и материјали кои се утврдуваат преку усни и писмени барања од наставниците и активите до директорот на почетокот, но и континуирано во текот на целата учебна година врз основа на постоечки планови одобрени од Министерството за финансии. Училиштето редовно се снабдува со потребниот потрошен материјал и тоа дел со буџетските финансии, дел по пат на самофинансирање или донации, а дел од нагледните средства пак се изработуваат самостојно од страна на вработените наставници или стручната служба заедно со учениците. Училишната библиотека располага со значаен број на литература, вкупно 8.438 дела и тоа, како лектири се водат 1594, литература за деца 4019, стручна белетристика 511, белетристика 1385, атласи и енциклопедии 127, прирачници 452, ѕвезди на светската книжевност 350. Училишната библиотека располага со повеќе од 10 книги по ученик, вкучувајќи ги и лектирните изданија на македонски јазик. Библиотеката е добро уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и евиденцијата во библиотеката се води согласно законската регулатива и е достапна за сите ученици и наставници.<br>- Во училиштето има соодветен број наставници за целосна и квалитетна реализација на воспитно образовниот процес, како и стручни соработници. Наставниот кадар е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците и стручните соработници се успешни како тимски работници и во рамките на стручните активи, а сето тоа придонесува за поефективно работење на училиштето. Секој наставник е соодветно распореден на работно место, според тоа што неговата квалификација е запазена и одговара на работното место. При распределбата на кадарот во предвид се земени квалитетите, |

искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар училиштето има начин за брза и најчесто соодветна замена.
- Програмата за професионален развој на воспитно образовниот кадар се изготвува од страна на Тимот за професионален развој на училиштето врз основа на анализата на Личните планови за професионален развој кои ги изготвуваат сите наставници. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичнитеобуки, а програмата за професионален развој на воспитно образовниот кадар опфаќа и посети на акредитирани обуки организирани од БРО односно од МОН, како и индивидуално стручно усовршување преку учества во семинари, вебинари, конференции, како и работа на стручните активи. Сето ова може да се согледа од педагошкиот картон на наставникот, како и неговото професионално досие, кое редовно го ажурира. **Овде ќе истакнеме дека сме посебно горди на наставниот кадар и стручната служба кои работат во нашето училиште во однос на нивниот квалитет и нивниот континуиран професионален развој. Можеме слободно да кажеме дека во училиштето постои клима за подобрување и усовршување на компетенциите на наставниците и стручната служба; истите не само што учествуваат во обуки, семинари и конференции туку и самите се обучувачи и реализатори на многубројни обуки на национално ниво, и исто така се вклучени во изработка на стратешки документи, како на пр. прирачници, водичи кои се од интерес на образовниот процес, како и се во улога на организатори на настани чија цел е развивање односно подобрување на наставата.** Училиштето сè уште нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето ја следи и применува процедурата во врска со организација и реализација на приправничкиот стаж на наставници-приправници. Во училиштето има наставник со звање ментор.
- Училиштето континуирано ја следи работата на наставниците преку посета на часови од директорот и стручните соработници по претходно изготвен распоред. Се врши анализа на педагошката работа и резултатите кои се постигнуваат и врз основа на тоа се изготвуваат насоки за унапредување на воспитно-образовната работа. Најголемиот број од наставниците во текот на учебната година се следат два пати во едно полугодие од директорот и стручните соработници преку изготвени инструменти за следење на наставен час, квалитет на подготовка за час и квалитет на изготвени планирања за настава, по што се дава повратна информација и консултации за унапредување на процесите.
-Целите и креирањето на училишната политика се разгледуваат и поставуваат со давање предлози на Наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни утврдени со самоевалуацијата. Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојната програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и на соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето, извештаи од одредени активности, како и анкети од родители, наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се врши извлекување на оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а практично се реализираат врз основа на Акциски планови за конкретните цели за секоја учебна

| |
|---|
| година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потреби на подрачното училиште. Во нашето училиште постои механизам и систем за редовно и навремено информирање на сите учесници во работата на училиштето (наставниот кадар, учениците и родителите) во однос на планиранираните активности како и резултатите од спроведените активности предвидени како со Годишната програма за работа на училиштето  така и со Развојната програма за работа на училиштето. Ова, меѓу другото говори и дека нашето училиште е транспарентно во однос на својата работа и се грижи сите да се запознаени и информирани за тековните и идните планирани активности.<br>**-** Резултатите од развојното планирање се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани со самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултатите од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма.<br>-Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат согласно потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање преку издавање на спортската сала , училишната кујна, како и по пат на донации од различни фирми. Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребна работна облека и обувки за техничкиот персонал. Училиштето има богата стручна литература, и тоа прирачници, практикуми, зборници, речници, како и друга литература. Финансирањето на училиштето се одвива согласно закон и е транспарентно.<br>Постојат два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачки сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето , истиот увид го има и општинскиот сметководител кој ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и општината,а другата сметка е самофинансирачка на училиштето. Од буџетската сметка се исплаќаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска наменска. Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на општината. За финансиите одговорен е директорот и општинскиот сметководител.<br>-Во училиштето се почитува мислењето не само на наставниот кадар, туку и на учениците, преку работата на Ученичкиот парламент и правобранител, како и на родителите преку Советот на родители. Директорот и стручната служба редовно го следат наставниот процес и преку давање конструктивни насоки и повратни информации, преку поттикнување на наставниците за нивен континуиран професионален развој, се грижат за унапредување и осовременување на наставниот процес во училиштето. |
| **Силни  страни**<br>● Раководството на училиштето има отворена соработка со Наставничкиот и Одделенскиот совет преку одржување состаноци на кои отворено се дискутира за редовните активности, но и на кои состаноци се носат одлуки за одредени збиднувања во однос на недисциплина и/или друго слично несоодветно однесување од страна на учениците; раководството соработува и со Советот на родители на чии средби го почитува мислењето на родителите во однос на тековните и идните планирани активности на училиштето што може да се види од |

| |
|---|
| записниците; раководството соработува со Бирото за развој на образование, МОН и Општината Кисела Вода на тој начин што учествува во настаните организирани од нивна страна, како на пр. панел дискусии, одбележувања на позначајни датуми и сл..<br>● Подрачното училиште е вклучено во сите процеси и училишни политики преку свој претставник во Училишниот одбор, а останатите наставници од подрачното училиште подеднакво се застапени во разни комисии и тимови во работата на училиштето, од областа на спроведување самоевалуација и други стратешки документи.<br>● Училиштето ги поттикнува наставниците на континуиран професионален развој кој се реализира преку акредитирани обуки, но и индивидуални учества во семинари, проекти и конференции, а многу од нив се и обучувачи на разни обуки или се вклучени во организирање на важни образовни настани или пак во изработка на важни стратешки документи, што може да се потврди со професионалните досиеја на наставниците и стручната служба.<br>● Во училиштето работи квалитетен наставен кадар за што говори и резултатот од анкетното прашање за родители ( 83.16 % од родителите сметаат дека кадарот е квалитетен и компетентен).<br>● Условите за работа континуирано се подобруваат преку опремување на училниците со смарт телевизори, отворање и користење на сензорна соба, како и збогатување на нагледните средства во согласност со новата концепција.<br>● Училиштето има механизам за редовно и навремено запознавање и информирање на учениците, наставниот кадар и родителите како за тековните така и за планираните активности утврдени во Годишната програма и/или Развојната програма на училиштето, за што потврдуваат и резултатите од анкетите спроведени меѓу учениците (67 % од учениците се изјаснија дека се информирани), родителите (78 % од родителите се изјаснија дека се информирани) и наставниците (100 % од наставниците се изјаснија дека се информирани) во однос на прашањето - кои активности / резултати ги планира училиштето да ги оствари.<br>● Родителите земаат активно учество во процесот на креирање на училишна политика на училиштето преку нивниот претставник во Училишниот одбор.<br>● Веб-страницата на училиштето успешно функционира со постојано ажурирање во однос на постирање резултати од натпревари и активности во кои се вклучени сите чинители во училиштето, но и преку прикачување на информации, документи и соопштенија поврзани со работата на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>● Развојната цел од досегашната Развојна програма на училиштето: Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето не е реализирана.<br>● Иако на веб-страницата на училиштето се прикачува Годишен извештај за финансиското работење на училиштето, поголем дел од родителите не знаат како се троши буџетот на училиштето. |
| **Приоритети**<br>● Креирање систем за промовирање, пофалување и наградување на наставниците преку изработка на соодветен правилник.<br>● Подобрување на начинот на информирање на родителите во однос на финансиското работење на училиштето. |

**Предлог мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Врз основа на добиените резултати од самоевалуацијата на училиштето, силните и слабите страни и приоритетите, Училишната комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето за периодот 2022-2024 година ги предлага следните мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:

**1.Во однос на траспарентноста во работењето на училиштето се предлага:**

-училиштето да изготви план за поголема и темелна информираност на родителите и учениците за начинот на вклучување во реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието, како и за сите активности кои се спроведуваат во училиштето на ова поле;

-да се унапреди начинот на информирање на родителите во однос на финансиското работење на училиштето.

**2.Во однос на демократското учество на учениците во работата на училиштето се предлага:**

-училиштето да изготви план и стратегија за поттикнување на учениците за поголемо вклучување и учество на Ученичкиот парламент во преземање на поголем број иницијативни и предлози за подобрување на работата на училиштето, истиот план да се реализира во наредните 2 учебни години и да се следи неговата реализација.

**3.Во однос на реализацијата на Развојната програма на училиштето се предлага:**

-да се реализираат развојните цели кои се делумно реализирани според динамиката предвидена за следните 2 години

-да се реализира Развојната цел: Креирање систем за промовирање, пофалување и наградување на наставниците, која сеуште не е реализирана

**4.Во однос на безбедноста на учениците во училиштето и обезбедувањеo на еднакви можности за сите ученици се предлага:**

-Училишниот одбор да преземе активности во соработка со институциите на локалната заедница во најбрз можен рок да се постави громобранска инсталација во училиштето

-Училиштето преку вклучување на Училишниот одбор, Советот на родители и локалната заедница да ги детектира можностите за адаптирање на пристапот до сите простории на спратовите во училиштето за ученици со попреченост и да се направи план за реализација на детектираните можности.

Комисија за спроведување на СЕУ:
1.Андријана Тасевска-психолог
2.Анета Јумбрукова – наставник
3.Горица Стојанова – наставник
4.Маја Саздовска-наставник
5.Марина Миновска - родител